**Народна банка на Република Македонија**

Сектор за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност

Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и методологии

# Извештај
# за банкарскиот систем и банкарската супервизија на Република Македонија во првата половина од 2008 година

Скопје, октомври 2008 година

# СОДРЖИНА


I. БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2008 ГОДИНА .................. 3
1. Структура на банкарскиот систем .................. 3
1.1. Број на банки и штедилници .................. 3
1.2. Концентрација и пазарно учество .................. 3
1.3. Сопственичка структура на банкарскиот систем .................. 5
1.3.1. Акционерска структура на банкарскиот систем според типот на акционерите .................. 5
1.3.2. Учество на странскиот капитал во вкупниот капитал на банкарскиот систем .................. 7
1.4. Банкарска мрежа и број на вработени во банкарскиот систем .................. 9
2. Активност на банките .................. 11
2.1. Степен на финансиско посредување .................. 11
2.2. Биланс на состојба на банките .................. 11
2.3. Кредитна активност на банките - кредити на нефинансиски лица .................. 16
2.4. Портфолио на хартиите од вредност .................. 23
2.5. Депозитна активност на банките .................. 24
2.5.1. Структура на депозитната база (секторска, рочна и валутна) .................. 24
3. Ризици во банкарското работење .................. 26
3.1. Изложеност на кредитен ризик .................. 26
3.1.1. Ниво на ризичност и показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик на ниво на банкарскиот систем .................. 29
3.1.2. Ниво на ризичност и показатели за квалитетот на изложеноста на кредитниот ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“ .................. 33
3.1.3. Ниво на ризичност и показатели за квалитетот на изложеноста на кредитниот ризик кон секторот „население“ .................. 35
3.2. Ликвидносен ризик .................. 37
3.2.1. Показатели за ликвидносниот ризик .................. 37
3.2.2. Рочна структура на активата и пасивата .................. 43
3.3. Валутен ризик .................. 44
3.3.1.Отворена девизна позиција .................. 46
3.4. Ризик од несолвентност .................. 47
3.4.1. Сопствени средства .................. 47
3.4.2. Актива пондерирана според ризиците .................. 49
3.4.3. Адекватност на капиталот .................. 50
3.5. Профитабилност .................. 53
3.5.1. Структура на приходите и расходите и показатели за профитабилноста и ефикасноста во работењето .................. 54
3.5.2. Движење на каматните стапки и каматниот распон .................. 60
II. БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА ВО 2008 ГОДИНА .................. 63
1. Регулативна рамка на банкарската супервизија .................. 63
1.1. Одлука за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар .................. 63
1.2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот .................. 64
1.3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за условите и начинот на работење на штедилниците .................. 64
1.4. Упатство за спроведување на Одлуката за лимити на изложеност .................. 64
2. Активности на банкарската супервизија .................. 65
2.1. Лиценцирање - издавање дозволи и согласности на банките и штедилниците .................. 65
2.2. Супервизија на работењето на банките и штедилниците .................. 65
2.3. Преземени корективни мерки кон банките и штедилниците .................. 66
2.4. Останати активности .................. 66

# АНЕКСИ


| | |
|---|---|
| Биланс на состојба | Анекс бр.1 |
| Биланс на успех | Анекс бр.2 |
| Структура на кредитите на нефинансиските субјекти | Анекс бр.3 |
| Структура на портфолиото на хартии од вредност | Анекс бр.4 |
| Структура на депозитите на банките | Анекс бр.5 |
| Структура и промена на изложеноста на кредитен ризик, по одделни категории на ризик | Анекс бр.6 |
| Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик | Анекс бр.7 |
| Структурни карактеристики на изложеноста на кредитен ризик по одделни групи банки | Анекс бр.8 |
| Структура според категориите на ризик на изложеноста кон одделни дејности (за правни лица) или намената (за физички лица и трговци поединци) | Анекс бр.9 |
| Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик кон трговци-поединци, физички лица кои не се сметаат за трговци и физички лица кои вршат трговска дејност од мал обем | Анекс бр.10 |
| Транзициска матрица за комитентите | Анекс бр.11 |
| Договорна рочна структура на активата и пасивата | Анекс бр.12 |
| Очекувана рочна структура на активата и пасивата | Анекс бр.13 |
| Структура на активата и пасивата со девизна компонента на ниво на банкарскиот систем | Анекс бр.14 |
| Сопствени средства за 30.06.2008 година | Анекс бр.15 |
| Стапка на адекватност на капиталот за 30.06.2008 година | Анекс бр.16 |
| Показатели за капиталната позиција на банкарскиот систем и по групи банки за 30.06.2008 година | Анекс бр.17 |
| Преглед на банки по групи банки | Анекс бр.18 |
| Преземени корективни мерки кон банките и штедилниците во текот на првата половина од 2008 година | Анекс бр.19 |

# I. БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2008 ГОДИНА[1]

## 1. Структура на банкарскиот систем

### 1.1. Број на банки и штедилници

**На 30.06.2008 година, банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваа осумнаесет банки и единаесет штедилници.** Во споредба со крајот на 2007 година бројот на банките е непроменет, додека бројот на штедилниците се намали за една штедилница[2].

**Банките ја задржаа доминантната улога во банкарскиот систем на Република Македонија.** На 30.06.2008 година, учеството на штедилниците во вкупната актива на банкарскиот систем и во вкупните бруто-кредити на нефинансиските лица изнесуваше 1,4% и 2%, соодветно, што во споредба со крајот на 2007 година претставува незначителен пораст за 0,1 процентен поен. Учеството на штедилниците во вкупните депозити на населението остана непроменето и изнесуваше 0,7%.

Со оглед на незначителната улога на штедилниците во вкупните активности на банкарскиот систем, натамошните анализи во овој Извештај се фокусираат исклучиво на работењето на банките. Притоа, заради посеопфатна слика, анализата на работењето на сите банки се надополнува и со анализа по одделни групи банки, според големината на нивната актива. Задржани се досегашните критериуми за групирање на банките, односно, како големи банки се сметаат банките чијашто актива надминува 15 милијарди денари, групата средни банки ги опфаќа банките со актива меѓу 4,5 и 15 милијарди денари, додека банките чијашто актива е помала од 4,5 милијарди денари ја сочинуваат групата мали банки.

### 1.2. Концентрација и пазарно учество

**Релативно високото ниво на концентрација, и покрај намалувањето во однос на крајот на 2007 година, останува една од основните карактеристики во банкарскиот систем на Република Македонија.**

**Според Херфиндал-индексот[3], нивото на концентрација за сите анализирани домени од работењето на банките, со исклучок на депозитите на населението, бележи намалување во однос на крајот на 2007 година. И покрај тоа, нивото на концентрација е сè уште релативно високо, особено во доменот на работењето со населението, каде што овој показател е над нивото коешто, генерално, се смета за прифатливо.** На 30.06.2008 година, нивото на Херфиндал-индексот за вкупната актива, е во рамки на општото прифатливо ниво на концентрација и изнесува 1.604, што е намалување за 21 индексен поен во споредба со 31.12.2007 година. Во доменот на работењето со населението, овој показател е над општото прифатливо ниво на концентрација и на 30.06.2008 година изнесува 2.118 за депозитите и 1.947 за кредитите на овој сектор. Притоа, депозитите на населението се единствен сегмент од работењето на банките каде што е присутен пораст на нивото на концентрацијата во однос на крајот на 2007 година и воедно,

---

[1] Во Полугодишниот извештај се прикажани податоци онака како што се добиени од страна на банките и податоци пресметани од страна на Народната банка на Република Македонија (НБРМ).

[2] На барање на сопствениците на „Граѓанска штедилница“ ДОО Скопје, гувернерот на НБРМ донесе решение за одземање на дозволата за основање и работа на штедилницата и за отворање ликвидациска постапка.

[3] Херфиндал-индексот се пресметува според формулата $HI = \sum_{j=1}^{n} (S)_j^2$, каде што $S$ е учеството на секоја банка во вкупниот износ на категоријата којашто се анализира (на пример: вкупна актива, вкупни депозити итн.), а $n$ е вкупниот број на банки во системот. Кога индексот се движи во интервал од 1.000 единици до 1.800 единици, нивото на концентрација во банкарскиот систем, генерално, се смета за прифатливо.

сегмент со највисоко ниво на концентрација. Во доменот на кредитната активност кон населението, и покрај релативно високото ниво на Херфиндал-индексот, продолжи трендот на намалување на концентрацијата, започнат на крајот на 2007 година. Сепак, анализата по одделни банки сè уште упатува на мошне високо ниво на концентрација на кредитите на населението кај една банка, од 36,1%. За споредба, учеството на следните две банки во вкупната кредитна активност кон населението изнесува 17,5% и 11%. Херфиндал-индексот во доменот на работењето со правните лица е во рамки на општото прифатливо ниво на концентрација и на 30.06.2008 година изнесува 1.776 за кредитите и 1.695 за депозитите на овој сектор.

**Табела бр. 1**
**Степен на концентрација во банкарскиот систем на Република Македонија**

| Опис | Херфиндал индекс | | | | Показател ЦР5 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
| **Вкупна актива** | 1.595 | 1.573 | 1.625 | 1.604 | 74,7% | 74,4% | 76,6% | 76,0% |
| **Кредити на население** | 1.932 | 2.020 | 2.001 | 1.947 | 78,5% | 80,1% | 80,0% | 80,4% |
| **Кредити на нефинансиски правни лица** | 1.719 | 1.756 | 1.819 | 1.776 | 78,3% | 78,3% | 79,1% | 77,9% |
| **Депозити на население** | 2.172 | 2.069 | 2.084 | 2.118 | 82,5% | 82,3% | 83,9% | 84,7% |
| **Депозити на нефинансиски правни лица** | 1.789 | 1.787 | 1.780 | 1.695 | 80,9% | 80,3% | 81,7% | 81,0% |

**Анализата на показателот ЦР5[4] упатува на речиси идентични заклучоци за релативно високиот степен на концентрација во банкарскиот систем.** На 30.06.2008 година, највисока концентрација од 84,7% постои кај депозитите на населението. Воедно, движењата на овој показател упатуваат на зголемување на концентрацијата во доменот на работењето со населението. Наспроти тоа, се забележува намалување на концентрацијата од аспект на вкупната актива, кредитите и депозитите на претпријатијата.

**Релативно високото ниво на концентрација во банкарскиот систем се потврдува и при споредбената анализа со банкарските системи на одредени земји од опкружувањето.** Нивото на концентрација во сите анализирани земји, освен во Црна Гора, изразено преку висината на Херфиндал-индексот и показателот ЦР5 за активата на банките, беше на пониско ниво во однос на банкарскиот систем на Република Македонија.

**Табела бр. 2**
**Степен на концентрација во банкарскиот систем на Република Македонија и одредени земји од опкружувањето[5]**

| Земја | Херфиндал индекс за вкупната актива | ЦР5 показател | Број на банки на 100.000 жители | Актива по поединечна банка (во милиони Евра) |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија (2006) | 1.595 | 74,7 | 0,9 | 149,8 |
| Република Македонија (2007) | 1.625 | 76,6 | 0,9 | 203,0 |
| Република Македонија (Јуни-2008) | 1.604 | 76,0 | 0,9 | 218,9 |
| Бугарија | 835 | 57,6 | 0,4 | 1.159,1 |
| Романија | 1.040 | 56,3 | 0,2 | 1.653,0 |
| Албанија | 1.500 | н.п. | 0,5 | 413,4 |
| Србија | 621 | 46,2 | 0,5 | 614,1 |
| Хрватска | 1.294 | 71,9 | 0,7 | 1.456,2 |
| Босна и Херцеговина | н.п. | 56,7 | 0,8 | 210,3 |
| Црна Гора | 1.916 | 84,3 | 1,7 | 309,8 |

[4] Показателот ЦР5 го претставува учеството на активата (односно категоријата којашто се анализира, на пр. кредити на претпријатија, депозити на претпријатија итн.) на петте кредитни институции со најголема актива (односно категоријата којашто се анализира) во вкупната актива (односно категоријата којашто се анализира) на банкарскиот систем. Во случајот на Република Македонија, станува збор за банки.

[5] Извор: Интернет-страниците на централните банки на соодветните земји. Извор на податоците за бројот на жители е статистичката база на Светскиот економски преглед на ММФ (IMF World economic outlook). Податоците за сите земји се за 30.06.2008 година.

**И покрај трендот на пазарно окрупнување, присутен во изминатите неколку години, во банкарскиот систем на Република Македонија сè уште постои простор за понатамошно окрупнување и зголемување на активностите.** Споредбата со банкарските системи на неколку земји од поширокото опкружување упатува на речиси најголем број на банки, во споредба со бројот на жителите во Република Македонија. Единствено во банкарскиот систем на Црна Гора се забележува повисоко ниво на овој показател. Од друга страна, во Република Македонија се забележува речиси најниско ниво на просечната актива по една банка. Пониско ниво на просечна актива е присутно единствено во банкарскиот систем на Босна и Херцеговина. Натамошното засилување на процесот на окрупнување и преструктурирање на банкарскиот систем на Република Македонија (пред сè сегментот на средни и мали банки) би требало да делува во правец на дополнително зголемување на улогата на банките како финансиски посредници, како и подобрување на асортиманот, квалитетот и понудата на нивните финансиски услуги.

**Табела бр. 3**
**Пазарно учество на одделните групи банки**

| Групи банки | Број на банки | | Учество во вкупната актива | | Учество во вкупните активности | | Учество во вкупните бруто кредити | | Учество во вкупните депозити на нефинансиски лица | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
| Големи банки | 3 | 3 | 67,1% | 66,7% | 69,0% | 68,2% | 70,3% | 68,3% | 72,2% | 71,9% |
| Средни банки | 8 | 8 | 27,5% | 28,1% | 26,0% | 27,3% | 27,3% | 29,5% | 25,2% | 25,4% |
| Мали банки | 7 | 7 | 5,4% | 5,1% | 5,0% | 4,6% | 2,4% | 2,3% | 2,6% | 2,7% |
| **Вкупно** | **18** | **18** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |

**Во однос на 31.12.2007 година нема поместувања во составот на одделните групи банки, ниту позначителни поместувања во поглед на пазарното учество на групите банки.** Групата големи банки и понатаму има доминантна позиција во сите сегменти на банкарскиот пазар во Република Македонија. Групата средни банки продолжи да го зајакнува своето пазарно учество во сите сегменти, особено во доменот на кредитната активност. Наспроти тоа, забележително е натамошното маргинализирање на улогата на групата мали банки, според сите анализирани сегменти на банкарското работење. Сепак се очекува извршеното преземање на неколку постоечки мали банки од страна на странски финансиски институции[6] да влијае во правец на зголемување на нивната улога во извршувањето на финансиското посредување во Република Македонија.

## 1.3. Сопственичка структура на банкарскиот систем

### 1.3.1. Акционерска структура на банкарскиот систем според типот на акционерите

**Во текот на првата половина на 2008 година не се случија значителни промени во сопственичката структура на банкарскиот систем на Република Македонија. Финансиските институции[7] ја задржаа доминантната позиција** и на 30.06.2008 година, учествуваа со 62,6% во сопственичката структура на обичните акции издадени од банките, што во споредба со крајот на 2007 година претставува зголемување за 2,2 процентни поени. Овој пораст е резултат на преземањето на една постоечка мала банка од страна на странска финансиска институција извршено во текот на првата половина

[6] Во текот на втората половина од 2007 година „Комерцијално инвестициона банка“ АД Куманово беше преземена од „Мајлстоун“ exф. Рејкјавик, по што следеше нејзино преименување во „Статер банка“ АД Куманово, „Интернационална приватна банка“ АД Скопје беше преземена од „Алфа фајненс холдинг“ Софија, по што следеше нејзино преименување во „Капитал банка“ АД Скопје, а во првата половина од 2008 година „Силекс банка“ АД Скопје беше преземена од „Централна кооперативна банка“ АД Софија.

[7] Како финансиски институции се сметаат: домашните и странските банки, домашните и странските брокерски куќи, инвестициските фондови, пензиските фондови, друштвата за управување со пензиските фондови, друштвата за управување со инвестициските фондови, друштвата за осигурување, како и меѓународните финансиски институции (EBRD, IFC и сл.) коишто се јавуваат како сопственици на акции издадени од банките во Република Македонија.

од 2008 година. За сметка на овој пораст се забележува намалувањето на учеството на нефинансиските правни лица за 2,1 процентни поени. Во сопственичката структура на приоритетните акции издадени од банките во Република Македонија, физичките лица ја задржаа доминантната позиција, со учество од 54,7%.

**Табела бр. 4**
**Сопственичка структура на банкарскиот систем според типови акционери**

| Реден број | Тип на акционери | Учество во обични акции | | | Учество во приоритетни акции | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 31.12.2006 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2006 | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
| 1 | Физички лица | 11,7% | 10,5% | 10,3% | 52,9% | 51,4% | 54,7% |
| 2 | Нефинансиски правни лица | 36,7% | 22,0% | 19,9% | 14,9% | 12,8% | 8,2% |
| 3 | Финансиски институции | 44,0% | 60,4% | 62,6% | 31,0% | 35,1% | 36,4% |
| 4 | Јавен сектор, јавни претпријатија, јавни институции и установи | 7,0% | 6,7% | 6,6% | 0,1% | 0,1% | 0,1% |
| 5 | Недефиниран статус | 0,6% | 0,4% | 0,6% | 1,1% | 0,6% | 0,6% |
| **Вкупно (1+2+3+4+5)** | | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |
| ***Вкупно приватен капитал (1+2+3+5)*** | | ***93,0%*** | ***93,3%*** | ***93,4%*** | ***99,9%*** | ***99,9%*** | ***99,9%*** |

Забелешка: со терминот „недефиниран статус“, меѓу другото се опфатени акционери чија стечајна или ликвидациска постапка е завршена, или акционери кои не можат да бидат идентификувани од банките.

**Релативно непроменетата сопственичка структура на банкарскиот систем заклучно со 30.06.2008 година, соодветствува и со општото намалување на заинтересираноста, пред сè на странските институционални инвеститори, но и физичките лица за тргување со акциите на банките со кои се тргува на Македонската берза[8].** Намалениот интерес се огледа преку намалениот промет на акциите на банките, којшто во првата половина од 2008 година е далеку под нивото карактеристично за претходната година, особено за првата половина од 2007 година.

**Графикон бр. 1**
**Пазарна капитализација и показател за обрт (turnover ratio) за банките со чии акции се тргува на берзата**




**Намалениот интерес на инвеститорите за тргување со акциите на банките предизвика намалување и на нивната пазарна капитализација.** Како продолжување на трендот започнат во последниот квартал на 2007 година, беше забележлива надолната корекција на ценовните нивоа на акциите на банките со кои се тргува на Македонската берза. На крајот на првата половина на 2008 година, пазарната капитализација на банките, во однос на крајот на 2007 година, се намали за 15.995 милиони денари, или за 30,7%. Ваквите движења беа под влијание на кризата и ценовните корекции коишто ги зафатија финансиските пазари во светот. Сепак, релативно

[8] На официјалниот пазар на „Македонската берза“ АД Скопје котираат акциите на „Инвестбанка“ АД Скопје, „Статер банка“ АД Куманово, „Комерцијална банка“ АД Скопје, „Охридска банка“ АД Охрид, „Стопанска банка“ АД Битола и „ТТК банка“ АД Скопје. Почнувајќи од февруари 2007 година, во согласност со промената на правилата за котација на берзата, две од овие банки („Инвестбанка“ АД Скопје и „Комерцијална банка“ АД Скопје) беа котирани на новоформираниот посебен пазарен сегмент наречен „суперкотација“. На неофицијалниот пазар, во пазарниот сегмент на јавно поседуваните друштва се тргува со акциите издадени од „НЛБ Тутунска банка“ АД Скопје, „Силекс банка“ АД Скопје, „Стопанска банка“ АД Скопје, и „УНИ банка“ АД Скопје (почнувајќи од март 2007 година).

поизразен ефект имаше т.н. „пукање на балонот“ коешто ги зафати сите берзи во регионот. Во овој период берзите во регионот, вклучително и Македонската берза беа под влијание на намалениот интерес, па и отсуството на поголемите институционални инвеститори (главно, регионални инвестициски фондови). Оваа промена на однесувањето најмногу произлегуваше од фактот што најголемиот дел од вложувањата на овие инвестициски фондови е концентриран на берзите во регионот. Во услови на надолни ценовни движења на овие берзи, вклучително и на нивните домашни пазари на капитал, отворените фондови беа и сè уште се под ликвидносен притисок од уделничарите (вложувачите) кои бараат исплата на вложените средства. Воедно, затворените и приватните инвестициски фондови, во услови на глобални финансиски турбуленции, се склони кон промена на очекувањата и воздржување од натамошни вложувања на пазарите на капитал. Отсуството на сите овие инвеститори предизвика значителни надолни ценовни корекции, коишто особено дојдоа до израз во услови на релативно плитки и неликвидни пазари, како што е и пазарот на капитал во Република Македонија. Дополнителен фактор што имаше влијание врз ценовните корекции на акциите беа и политичките случувања во регионот во овој период.

**Сепак, се очекува во иднина, движењата на пазарите на капитал во регионот, вклучително и Република Македонија и појавата на наредниот „биков“ пазар да се темелат на поинакви основи.** Притоа, свое влијание ќе имаат созревањето на пазарот и инвеститорите, појавата на новите институционални инвеститори, како и подобрувањето на транспарентноста на страната на понудата на пазарот на капитал. Во такви услови, во логиката на движењата на пазарот на капитал неизбежно ќе бидат вградени реалните економски остварувања на пазарните учесници. Во таа смисла, постојаното подобрување на остварувањата на банкарскиот систем во Република Македонија, присутно во изминатиот период, би требало да влијае во правец на повторно заживување на тргувањето со акциите на банките и пораст на нивната пазарна капитализација. Ова особено се однесува на банките чиешто натамошно работење ќе се заснова на изграден процес на стратегиско планирање, проследено со одржлив раст на активностите и соодветни системи за управување со ризиците. Од друга страна, сите овие процеси, во одреден степен, ќе зависат и од подготвеноста и волјата на банките да го користат пазарот на капитал како алтернативен канал за пристап до дополнителни извори на финансирање на своите активности.

### 1.3.2. Учество на странскиот капитал во вкупниот капитал на банкарскиот систем

**Во текот на првата половина од 2008 година учеството на странскиот капитал во сопственичката структура на банкарскиот систем на Република Македонија, продолжи да се зголемува, но со побавна динамика, во споредба со 2007 година.** На 30.06.2008 година, странскиот капитал учествуваше со 71,3% во вкупниот акционерски капитал на банките, што е за 2,2 процентни поени повеќе во споредба со крајот на 2007 година. Воедно, во

**Графикон бр. 2**
**Релативно значење на странските акционери и на банките во доминантна сопственост на странски акционери во банкарскиот систем на Република Македонија**



текот на прва половина од 2008 година, бројот на банки коишто се во доминантна сопственост на странски акционери се зголеми од единаесет на тринаесет[9]. Притоа, девет банки беа во доминантна сопственост на странски финансиски групации. Како резултат на овие движења, учеството на банките во доминантна сопственост на странски акционери во вкупната актива и во вкупниот капитал на банкарскиот систем, забележа полугодишен пораст од 3,9 и 5,9 процентни поени и на 30.06.2008 година изнесуваше 89,8% и 79,2%, соодветно. Преземањето на две средни банки од страна на стратегиски странски акционери[10], во текот на втората половина од 2008 година, се очекува да придонесе во правец на натамошно зголемување на учеството на странските акционери во сопственичката структура на македонскиот банкарски систем.

**Најголем дел од активата на банкарскиот систем е концентрирана кај банките чиишто доминантни сопственици потекнуваат од земјите на Европската унија.** Наспроти тоа, на 30.06.2008 година, на банките коишто се во доминантна сопственост на акционери од Република Македонија, им припаѓаа само 10,3% од вкупната актива на банките, што е намалување за 3,8 процентни поени, во споредба со крајот на 2007 година.

**Графикон бр. 3**
**Структура на активата според земјата на потекло на доминантните сопственици на банките**




**Во текот на првата половина од 2008 година, раст на учеството на странскиот капитал се забележува единствено кај групата мали банки.** Тоа се должи на преземањето на една мала банка од страна на странски акционер. Како и во претходните

**Графикон бр. 4**
**Динамика на учеството на странските акционери во капиталот на одделни групи банки**




[9] Покрај преземањето на „Силекс банка“ АД Скопје од страна на „Централна кооперативна банка“ АД Софија во февруари 2008 година, во текот на првата половина од 2008 година и „Извозна и кредитна банка“ АД Скопје премина во доминантна сопственост на странски акционери. Притоа, во сопственичката структура на оваа банка, заклучно со 30.06.2008 година, постоеше дисперзираност на странските акционери, односно не постоеше стратегиски странски акционер (или доминантен странски акционер). Нејзиното преземање од страна на стратегиски странски акционер се случи во втората половина од 2008 година.

[10] Во јули 2008 година, гувернерот на НБРМ донесе Решение со кое е издадена претходна согласност на „Штаерска банка и штедилница“ АД (Steiermärkische Bank und Sparkassen AG) од Грац, Република Австрија, за стекнување 100% од вкупниот број на акции на „Инвестбанка“ АД Скопје. Воедно, во август 2008 година е донесено Решение со кое е издадена претходна согласност на „Демир-Халк банка“ АД Ротердам за стекнување над 50% од вкупниот број на акциите на „Извозна и кредитна банка“ АД Скопје.

периоди, највисоко учество на странскиот капитал во сопственичката структура постои кај групата големи банки. Зголеменото присуство на странскиот капитал во банките, би требало да влијае во правец на натамошен пораст на активностите на банките и зголемување на нивната улога на финансиски посредници, подобрување и збогатување на понудата на услуги, осовременување на процесите на управување со ризиците, особено во пазарниот сегмент на малите банки.

## 1.4. Банкарска мрежа и број на вработени во банкарскиот систем

**На крајот на првото полугодие од 2008 година, банкарската мрежа на територијата на Република Македонија броеше 366 деловни единици, што претставува зголемување за 33 деловни единици во споредба со крајот на 2007 година.** Проширувањето на банкарската мрежа беше најизразено кај групата средни банки, кај која бројот на деловните единици се зголеми за 23. Анализирано по одделни региони[11] во Република Македонија, бројот на деловни единици забележа најголем полугодишен пораст во скопскиот (16 деловни единици) и во пелагонискиот регион (4 деловни единици).

**Значителната концентрација на банките на територијата на скопскиот регион беше присутна во банкарскиот систем на Република Македонија и во текот на првата половина од 2008 година.** На 30.06.2008 година, банкарската мрежа во скопскиот регион броеше 142 деловни единици, при што секоја од нив нудеше услуги во просек на 4.071 жители од овој регион. Притоа, во скопскиот регион според бројот на деловни единици доминира групата големи банки. Во останатите региони според бројот на деловни единици доминираат средните банки.

**Графикон бр. 5**
**Географска концентрација на банкарската мрежа, по одделни региони во Република Македонија**




**Графикон бр. 6**
**Учества на одделните групи банки во вкупниот број на деловни единици, по региони**




**Анализирано по поединечни општини во Република Македонија, најмал број на жители по деловна единица се забележува во општина Гевгелија (2.299 жители по деловна единица), додека Ново Село е општината со најголем број жители по деловна единица (11.567 жители по деловна единица).** Од општините со седиште во град, најголем број жители по деловна единица е присутен во Куманово (8.144 жители по деловна единица). Во општина Скопје банките имаат, во просек, по една деловна единица на секои 3.570 жители. Наспроти тоа, на територијата на Република Македонија постојат 38 општини (од кои две со седиште во Дојран и Демир Капија) во кои банките немаат свои деловни единици, туку на жителите им се нудат услуги преку

[11] Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ. Бројот на жители по одделни општини и региони е добиен врз основа на спроведениот попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија во 2002 година, книга XII. Притоа, анализата е направена според територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија од 2004 година.

деловните единици лоцирани во околните, поголеми општини. Во општините каде што банките не се присутни со свои деловни единици живеат 17,6% од вкупниот број жители во Република Македонија.

**Вкупниот број вработени во банкарскиот систем во Република Македонија продолжи да расте, а воедно продолжи и позитивниот тренд на квалитативно подобрување на квалификациската структура на вработените.** На 30.06.2008 година, вкупниот број вработени во банките достигна 5.726 лица, што е за 336 лица, (или за 6,2%) повеќе во споредба со крајот на 2007 година. Најголем дел од вработените во банкарскиот систем отпаѓа на групата големи банки. Меѓутоа, во текот на изминатите години, е присутен тренд на постепено намалување на структурното учество на бројот на вработени во групата големи банки, за сметка на зголемување на учеството на вработените во групата средни банки. Овој процес е одраз на постојаното зголемување на улогата на групата средни банки во вршењето на финансиското посредување. Воедно, кај групата средни банки, е забележан најголем полугодишен пораст на бројот на вработените, од 10,4%.

**Графикон бр. 7**
**Структура на вработените во банкарскиот систем, по одделни групи банки**




**Графикон бр. 8**
**Квалификациска структура на вработените во банките**




**Графикон бр. 9**
**Квалификациска структура на вработените, по одделни групи банки**




Порастот на бројот на вработени во банките беше проследен со подобрување на нивната квалификациската структура. Имено, присутен е тренд на постепено зголемување на учеството на вработените со високо образование (доктори на науки, магистри и вработени со ВСС), за сметка на намалувањето на учеството на вработените со понизок степен на образование (вработени со ВШС, ССС и останати). Од аспект на поодделните групи банки, најповолна квалификациска структура на вработените има групата средни банки, каде што вработените со повисок степен на образование (доктори на науки, магистри и вработени со ВСС) претставуваат речиси 60% од вкупниот број на вработени кај оваа група банки. Присутниот тренд на квалитативно поместување во образовната структура на вработените би требало да придонесе за натамошно подобрување на севкупното работење на банките.

## 2. Активност на банките

### 2.1. Степен на финансиско посредување

**Во првото полугодие од 2008 година, продолжи да јакне улогата на банкарскиот систем како финансиски посредник. Годишната стапка на раст на активата на банките е за 1,5 пати повисока во однос на годишната стапка на пораст на бруто домашниот производ[12].** На крајот на првото полугодие од 2008 година, нивото на финансиско посредување во банкарскиот систем, мерено како сооднос на вкупната актива, бруто-кредитите и вкупните депозити и БДП, достигна 70,3%, 43,5% и 51,5%, соодветно[13]. Во споредба со крајот на првото полугодие од 2007 година, овие показатели за финансиско посредување забележаа зголемување за 6,3, 9,7 и 4,8 процентни поени, соодветно. Како и во претходно анализираните периоди, така и на крајот на првото полугодие од 2008 година, најголем придонес во финансиското посредување имаше групата големи банки, што е логична последица на нејзиното доминантно учество на банкарскиот пазар во Република Македонија. На крајот на јуни 2008 година, степенот на финансиско посредување на групата големи банки, како сооднос на вкупната актива, бруто-кредитите и вкупните депозити и БДП изнесуваше 46,9%, 29,7% и 37,1%, соодветно.

**Графикон бр. 10**
**Степен на финансиско посредување**




**И покрај постојаната позитивна динамика, споредбата со некои земји од поширокиот регион[14] упатува на фактот дека постои значителен простор за зголемување на степенот на финансиското посредување во Република Македонија.** Во групата од единаесет анализирани земји од поширокиот регион, банкарскиот систем на Република Македонија се карактеризира со релативно пониско ниво на финансиско посредување, мерено според учеството на активата во БДП. Притоа, важно прашање е брзината на приближување до другите земји, односно да се има брзина којашто не го загрозува квалитетот на пораст на финансиското посредување.

**Графикон бр.11**
**Степен на финансиско посредување**
**(Актива/БДП)**




### 2.2. Биланс на состојба на банките

**Вкупната актива на банките продолжи да расте и на 30.06.2008 година достигна ниво од 241.088 милиони денари. Притоа, вкупните активности на банките во ова**

---

[12] Податоците за БДП на крајот на првото полугодие од 2007 и 2008 година се неофицијални проценети податоци од НБРМ.

[13] Показателите за финансиско посредување за крајот на првото полугодие од 2008 година се пресметани со БДП за 2007 година (претходен податок).

[14] Извор: интернет-страниците на централните банки. Податоците за повеќето земји се за јуни 2008 година, освен за Словенија, Бугарија, Унгарија и Романија се за 2007 година.

**полугодие растеа со позабавена динамика, во однос на истиот период минатата година.** Стапката на пораст на активата на банките за првото полугодие од 2008 година изнесува 7,8% и е значително пониска од полугодишната стапка на пораст за истиот период од 2007 година, којашто изнесуваше 14,3%.

**Табела бр. 5**
**Структура на активата и пасивата на банките**

| Биланс на состојба | Износ во милиони денари | | Структура | | Промена 30.06.2008/31.12.2007 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | Апсолутен пораст | Во проценти | Во структурата (во процентни поени) | Учество во порастот |
| Готовина и салда кај НБРМ | 15.335 | 16.279 | 6,9% | 6,8% | 944 | 6,2% | (0,1) | 5,4% |
| Портфолио на хартии од вредност | 35.496 | 30.803 | 15,9% | 12,8% | (4.694) | -13,2% | (3,1) | -26,9% |
| Пласмани кај други домашни и странски банки | 46.842 | 44.054 | 20,9% | 18,3% | (2.789) | -6,0% | (2,7) | -16,0% |
| Кредити на нефинансиски субјекти (нето) | 113.907 | 137.247 | 50,9% | 56,9% | 23.339 | 20,5% | 6,0 | 133,9% |
| Пресметана камата и останата актива | 4.912 | 5.153 | 2,2% | 2,1% | 242 | 4,9% | (0,1) | 1,4% |
| Основни средства | 7.166 | 7.553 | 3,2% | 3,1% | 386 | 5,4% | (0,1) | 2,2% |
| Неиздвоени резервации за потенцијални загуби | -0,9 | 0,0 | 0,0% | 0,0% | 1 | -100,0% | 0,0 | 0,0% |
| **Вкупна актива** | **223.659** | **241.088** | **100,0%** | **100,0%** | **17.429** | **7,8%** | | **100,0%** |
| Депозити од банки | 10.482 | 8.700 | 4,7% | 3,6% | (1.782) | -17,0% | (1,1) | -10,2% |
| Депозити на нефинансиски субјекти | 160.381 | 176.798 | 71,7% | 73,3% | 16.417 | 10,2% | 1,6 | 94,2% |
| Позајмици (краткорочни и долгорочни) | 19.478 | 19.996 | 8,7% | 8,3% | 517 | 2,7% | (0,4) | 3,0% |
| Останата пасива | 6.981 | 7.419 | 3,1% | 3,1% | 438 | 6,3% | (0,0) | 2,5% |
| Резервации за вонбилансни ставки | 872 | 919 | 0,4% | 0,4% | 47 | 5,4% | (0,0) | 0,3% |
| Капитал и резерви | 25.465 | 27.257 | 11,4% | 11,3% | 1.792 | 7,0% | (0,1) | 10,3% |
| **Вкупна пасива** | **223.659** | **241.088** | **100,0%** | **100,0%** | **17.429** | **7,8%** | | **100,0%** |

**Депозитите на нефинансиските лица и во првото полугодие од 2008 година претставуваа најзначаен извор за финансирање на банкарските активности, со што беа главен двигател на растот на активата.** На полугодишно ниво, депозитите забележаа пораст од 16.417 милиони денари, или за 10,2%, што е за 7,6 процентни поени понизок во однос на стапката на пораст за истиот период, минатата година. На годишна основа (јуни 2008 / јуни 2007 година), депозитите се зголемија за 31.752 милиони денари, или за 21,9%. И покрај намалената динамика на пораст, депозитите на нефинансиските лица имаа доминантно место во структурата на пасивата на банките и значајно придонесоа за нејзиниот пораст. Позајмиците се втора позначајна категорија на туѓи извори на средства, коишто на крајот на јуни 2008 година, и покрај порастот од 517 милиони денари, или за 2,7%, имаа намалено учество во вкупната пасива на банките. На полугодишна основа, забележаа незначителен пораст од 517 милиони денари, или за 2,7%, со што условија 3% од порастот на вкупната пасива. Капиталот и резервите забележаа позначен полугодишен пораст од 1.792 милиони денари, или за 7%, што се должи на реинвестирањето на добивката за 2007 година од страна на некои банки во текот на првото полугодие од 2008 година, како и на докапитализацијата на една банка.

**Наспроти забавената динамика на пораст на вкупната актива и депозитите на нефинансиските лица, кредитната активност на банките продолжи да бележи забрзана динамика во текот на првото полугодие од 2008 година.** Така, на полугодишна основа, бруто-кредитите оствариja пораст од 24.350 милиони денари, или за 19,5% (стапката на пораст за истиот период минатата година изнесуваше 17%). На годишна основа (јуни 2008 / јуни 2007), бруто-кредитите забележаа најголем апсолутен пораст досега (44.179 милиони денари), или за 42%. Како резултат на тоа, нето-кредитите на нефинансиските лица, со учеството од 56,9%, ја зацврстија доминантната позиција во структурата на активата на банките и речиси во целост го условија порастот на вкупната актива на банките.

**Паралелно со порастот на кредитите, продолжи позитивниот тренд на преструктурирање на активата,** во правец на пораст на учеството на каматоносната, за сметка на намаленото учество на нискокаматоносната и некаматоносната актива на банките. Како резултат на ваквите движења, на крајот на првото полугодие од 2008

година, учеството на каматоносната актива во вкупната бруто-актива изнесуваше 87,3%, што претставува годишен пораст за 3,3 процентни поени. Ваквото преструктурирање на активата е одраз на зголемената кредитна активност на банките, којашто се финансира не само од зголемениот депозитен потенцијал на банките, туку и од делот од активата со релативно повисок степен на ликвидност - портфолиото на хартии од вредност и пласманите кај странските банки.

**По повеќегодишниот постојан тренд на пораст, портфолиото на хартии од вредност, забележа пад на крајот на првото полугодие од 2008 година.** Така, на полугодишна основа (јуни 2008 / декември 2007 година), портфолиото на хартии од вредност забележа пад од 4.694 милиони денари, или за 13,2%, а на годишна основа (јуни 2008 / јуни 2007 година), намалувањето изнесуваше 2.572 милиони денари, или 7,7%.

**Трендот на намалување на пласманите кај странски банки продолжи и во текот на првото полугодие од 2008 година.** На крајот на јуни 2008 година, пласманите кај странски банки изнесуваа 30.549 милиони денари, или 12,7% од активата на банките. На полугодишна основа се намалија за 5.737 милиони денари, или за 15,8%, што во споредба со истиот период минатата година е со далеку позасилено темпо, кога намалувањето изнесувало 438 милиони денари, или за 1,2%.

**Анализата на валутната структура на активата упатува на доминантно учество на позициите со девизна компонента.** На крајот на првото полугодие од 2008 година, 51,8% од вкупната актива се со девизна компонента (30,9% се девизна, а 20,9% се денарска со девизна клаузула). Динамичката анализа упатува на постојано зголемување на активата номинирана во денари и во денари со девизна клаузула. Ваквите движења во валутната структура на активата во најголема мера се должат на прераспределба на средствата на банките од пласмани кај странски банки во кредити кон нефинансиските лица во земјата. Притоа, позасилена динамика на пораст на кредитирањето во денари со девизна клаузула го објаснува позначителното зголемување на процентуалниот дел од денарската актива со девизна клаузула за сметка на намалувањето на делот на девизна актива.

Графикон бр.12
Валутна структура на активата




**Валутната структура на пасивата упатува на доминантно учество на денарските ставки** со 51,8%, по што следат девизните со 42,3%, додека остатокот од 5,8% се однесува на денарските ставки со девизна клаузула. Постојаното зголемување на депозитите во денари, во најголема мера го објаснува зголемувањето на учеството на денарските ставки во пасивата до крајот на 2007 година. Сепак, забавениот раст на денарските депозити во првото полугодие од 2008 година (дури и нивното извесно намалување во

Графикон бр.13
Валутна структура на пасивата



март и април 2008 година) придонесе за благо намалување на учеството на денарската пасива во вкупната пасива. Од друга страна, во текот на првите шест месеци од 2008 година, е зголемено учеството на денарските депозити со девизна калузула, што се должи на посилниот раст на овие депозити во овој период, главно поради зголемувањето на депозитите на едно правно лице кај неколку банки.

**Во текот на првото полугодие од 2008 година, групата големи банки го задржа доминантното место во вкупната актива, бруто-кредитите и вкупните депозити на нефинансиските лица. Истовремено, забележлив пораст имаше и групата средни банки.** На крајот на јуни 2008 година, учеството на групата големи банки во овие три билансни категории беше над 66%. Истовремено, оваа група банки забележа највисок апсолутен полугодишен пораст на активата, кредитната активност и депозитите, со што беше главен двигател на полугодишниот пораст на овие три основни билансни категории на ниво на банкарскиот систем. Како резултат на ваквите движења, групата големи банки ја зацврсти доминантната позиција во рамки на банкарскиот сектор. Од друга страна, сè позабележлива е зголемената улога на групата средни банки. Оваа група банки значајно придонесе за порастот на вкупната актива, кредитната активност и депозитите на банките во текот на првото полугодие од 2008 година и покрај нивното учество од околу 30% во овие категории.

**Табела бр. 6**
**Пазарно учество и пораст на вкупната актива, кредитите и депозитите по групи банки**

| *КАТЕГОРИИ* | Износ во милиони денари | | Структура | | Полугодишна промена 30.06.08/31.12.07 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | Во апсолутни износи | Во проценти | Во структурата | Учество во порастот |
| **Вкупна актива** | **223.659** | **241.088** | **100,0%** | **100,0%** | **17.429** | **7,8%** | | **100,0%** |
| - Големи банки | 150.122 | 160.886 | 67,1% | 66,7% | 10.764 | 7,2% | -0,4 | 61,8% |
| - Средни банки | 61.571 | 67.803 | 27,5% | 28,1% | 6.232 | 10,1% | 0,6 | 35,8% |
| - Мали банки | 11.966 | 12.399 | 5,3% | 5,1% | 434 | 3,6% | -0,2 | 2,5% |
| **Кредити на нефинансиски лица** | **124.904** | **149.254** | **100,0%** | **100,0%** | **24.350** | **19,5%** | | **100,0%** |
| - Големи банки | 87.774 | 101.897 | 70,3% | 68,3% | 14.123 | 16,1% | -2,0 | 58,0% |
| - Средни банки | 34.083 | 43.979 | 27,3% | 29,5% | 9.897 | 29,0% | 2,2 | 40,6% |
| - Мали банки | 3.048 | 3.378 | 2,4% | 2,3% | 330 | 10,8% | -0,2 | 1,4% |
| **Депозити на нефинансиски лица** | **160.381** | **176.798** | **100,0%** | **100,0%** | **16.417** | **10,2%** | | **100,0%** |
| - Големи банки | 115.798 | 127.091 | 72,2% | 71,9% | 11.293 | 9,8% | -0,3 | 68,8% |
| - Средни банки | 40.438 | 44.885 | 25,2% | 25,4% | 4.447 | 11,0% | 0,2 | 27,1% |
| - Мали банки | 4.145 | 4.822 | 2,6% | 2,7% | 677 | 16,3% | 0,1 | 4,1% |

**Анализата на структурата на активата на ниво на одделните групи банки на крајот на првото полугодие од 2008 година, не упатува на значајни промени во однос на структурата на крајот на 2007 година. Кредитите на нефинансиските лица и понатаму претставуваат доминантна позиција кај групите големи и средни банки, при што нивното учество во вкупната актива кај групата средни банки е највисоко (62%).** Учеството на кредитите во вкупната актива кај групата средни и големи банки, на полугодишна основа забележа пораст од 9,2 и 4,9 процентни поени, соодветно. Ваквиот

**Графикон бр. 14**
**Структура на активата по групи банки на 30.06.2008 година**



тренд е резултат на засилената кредитната активност кај овие две групи банки, особено кај групата средни банки, на што јасно упатуваат годишните стапки на кредитен раст. Наспроти нив, кај групата мали банки, учеството на кредитите во вкупната актива е далеку пониско, за сметка на повисокото учество на пласманите кај други банки и портфолиото на хартии од вредност. Притоа, во текот на првото полугодие од 2008 година, се забележува забавување на надолниот тренд на кредитната активност (негативните стапки на промена на кредитите) кај оваа група банки. Имено, годишното намалување на кредитната активност кај групата мали банки на крајот од 2007 година изнесувало 917 милиони денари или 23,1%, додека на крајот на првата половина од 2008 година се сведува на 837 милиони денари и е пониско за 19,9%.




**На крајот на првото полугодие од 2008 година, структурата на пасивата не бележи значајни промени во однос на структурата на крајот на 2007 година. Најголемиот дел од активностите на големите и средните банки се финансираат со депозитите на нефинансиските лица. Наспроти нив, кај групата мали банки тој дел е далеку помал,** за сметка на повисокото учество на капиталот и резервите во вкупните извори на средства на оваа група банки. Истовремено, во текот на првото полугодие од 2008 година, се забележува забавување на растот на депозитите кај групите големи и средни банки, што е причина за минималното зголемување на нивното структурно учество во однос на крајот на 2007 година. Така, зголемувањето изнесува 1,9 и 0,5 процентни поени, соодветно, кај групата големи и средни банки. Од друга страна, кај групата мали банки се забележува намалување на негативните стапки на промена на депозитите, што предизвика зголемување на нивното учество во пасивата кај оваа група банки од 34,6% (крај на 2007 година) на 38,9% (крај на јуни, 2008 година).



## 2.3. Кредитна активност на банките - кредити на нефинансиски лица

**Силната динамика на кредитната активност на банките присутна во изминатиот период, продолжи и во текот на првото полугодие од 2008 година.** На 30.06.2008 година, бруто-кредитите на нефинансиските субјекти изнесуваа 149.254 милиони денари и во споредба со крајот на 2007 година, забележаа раст од 24.350 милиони денари, односно за 19,5%. Изразениот растеж на кредитирањето се потврдува и преку постојаното зголемување на износот на новоодобрените кредити на нефинансиските субјекти[15]. Така, во првите шест месеци од 2008 година, вкупниот износ на новоодобрени кредити на нефинансиските субјекти изнесуваше 74.977 милиони денари и во споредба со првата половина на 2007 година, забележа зголемување за 26.795 милиони денари, односно за 55,6%.

**Графикон бр. 17**
**Движење на новоодобрените кредити и бруто-кредитите на нефинансиски субјекти**




**Силниот раст на кредитната активност на банките, особено кон населението, во услови на глобално зголемување на цените на енергентите и храната, влијаеше во насока на зголемување на макроекономските ризици во домашната економија**, претставени преку зголемена стапка на инфлација и раст на трговскиот дефицит. Во насока на нивно ублажување и одржување на монетарната и финансиката стабилност, во првата половина на 2008 година, НБРМ направи одредени промени во поставеноста на инструментите на монетарната политика и презеде одредени мерки од макропрудентен карактер. Така, почнувајќи од февруари 2008 година, уследи неколкукратно зголемување на каматната стапка на благајничките записи, а во март 2008 година, следеше и заострување на третманот на побарувањата врз основа на кредитни картички и негативни салда на тековни сметки при пресметката на коефициентот на адекватност на капиталот на банките. Исто така, на крајот на јуни 2008 година беше донесена дополнителна мерка за обесхрабрување на кредитниот раст спрема населението, преку запишување задолжителен депозит кај НБРМ, од страна на банките и штедилниците доколку, на крајот на одреден месец, стапката на раст на кредитите на населението ја надмине стапката на раст определена од страна на НБРМ во однос на 31.05.2008 година.

Овие мерки првенствено беа насочени кон забавување на кредитниот растеж кон секторот „население", што се очекува да се случи во втората половина на 2008 година. На тоа упатуваат промените во очекувањата на банките за условите на кредирањето. Според Анкетата за кредитната активност на банките направена во вториот квартал од 2008 година, банките за третиот квартал на 2008 година очекуваат заострување на условите за одобрување на потрошувачките кредити на населението, а не очекуваат поголеми промени во условите за одобрување станбени кредити и во условите за кредитирање на претпријатијата. Покрај тоа, во вториот квартал од 2008 година, банките не ги променија условите за одобрување потрошувачки кредити, за разлика од претходните квартали кога, според нивното изјаснување, постојано вршеле релаксација на условите за одобрување на овој вид кредити.

[15] Извор: Извештаите на банките за новоодобрени и пролонгирани кредити во текот на одреден месец.

## Табела бр. 7
## Очекувања на банките и остварени промени на условите за кредитирање

| Период | Очекувања на банките за условите на кредитирање | | Остварени промени во условите за кредитирање | |
|---|---|---|---|---|
| | Претпријатија | Население | Претпријатија | Население |
| **Четврт квартал на 2007 година** | повеќе од половината од банките не очекуваат релаксирање на условите | генерално, банките не очекуваат промена на условите | повеќето банки очекуваат делумно релаксирање на условите | повеќето банки не ги промиле условите за станбени кредити и делумно ги релаксирале условите за потрошувачки кредити |
| **Прв квартал на 2008 година** | повеќето банки не очекуваат промена на условите | повеќето банки не очекуваат промена на условите | речиси сите банки не ги промениле условите за кредитирање | најголем дел од банките не ги промениле условите за станбени кредити и делумно ги релаксирале условите за потрошувачки кредити |
| **Втор квартал на 2008 година** | најголем дел на банките не очекуваат поголеми промени на условите за кредитирање | две третини од банките не очекуваат поголеми промени на условите за станбени кредити, но повеќето банки очекуваат заострување на условите за потрошувачките кредити | речиси сите банки не ги промениле условите за кредитирање | три четвртини од банките делумно ги релаксирале условите за станбени кредити, а две третини од банките не ги промениле условите за потрошувачки кредити |

Извор: Анкетата на НБРМ за кредитната активност на банките

**Во првото полугодие на 2008 година, кредитите на населението продолжија со подинамично темпо на раст во споредба со кредитите на претпријатијата, што овозможи зголемување на нивното релативно учество во секторската структура на бруто-кредитите.** Имено, кредитите на населението забележаа полугодишна стапка на раст од 22,3% (апсолутен пораст од 10.736 милиони денари), наспроти кредитите на претпријатијата чијашто полугодишна стапка на пораст изнесуваше 18,0% (13.642 милиони денари). Со тоа, на 30.06.2008 година учеството на кредитите на населението во вкупните бруто-кредити достигна ниво од 39,5% и во однос на крајот на 2007 година, се зголеми за 0,9 процентни поени. Од друга страна, кредитите на претпријатијата и покрај полугодишното намалување на структурното учество во бруто-кредитите за 0,8 процентни поени, сè уште се доминантна компонента во секторската структура, зафаќајќи 60,0% од вкупните бруто-кредити на нефинансиските субјекти.

**Графикон бр. 18**
**Секторска структура на бруто-кредитите на нефинансиски субјекти и полугодишни стапки на пораст**




**Во структурата на кредитите на претпријатијата и другите клиенти според дејности, доминантно учество имаат кредитите одобрени на дејностите „индустрија“ и „трговија на големо и мало“.** На 30.06.2008 година, 70,0% од вкупните кредити на претпријатијата и останатите клиенти се концентрирани кај овие две дејности. Воедно, кредитите

**Графикон бр. 19**
**Структура на кредитите на претпријатијата и другите клиенти според дејностите на кои припаѓаат**



кон дејностите „индустрија“ и „трговија на големо и мало“ забележаа највисок апсолутен раст во првото полугодие од 2008 година, во износ од 7.178 милиони денари и 7.355 милиони денари, соодветно. На овој начин, овие две дејности создадоа околу 62% од вкупниот полугодишен пораст на кредитите на претпријатијата и останатите клиенти.

**Во првото полугодие на 2008 година, структурата на кредитите на населението според видот на кредитниот производ, не претрпе позначајни измени во споредба со крајот на 2007 година.** На 30.06.2008 година, потрошувачките кредити останаа доминантна компонента во структурата на кредитите на населението според видот на кредитниот производ, со учество од 38,1%. Најсилен полугодишен пораст од 32,2% забележаа автомобилските кредити, што овозможи нивното структурно учество да забележи полугодишно зголемување за 1,1 процентен поен. Во првото полугодие на 2008 година, кредитите врз основа на кредитни картички, иако со намален интензитет, продолжија со трендот на пораст, бележејќи полугодишна стапка на раст од 21,5%. Од друга страна, во првата половина на 2008 година, кредитите за станбен и деловен простор и покрај полугодишната стапка на пораст од 18,8%, остварија намалување на учеството во структурата на кредитите на населението за 0,3 процентни поени. Во првото полугодие на 2008 година, највисок придонес од 39,4%, во вкупниот раст на кредитите кон секторот „население“ забележаа потрошувачките кредити, по кои следеа кредитите врз основа на кредитни картички коишто учествуваа со 22,8%.

**Графикон бр. 20**
**Структура на кредитите на населението според одделните кредитни производи**




**Во првото полугодие на 2008 година продолжи трендот на раст на работењето на банките во доменот на платежните картички, што се потврдува со постојаното зголемување на бројот на издадени платежни картички и на бројот и вредноста на склучените трансакции.** На 30.06.2008 година, бројот на издадени платежни картички изнесува 961.028 и во споредба со крајот на 2007 година забележа стапка на раст од 34,1%. Групата големи банки има доминантно учество во вкупниот број издадени платежни картички на 30.06.2008 година, со учество од 68,8%, по којашто следи групата средни банки, чиешто учество изнесува 29,4%. И покрај намалувањето на нивото на концентрација во работењето со картички во однос на крајот од 2007 година, тоа е сè уште на релативно високо ниво. На крајот од првата половина на 2008 година, Херфиндал-индексот за издавањето платежни картички изнесуваше 1.820 поени и во однос на 31.12.2007 година забележа намалување за 180 индексни поени. Истовремено,

**Графикон бр. 21**
**Динамика и пораст на бројот на издадени платежни картички**



показателот ЦР5 забележа полугодишен пад за 3,1 процентен поен и на 30.06.2008 година изнесуваше 88,2%.

**Во Република Македонија платежните картички најчесто се користат за подигање готовина од банкомати, а значително помалку за плаќања во трговијата.** Во првите шест месеци од 2008 година, во просек 68,6% од месечниот број на трансакции со платежни картички беа остварени за подигање готовина од банкомати. Просечната вредност на една трансакција со платежни картички, на месечна основа, се движи во интервал од 3.500 денари до 4.500 денари, при што просечниот износ на трансакција за подигање готовина е за околу двапати поголем од просечниот износ на трансакција со платежни картички во трговијата.

**Графикон бр. 22**
**Структура на остварените трансакции со платежни картички и просечна вредност на една трансакција**




**Растот на бројот на издадени платежни картички е проследен со соодветно зголемување на бројот на уредите (банкомати, ПОС-терминали, импринтери) и трговците кои прифаќаат платежни картички.** На крајот од првото полугодие на 2008 година, вкупниот број трговци кои ги прифаќаат платежните картички изнесува 19.476 и забележа полугодишна стапка на пораст од 36,7%, додека бројот на уредите (банкомати и ПОС-терминали) на кои се користат платежни картички изнесува 27.495 и во однос на 31.12.2007 година се зголеми за 49,3%. Вкупниот број банкомати на банките во Република Македонија изнесуваше 640 на 30.06.2008 година и во споредба со крајот на 2007 година забележа пораст за 111 банкомати, односно за 21,0%. Притоа, половина од порастот на бројот на банкоматите беше создаден од групата големи банки. На крајот од првата половина на 2008 година, најголемо учество во вкупниот број банкомати од 50,0% има групата средни банки, по која следи од групата големи банки чиешто учество изнесува 46,4%, додека групата мали банки има минимално учество од 3,6%.

**Во валутната структура на кредитите на нефинансиските субјекти, кредитите со валутна компонента**[16] **ја задржаа доминантната позиција и покрај забрзувањето на растот на денарските кредити.** На крајот од првото полугодие на 2008 година, кредитите со валутна компонента опфаќаат 54,8% од вкупните бруто-кредити на нефинансиските

**Графикон бр. 23**
**Апсолутен полугодишен пораст на кредитите според валутната структура**




[16] Кредитите со валутна компонента ги опфаќаат девизните кредити и денарските кредити со девизна клаузула.

субјекти. Притоа, кредитите со валутна компонента забележаа полугодишен пораст од 13.485 милиони денари, односно за 19,7%, придонесувајќи со 55,4% во вкупниот пораст на кредитите на нефинансиските субјекти во првите шест месеци на 2008 година. Во рамките на кредитите со валутна компонента, поголемо учество од 57,6% имаат денарските кредити со валутна клаузула, коишто воедно забележаа полугодишен раст од 25,4% и условија 70,8% од вкупниот пораст на кредитите со валутна компонента. Во првата половина на 2008 година, денарските кредити забележаа раст од 10.866 милиони денари, односно 19,2%, што воедно претставува највисок полугодишен пораст на овој вид кредити во изминатиот четиригодишен период. Забрзувањето на растот на денарското кредитирање овозможи нивното релативно учество во вкупните бруто-кредити на нефинансиските субјекти да остане речиси непроменето во споредба со крајот на 2007 година. Со тоа е прекинат трендот на намалување на релативното значење на денарските кредити во валутната структура на кредити, којшто беше карактеристичен за последните три години. Притоа, околу 61% од полугодишниот пораст на денарските кредити произлегува од растот на кредитите одобрени на секторот „население“, при што речиси 86% од овој раст отпаѓа на потрошувачките кредити и на кредитите врз основа на кредитни картички.

**Графикон бр. 24**
**Валутна структура на бруто-кредитите на нефинансиски субјекти**




**Релативното значење на кредитите со валутна компонента и понатаму е поголемо кај кредитите на правните лица (претпријатијата и други клиенти), во споредба со кредитите на населението, каде што денарското кредитирање забележа забрзување на растот.** На 30.06.2008 година, учеството на кредитите со валутна компонента во вкупните кредити на нефинансиските правни лица изнесува 62,3% и во споредба со крајот на 2007 година забележа зголемување за 0,9 процентни поени. Порастот на структурното учество на кредитите со валутна компонента во вкупните кредити на претпријатијата и другите клиенти, во најголем дел се должи на силниот раст на денарските кредити со девизна клаузула, коишто забележаа полугодишна стапка на раст од 40,8%. Притоа, денарските кредити со девизна клаузула создадоа околу 48% од вкупниот раст на кредитите на претпријатијата и другите клиенти. Во првото полугодие на 2008 година, девизните кредити на нефинансиките правни лица забележаа умерена стапка на

**Графикон бр. 25**
**Валутната структура на бруто-кредитите по сектори**



раст од 9,2%, што овозможи нивното учество во вкупните кредити да се намали за 2,7 процентни поени. Од друга страна, денарските кредити зафаќаат 56,7% во валутната структура на кредитите на населението и во однос на 31.12.2007 година, нивното структурно учество забележа зголемување за 0,9 процентни поени. Денарските кредити на населението забележаа полугодишен раст од 24,3%, наспроти кредитите со валутна компонента на населението коишто пораснаа за 19,6%. Како илустрација за подинамичниот раст на денарското кредитирање кај секторот „население“, може да послужи фактот што денарските кредити оформија околу 61% од полугодишниот пораст на вкупните кредити на населението.

**Кредитирањето со валутна компонента има доминантно учество во кредитните пласмани кон одделните дејности на правните лица.** Имено, повеќе од половината од одобрените кредити кај сите анализирани дејности претставуваат кредити со валутна компонента. На 30.06.2008 година, највисока застапеност на кредитите со валутна компонента се забележува кај дејностите „земјоделство, лов и шумарство“ со 67,4%, а најниско кај дејноста „трговијата на големо и мало“ со 56,3%. Притоа, на полугодишна основа, кај сите пет анализирани дејности се забележува зголемување на учеството на кредитите со валутна компонента коешто се движи во интервал од 0,1 до 6,0 процентни поени. Кај останатите дејности и покрај намалувањето, учеството на кредитите со валутна компонента, сè уште е високо. Притоа, 73,0% од кредитите со валутна компонента се пласирани на правни лица од дејностите „хотели и ресторани“ и „активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности“.

**Графикон бр. 26**
**Учество на кредитите со валутна компонента во вкупните кредити кон одделни дејности**




**За разлика од кредитите на претпријатијата, во валутна структура на кредитите на населението се забележува нееднаква застапеност на кредитирањето со валутна компонента според одделните кредитни производи.** Имено, доминантен дел од автомобилските кредити и од кредитите за станбен и деловен простор имаат вградена валутна компонента, додека кај останатите кредитни производи, преовладува денарскотото кредитирање. Притоа, кај кредитите врз основа

**Графикон бр. 27**
**Валутна компонента на кредитите на население според одделните кредитни производи**



на кредитни картички и негативни салда на тековни сметки целосно отсуствува валутната компонента.

**Долгорочните кредитити со учество од 61,0% останаа доминантна компонента во рочната структура на бруто-кредитите, и покрај тоа што краткорочното кредитирање забележа најсилен раст во првата половина од 2008 година.** Краткорочните кредити остварија највисока полугодишна стапка на пораст од 24,1% (8.974 милиони денари), со што го продолжија трендот на зголемување на своето учество во бруто-кредитите. Притоа, полугодишниот раст на краткорочните и долгорочните кредити на населението изнесуваше 25,3% и 20,6%, соодветно. Кај кредитирањето на претпријатијата, подинамичен пораст забележаа краткорочните кредити со полугодишна стапка на пораст од 23,5%, наспроти долгорочните кредити коишто остварија стапка на пораст од 16,5%. Нефункционалните кредити остварија полугодишна стапка на раст од 9,3%, што претставува највисока полугодишна стапка на пораст на нефункционалните кредити во последните две години. Со тоа, на 30.06.2008 година, учеството на нефункционалните кредити во вкупните бруто-кредити се сведе на ниво од 6,9%. Намалувањето на учеството за 0,6 процентни поени, во споредба со крајот на 2007 година, произлегува пред сè од силниот пораст на кредитирањето. Притоа, 71,5% од вкупниот раст на нефункционалните кредити се должи на порастот на нефункционалните кредити кај секторот „население“.

**Графикон бр. 28**
**Рочна структура на бруто-кредитите на нефинансиски субјекти**




**Графикон бр. 29**
**Апсолутен и релативен полугодишен пораст на бруто-кредитите според рочност**




**Табела бр. 8**
**Распределба на кредитите на нефинансиските субјекти по одделни групи банки**

| Структури на кредитите | | 31.12.2007 | | | | 30.06.2008 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Големи банки | Средни банки | Мали банки | Вкупно | Големи банки | Средни банки | Мали банки | Вкупно |
| Секторска структура | Претпријатија | 72,5% | 25,5% | 2,0% | **100,0%** | 70,7% | 27,3% | 2,0% | **100,0%** |
| | Население | 66,8% | 30,4% | 2,8% | **100,0%** | 64,5% | 33,1% | 2,4% | **100,0%** |
| | Други клиенти | 74,9% | 2,4% | 22,7% | **100,0%** | 66,9% | 7,4% | 25,7% | **100,0%** |
| Рочна структура | Краткорочни | 76,8% | 20,7% | 2,5% | **100,0%** | 75,0% | 22,5% | 2,5% | **100,0%** |
| | Долгорочни | 66,3% | 32,0% | 1,7% | **100,0%** | 64,6% | 33,9% | 1,5% | **100,0%** |
| | Достасани | 48,0% | 47,6% | 4,4% | **100,0%** | 43,8% | 52,1% | 4,1% | **100,0%** |
| | Нефункционални | 80,0% | 11,9% | 8,1% | **100,0%** | 74,5% | 17,8% | 7,7% | **100,0%** |
| Валутна структура | Денарски | 70,2% | 25,0% | 4,8% | **100,0%** | 67,8% | 27,8% | 4,4% | **100,0%** |
| | Денарски со валутна клаузула | 64,8% | 34,5% | 0,7% | **100,0%** | 64,6% | 34,7% | 0,7% | **100,0%** |
| | Девизни | 77,1% | 22,7% | 0,2% | **100,0%** | 74,2% | 25,7% | 0,1% | **100,0%** |

**Групата големи банки и понатаму го задржа доминантно учество во распределбата на кредитите по одделни групи банки, иако продолжи зголемувањето на пазарниот удел на групата средни банки.** Имено, во првото полугодие на 2008 година, групата средни банки го зголеми своето учество во сите анализирани структури на кредитите, што пред сè се должи на силниот пораст на кредитна активност на оваа група банки во изминатиот период. Притоа, во секторската структура на кредитите, зголемувањето на релативното учество на групата средни банки беше нешто поизразено кај кредитите на населението (2,7 процентни поени), наспроти кредитите на

претпријатијата (1,8 процентни поени). Во валутната структура, групата средни банки оствари позначајно зголемување на пазарното учество кај девизните кредити (за 2,8 процентни поени) и кај денарските кредити (за 3,0 процентни поени), додека во рочната структура на кредитите, зголемувањето на учеството на групата средни банки беше речиси изедначено кај долгорочните и краткорочните кредити.

**Табела бр. 9**
**Структурни карактеристики на кредитите на нефинансиските субјекти кај одделните групи банки**

| Структури на кредитите | | 31.12.2007 | | | 30.06.2008 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Големи банки | Средни банки | Мали банки | Големи банки | Средни банки | Мали банки |
| Секторска структура | Претпријатија | 62,7% | 56,9% | 49,5% | 62,2% | 55,6% | 53,2% |
| | Население | 36,6% | 43,0% | 44,8% | 37,3% | 44,3% | 41,1% |
| | Други клиенти | 0,7% | 0,1% | 5,7% | 0,5% | 0,1% | 5,7% |
| | **Вкупно** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |
| Рочна структура | Краткорочни | 32,6% | 22,7% | 30,6% | 34,0% | 23,6% | 34,0% |
| | Долгорочни | 58,1% | 72,2% | 42,7% | 57,7% | 70,1% | 40,5% |
| | Достасани | 0,7% | 1,8% | 1,8% | 0,8% | 2,1% | 2,1% |
| | Нефункционални | 8,6% | 3,3% | 24,9% | 7,5% | 4,2% | 23,4% |
| | **Вкупно** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |
| Валутна структура | Денарски | 45,3% | 41,5% | 89,1% | 44,9% | 42,6% | 88,4% |
| | Денарски со валутна клаузула | 27,7% | 38,0% | 8,6% | 29,8% | 37,1% | 10,6% |
| | Девизни | 27,0% | 20,5% | 2,3% | 25,3% | 20,3% | 1,0% |
| | **Вкупно** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |

**Структурните карактеристики на кредитите (сектор, рочност, валута) кај одделните групи банки, покажуваат дека кај сите групи банки сè уште најголемо учество имаат кредитите на претпријатијата и долгорочните кредити.** Од друга страна, силната кредитна активност кон населението, овозможи на полугодишна основа, кредитите на населението да го зголемат учеството во секторската структура на кредитите на групите големи и средни банки за 0,6 и 1,3 проценти поени, соодветно. Во првата половина на 2008 година, во рочната структура на кредитите одобрени од одделните групи банки се забележува зголемување на важноста на краткорочните кредити, којашто беше најизразена кај групата мали банки (3,4 процентни поени). Учеството на нефункционалните кредити бележи полугодишно зголемување од 0,9 процентни поени, единствено кај групата средни банки. Кредитирањето со валутна компонента доминира кај групите големи и средни банки, додека кај групата мали банки најзастепено е денарското кредитирање.

## 2.4. Портфолио на хартии од вредност

**Наспроти досегашниот тренд на пораст, портфолиото на хартии од вредност забележа пад на крајот на првото полугодие од 2008 година.** На полугодишна основа (јуни 2008 / декември 2007 година), портфолиото на хартии од вредност забележа пад од 4.694 милиони денари, или за 13,2%. Ова придонесе да се намали неговото учество во вкупната актива од 15,9% (крај на 2007 година) на 14% (крај на јуни, 2008 година). Падот во најголем дел се должи на постепеното намалување на државните записи за монетарни цели и нивно целосно повлекување од пазарот на државни хартии од вредност заклучно со крајот на првото полугодие од 2008 година. Портфолиото на хартии од вредност на банките и понатаму се карактеризира со едноставност и недиверзифицираност. Имено, благајничките записи на НБРМ и во текот на првото полугодие од 2008 година претставуваа доминантен финансиски инструмент за инвестирање на слободните ликвидни средства на банките. Тие забележаа највисок апсолутен пораст од 608 милиони денари, односно за 2,9%, и имаа најголемо учество од

70,1%[17] во структурата на портфолиото на хартии од вредност. Зголемениот интерес за инвестирање на слободните ликвидни средства на банките во благајнички записи може да објасни и како реакција на промената на поставеноста на монетарната политика на НБРМ. Ваквите измени придонесоа да се изврши прераспределба на слободните ликвидни средства на банките од државни записи за монетарни цели делумно во благајнички записи. Сепак, и покрај растот на каматните стапки на благајничките записи во првото полугодие од 2008 година, што ја зголеми нивната привлечност за банките од аспект на приносот што го носат, со оглед на нивниот краток рок на достасување, се забележува дека инвестирањето во благајнички записи е со побавно темпо во споредба со истиот период минатата година. Имено, на крајот на јуни 2007 година, полугодишниот пораст изнесувал 5.642 милиони денари, или 59,7%, и е значително повисок во однос на полугодишниот пораст во првата половина од 2008 година.

## 2.5. Депозитна активност на банките

### 2.5.1. Структура на депозитната база (секторска, рочна и валутна)

**Депозитите на населението, со своето учество од 57,6%, и понатаму имаат доминантна позиција во вкупните извори на финансирање на банките.** Во однос на крајот на 2007 година, во првата половина од 2008 година тие забележаа најголем апсолутен пораст од 7.601 милиони денари, или за 8,1%, а за вкупниот пораст на депозитите на нефинансиските лица кај банките придонесоа со 46,3%. За споредба, истиот период, минатата година, овие депозити се зголемиле за 11.493 милиони денари, или за 16,1%. Ваквото забавување на растот на депозитите кај секторот „население“ упатува на намалена склоност на овој сектор за штедење во банкарскиот сектор, што може да се објасни со зголемената неизвесност, поврзана со растот на инфлацијата и инфлациските очекувања. Депозитите на претпријатијата, со учество од 36,3% во вкупната депозитна база, се втор извор на средства по големина. За разлика од последните неколку години, за кои главна карактеристика беше посилниот апсолутен раст на депозитите на населението од тој на претпријатијата, во првото полугодие од 2008 година, тие забележаа речиси еднаков апсолутен полугодишен пораст (7.216 милиони денари или за 12,7%) како и депозитите на население. Депозитите на претпријатијата, пак, придонесоа со 44% во вкупниот пораст на депозитите.

**Постепеното зголемување на рочноста на депозитите на банките продолжи и во текот на првото полугодие од 2008 година. Сепак, неповолната рочност се задржа како карактеристика на депозитите на банките.** Доминантен дел (93,4%) од депозитната база е со рочност до една година, од нив 56,5% се краткорочни депозити, а остатокот се депозити по видување[18]. На полугодишно ниво, краткорочните депозити забележаа најголем апсолутен пораст од 11.489 милиони денари, со што најмногу (70%) придонесоа за порастот на вкупните депозити. Долгорочните депозити забележаа највисока полугодишна стапка на пораст од 33,4%, наспроти стапките на пораст на депозитите по видување и краткорочните депозити од 2,9% и 14%, соодветно. Ваквиот раст на долгорочните депозити придонесе за зголемување на нивното структурно учество во вкупните депозити, од 5,4% (крај на 2007 година) на 6,6% (крај на јуни, 2008 година). Ваквиот пораст, во најголем дел (околу 63%) е резултат на порастот на долгорочните депозити на населението (и тоа особено на девизните депозити).

**Во текот на првото полугодие од 2008 година, најсилно растеа девизните депозити и денарските депозити со девизна клаузула.** На полугодишна основа, девизните депозити забележаа пораст од 8.846 милиони денари, или за 12,4%, а

[17] На 31.12.2007 година, во структурата на портфолиото на хартии од вредност, учеството на благајничките записи на НБРМ изнесуваше 59,2%.

[18] Депозитите по видување ги вклучуваат и депозитните пари (трансакциските сметки на физичките и правните лица).

денарските за 4.802 милиони денари, или за 6,2%. Воедно, девизните депозити во ова полугодие имаа најголем придонес (53,9%) за порастот на вкупните депозити. Ваквата промена на валутните склоности на нефинансиските лица за штедење во странска валута, главно се објаснува со растот на инфлацијата и инфлациските очекувања во овој период. На полугодишна основа, денарските депозити со клаузула забележаа најголема стапка на раст (24,6%), главно поради порастот на краткорочните депозити на едно правно лице кај неколку банки. И покрај ваквите движења во текот на првото полугодие од 2008 година, валутната структура на депозитната база останува непроменета во однос на крајот на 2007 година. Така, 46,7% од депозитите на банките се денарски, 45,3% се девизни, а 7,9% се денарски со девизна клаузула. За споредба, на крајот на 2007 година, учеството на денарските депозити, девизните депозити и денарските депозити со девизна клаузула во вкупната депозитна база на банките изнесуваше 48,5%, 44,5% и 7%, соодветно.

**Табела бр. 10**
**Распореденост на депозитите по групи банки на 30.06.2008 година**

| Групи банки | Секторска структура | | | | Рочна структура | | | Валутна структура | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претпријатија | Население | Јавен сектор | Други комитенти | По видување | Краткорочни | Долгорочни | Денарски | Девизни |
| **Големи банки** | 67,8% | 75,1% | 83,0% | 61,0% | 73,6% | 73,5% | 48,3% | 69,4% | 74,9% |
| **Средни банки** | 29,6% | 22,6% | 11,8% | 30,0% | 22,0% | 25,3% | 46,9% | 26,9% | 23,6% |
| **Мали банки** | 2,6% | 2,3% | 5,2% | 9,0% | 4,3% | 1,2% | 4,8% | 3,7% | 1,5% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Групата големи банки** ја задржа доминантната позиција во формирањето на вкупните депозити на банките и на крајот на првото полугодие од 2008 година.

**Табела бр. 11**
**Структура на депозитите на нефинансиските лица по групи банки на 30.06.2008 година**

| Групи банки | Секторска структура | | | | | Рочна структура | | | | Валутна структура | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претпријатија | Население | Јавен сектор | Други комитенти | Вкупно | По видување | Краткорочни | Долгорочни | Вкупно | Денарски | Девизни | Вкупно |
| **Големи банки** | 34,3% | 60,2% | 1,4% | 4,1% | 100,0% | 41,6% | 54,0% | 4,4% | 100,0% | 52,8% | 47,2% | 100,0% |
| **Средни банки** | 42,3% | 51,3% | 0,6% | 5,8% | 100,0% | 35,3% | 52,6% | 12,1% | 100,0% | 57,8% | 42,2% | 100,0% |
| **Мали банки** | 34,0% | 47,5% | 2,4% | 16,2% | 100,0% | 64,7% | 23,9% | 11,4% | 100,0% | 74,5% | 25,5% | 100,0% |

**Структурната поделба на депозитите на нефинансиските лица според секторот, рочноста и валутата на ниво на одделни групи банки е непроменета.** Поделбата според секторот упатува на поизразено учество на депозитите на населението кај секоја одделна група банки. Анализата на рочната структура на депозитите, по групи банки, упатува на повисоко учество на краткорочно орочените депозити кај групите големи и средни банки, наспроти повисокото учество на депозитите по видување кај групата мали банки. Според валутната структура на депозитите, кај групата големи банки се забележува речиси рамномерно учество на девизните и денарските депозити, наспроти повисокото учество на денарските депозити кај групата средни банки и особено кај групата мали банки.

## 3. Ризици во банкарското работење

### 3.1. Изложеност на кредитен ризик

**Во текот на првото полугодие од 2008 година продолжи трендот на пораст на изложеноста на кредитен ризик на ниво на банкарскиот систем, иако интензитетот на растот забележува забавување.** На крајот од првото полугодие на 2008 година, вкупната изложеност на кредитен ризик на ниво на банкарскиот систем, изнесуваше 256.879 милиони денари и во однос на крајот од 2007 година, забележа пораст од 19.223 милиони денари, односно за 8,1%. Оваа полугодишна стапка на пораст на изложеноста на кредитен ризик е помала од полугодишните стапки на пораст забележани во 2007 година, што претставува сигнал за намалување на засилениот раст на кредитната изложеност на банките.

**Графикон бр. 30**
**Движење и пораст на изложеноста на кредитен ризик на ниво на банкарски систем**




**Трендот на намалување на учеството на изложеноста кон финансиските институции и државата во секторската структура на вкупната кредитна изложеност на банките, продолжи и во првото полугодие од 2008 година.** Во споредба со крајот од 2007 година, учеството на изложеноста кон финансиските институции и државата бележи намалување за 5,8 процентни поени и на 30.06.2008 година се сведе на ниво од 26,0% од вкупната кредитна изложеност на банките. Наспроти тоа, учеството на кредитната изложеност кон секторот „претпријатија и останати клиенти“[19] и кон населението забележа зголемување за 2,8 процентни поени, соодветно. Овие структурни поместувања во голем дел претставуваат последица на сè поголемата ориентација на банките кон трансформирање на ликвидните средства во кредитни пласмани во домашната економија.

**Графикон бр. 31**
**Секторска структура на изложеноста на кредитен ризик**




**Графикон бр. 32**
**Полугодишен апсолутен пораст на изложеноста на кредитен ризик кон одделните сектори**




[19] Изложеноста кон категоријата „останати клиенти“ ја опфаќа изложеноста кон невладините организации, непрофитните организации, фондовите за социјално и здравствено осигурување и слично. Оваа изложеност опфаќа околу 2,5% од вкупната изложеност кон секторот „претпријатија и останати клиенти“.

**Во првото полугодие од 2008 година, продолжи трендот на намалување на учеството на девизната изложеност на кредитен ризик.** Тоа се должи на посилниот полугодишен раст на изложеноста во денари со девизна клаузула (20,2%), како и на денарската изложеност (9,3%). Наспроти тоа, девизната изложеност на кредитен ризик на полугодишна основа забележа незначително намалување за 0,2%.

**Графикон бр. 33**
**Валутна структура на изложеноста на кредитен ризик**




**Графикон бр. 34**
**Полугодишен апсолутен пораст на изложеноста на кредитен ризик**




**Во првото полугодие на 2008 година, кај структурата на изложеноста на кредитен ризик според одделните ставки на изложеност се забележуваат промени во насока на намалување на учеството на ставката „други побарувања", за сметка на зголемување на учеството на ставката „редовни кредити".** Редовните кредити, на крајот од првото полугодие на 2008 година останаа доминантна ставка во структурата на кредитната изложеност со учество од 67,7% и на полугодишна основа, пораснаа за 12,3%. Намалувањето на ставката „други побарувања"за 11,7%, на полугодишна основа, речиси во целост се должи на намалувањето на вложувањата на банките во државни записи.

**Графикон бр. 35**
**Структура на изложеноста на кредитен ризик според одделни ставки на изложеност**




**Графикон бр. 36**
**Полугодишен апсолутен пораст на одделните ставки од изложеноста на кредитен ризик**




**На крајот од првото полугодие на 2008 година, учеството на нефункционалните кредити во вкупната изложеност на кредитен ризик изнесува 4,1% и во споредба со 31.12.2007 година, остана речиси идентично.** На полугодишна основа, нефункционалните кредити забележаа раст од 839 милиони денари, односно за 8,8%. Притоа, значително поголем придонес во вкупниот полугодишен пораст на нефункционалните кредити од 71,5% имаа нефункционалните кредити пласирани на секторот „население". Ова, од своја страна, влијаеше во насока на зголемување на учеството на нефункционалните кредити на населението во секторската структура на вкупните нефункционални кредити за 4,3 процентни поени, на полугодишна основа.

**Графикон бр. 37**
**Секторска структура на нефункциоаналните кредити**




**Графикон бр. 38**
**Учество во полугодишниот пораст на нефункционалните кредити на одделните сектори**




**Анализирано по групи банки, доминантната позиција во вкупната изложеност на кредитен ризик, со учество од 69,7%, ѝ припаѓа на групата големи банки.** Воедно, групата големи банки создаде 59,7% од вкупниот апсолутен раст на изложеноста на кредитен ризик. Сепак, во првото полугодие од 2008 година, оваа група банки забележа помал релативен пораст на изложеноста на кредитен ризик од 6,8%, во однос на соодветните стапки на раст на изложеноста на групите средни и мали банки, коишто изнесуваат 11,5% и 8,6%, соодветно.

**Табела бр. 12**
**Состојба и пораст на изложеноста на кредитен ризик по групи банки**

| Групи банки | Кредитна изложеност (во милиони денари) | | Структура на кредитна изложеност (во%) | | Полугодишна промена (30.06.2008-31.12.2007) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | Апсолутна промена (во милиони денари) | Стапка на промена во % | Учество во порастот во % |
| Големи банки | 167.547 | 179.021 | 70,5% | 69,7% | 11.474 | 6,8% | 59,7% |
| Средни банки | 58.819 | 65.598 | 24,7% | 25,5% | 6.779 | 11,5% | 35,3% |
| Мали банки | 11.290 | 12.260 | 4,8% | 4,8% | 970 | 8,6% | 5,0% |
| **Вкупно за банкарскиот систем** | **237.656** | **256.879** | **100,0%** | **100,0%** | **19.223** | **8,1%** | **100,0%** |

**Структурните карактеристики на изложеноста на кредитен ризик по одделни групи банки, главно, ги потврдуваат движењата во структурата на изложеноста на кредитен ризик на банкарскиот систем (анекс бр. 8 - Структурни карактеристики на изложеноста на кредитен ризик по одделни групи банки).** Така, кај валутната структура на изложеноста на кредитен ризик, кај сите групи банки, на полугодишна основа, се забележува намалување на учеството на девизната изложеност, за сметка на зголемувањето на структурните учества на денарската изложеност и на денарската изложеност со валутна клаузула. Од аспект на секторската структура, кај групите големи и средни банки се забележува значително намалување на апсолутниот износ на изложеноста кон секторот „финансиски институции и држава“, што предизвика и значително намалување на учеството на изложеноста кон овој сектор. Наспроти ова, изложеноста кон секторите „население“ и „претпријатија и останати клиенти“ бележи значителни апсолутни зголемувања, што ја отсликува намерата на овие групи банки, со забрзано темпо да ја трансформираат ликвидната актива (којашто главно е составена од побарувања од финансиски институции и државата) во високоприносни кредитни пласмани кон домашните економски субјекти. Меѓутоа, овие пласмани, по својата суштина, носат и повисок кредитен ризик, особено доколку банките немаат соодветни кредитни политики и процедури за одобрување на кредитите. Тоа, во комбинација со непредвидливите движења на каматните стапки, предизвикани од турбуленциите на

меѓународните финансиски пазари, влијае во насока на зголемување на опасностите од остварување на кредитниот ризик, особено за изложеноста кон секторот „население“.

### 3.1.1. Ниво на ризичност и показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик на ниво на банкарскиот систем

**Во првото полугодие на 2008 година, продолжи трендот на подобрување на показателите за квалитетот на кредитното портфолио на ниво на банкарскиот систем. Овие движења во квалитетот на кредитното портфолио на банките, во најголема мера се резултат на силниот раст на кредитната изложеност во минатите неколку години. Фактот дека кредитното портфолио на банките е сè уште „младо“, проследено со присуството на релативно порелаксирани услови за одобрување кредити во изминатиот период, како и одобрување кредити на бројни клиенти без или со недоволна кредитна историја, неминовно наметнува потреба од внимателно следење на изложеноста на кредитниот ризик и нејзиниот степен на ризичност. Во таа насока, во одредени сегменти на кредитното портфолио се забележуваат знаци на ослабување на квалитетот и зголемување на степенот на ризичност.**

**На крајот од првото полугодие на 2008 година, учеството на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик на ниво на банкарскиот систем изнесуваше 5,5%.** Во споредба со крајот на 2007 година, овој показател забележа подобрување за 0,2 процентни поени. Меѓутоа, изложеноста класифицирана во овие категории на ризик забележа полугодишен пораст од 458 милиони денари, односно за 3,4%, што претставува највисок апсолутен износ на полугодишен пораст на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, уште од 31.12.2004 година.

**Графикон бр. 39**
**Апсолутна полугодишна промена на изложенота на кредитен ризик класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“**




**Графикон бр. 40**
**Движење на некои од показателите за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик**




**Во споредба со 31.12.2007 година, подобрување од 0,8 процентни поени се забележува и кај показателот за учеството на нерезервираниот износ на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во сопствените средства.** При остварување на екстремната претпоставка за целосна ненаплатливост на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“, би биле апсорбирани 17,1% од сопствените средства на банките за покривање на загубите, што пак би предизвикало намалување на стапката на адекватност на капиталот од 15,6% на 12,7%, односно за 2,9 процентни поени.

**Табела бр. 13**
**Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик**

| Показатели за кредтниот ризик | 31.12.2006 | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
|---|---|---|---|---|
| Просечно ниво на ризичност | 6,6% | 5,9% | 5,3% | 5,4% |
| % на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупна изложеност на кредитен ризик | 7,6% | 6,4% | 5,7% | 5,5% |
| % на „Д“ во вкупна изложеност на кредитен ризик | 3,5% | 3,0% | 2,5% | 2,4% |
| Покриеност на „В“, „Г“ и „Д“ со идвоените резервации за потенцијални загуби | 86,8% | 90,6% | 94,1% | 98,8% |
| % на „В“, „Г“ и „Д“ во сопствени средства | 57,4% | 49,5% | 48,9% | 46,4% |
| % на „Д“ во сопствени средства | 26,7% | 23,0% | 21,2% | 20,1% |
| % на нето „В“, „Г“ и „Д“ во сопствени средства | 19,4% | 16,6% | 17,9% | 17,1% |
| % на кредити со еднократна отплата на главницата во вкупните бруто-кредити на нефинансиски субјекти | 15,1% | 13,6% | 14,9% | 16,3% |
| % на извршени нето-отписи на побарувања во текот на шестмесечен период во вкупна изложеност на крајот на претходниот шестмесечен период | 2,6% | 0,6% | 0,8% | 0,6% |

**На 30.06.2008 година, просечното ниво на ризичност на изложеноста на кредитен ризик изнесува 5,4%, што во споредба со крајот на 2007 година бележи зголемување за 0,1 процентен поен.** Воедно, во првата половина на 2008 година, издвоените резервации за потенцијални загуби забележаа полугодишен раст за 1.082 милиони, односно за 8,5%, што е повисока стапка од стапката на пораст на вкупната изложеност на кредитен ризик на банките. Покрај тоа, издвоените резервации за потенцијални загуби забележаа највисока полугодишна стапка на раст во изминатиот четиригодишен период. Следствено на ова, покриеноста на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категориите „В“, „Г“ и „Д“ со издвоените резервации за потенцијални загуби се зголеми од 94,1% на крајот од 2007 година, на 98,8% на 30.06.2008 година.

**Стрес-тест анализа за отпорноста на банкарскиот систем на кредитен ризик**

Стрес-тест анализата за банкарскиот систем, којашто се темели врз оценка на максималниот можен пораст на кредитната активност без да се загрози законски дефинираната минимална солвентност на банките, покажува дека можниот пораст на бруто-кредитите, на ниво на банкарскиот систем, со состојба на 30.06.2008 година би бил еднаков на 52,5% (при што стапката на максимален можен пораст на бруто-кредитите по поединечни банки се движи од 17,9% до 1489%). Кај осум банки, кредитите би можеле да се зголемат за повеќе од 100%, а притоа да не се загрози минималната законски утврдена стапка на адекватност на капиталот. Силниот раст на кредитирањето во минатите неколку години придонесе за постојано намалување на можната стапка на раст на бруто-кредитите, коешто е најочигледно кај групата средни банки.

**Табела бр. 14**
**Динамика на можните стапки на раст на бруто-кредитите без да се загрози минималната законски утврдена солвентност по групи банки**

| Датум | Цел банкарски систем | Големи банки | Средни банки | Мали банки |
|---|---|---|---|---|
| 31.12.2005 | 77,6% | 35,1% | 138,2% | 357,2% |
| 30.06.2006 | 70,0% | 32,0% | 121,6% | 312,5% |
| 31.12.2006 | 63,2% | 29,4% | 103,0% | 361,5% |
| 30.06.2007 | 66,0% | 32,3% | 104,5% | 374,4% |
| 31.12.2007 | 60,5% | 34,2% | 83,2% | 457,7% |
| 30.06.2008 | 52,5% | 30,4% | 69,1% | 475,0% |

Воедно, стрес-тест анализата покажува дека кај поединечните банки, процентот на премин на редовните кредити во нефункционални, без да се загрози солвентноста, се движи во интервал од 2,5% до 357,4%. Кај осум банки, адекватноста на капиталот не би била загрозена и во случај на премин на повеќе од 20% на редовните кредити во нефункционални кредити.

*Оваа стрес-тест анализа поаѓа од претпроставките дека макроекономското опкружување останува стабилно и дека се задржува структурата на новоодбрените кредити од аспект на нивото на ризичност и од аспект на валутата, како и во текот на 2007 година.

**Во првото полугодие на 2008 година, се забележува намалување на износот на отпишаните побарувања на банките, со истовремено зголемување на наплатата на нивните претходно отпишани побарувања.** Воедно, полугодишниот износ на наплата на претходно отпишаните побарувања од 204 милиони денари е највисок износ на наплата во изминатите две години. Отпишаните побарувања на нето-основа[20], претставуваат 0,6% од изложеноста на кредитен ризик на крајот од 2007 година. Во структурата на отпишаните побарувања во првото полугодие на 2008 година, највисоко учество од 61,0% имаат отпишаните побарувања врз основа на камати, а отпишаните побарувања врз основа на главница по кредити учествуваат со 30,5%. Доколку банките не вршеле отписи на побарувањата врз основа на кредити и камати, тогаш учеството на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" во вкупната изложеност на кредитен ризик, на 30.06.2008 година би изнесувало 6,0% и во споредба со крајот на 2007 година би забележало зголемување за 0,3 процентни поени. Исто како и во изминатите неколку полугодија, така и во првото полугодие на 2008 година, во валутната и во секторската структура на отпишаните побарувања, доминантно учество имаат денарските побарувања и побарувањата од претпријатијата со учество од 79,1% и 87,4%, соодветно. Притоа, 92,3% од отпишаните побарувања во првото полугодие на 2008 година се извршени од една банка од групата големи банки.

**Графикон бр. 41**
**Движење на износите на извршените нето-отписи на побарувања**




**Најголем дел од кредитите на банките се структурирани ануитетски, односно со почеста динамика на отплата, што овозможува полесно и рано идентификување на можните проблеми во отплатата на кредитите.** На крајот од првото полугодие на 2008 година, кредитите кај кои главницата се отплаќа еднократно (т.н. „bullet loans") при достасување на кредитот, претставуваат 16,3% од вкупните бруто-кредити. Во споредба со крајот на 2007 година, учеството на овој вид кредити во вкупните бруто-кредити на нефинансиските субјекти бележи зголемување од 1,4 процентни поени. На 30.06.2008 година, најголем дел од кредитите со еднократна отплата на главницата, односно 97,9%, се пласирани кон секторот „претпријатија и останати клиенти", а секторот „население" учествува со само 2,0% од вкупниот износ на овие кредити. Учеството на кредитите со еднократна отплата на главницата во вкупните бруто-кредити на претпријатијата и останатите комитенти изнесува 26,4%. Сепак, овој показател прикажува значителни разлики по

**Графикон бр. 42**
**Учество на кредитите со еднократна отплата на главницата во вкупните бруто-кредити на секторот „претпријатија и останати комитенти" по групи банки**




---

[20] Износот на отпишаните побарувања на нето-основа се добива како разлика меѓу износот на отпишаните побарувања во одреден период и износот на наплатени отпишани побарувања во истиот анализиран период.

поединечни групи банки. Кај групата мали банки е воочливо мошне високото учество на кредитите со еднократна отплата на главницата во вкупните бруто-кредити на „претпријатијата и останатите клиенти“, од околу 60%. Кај групите големи и средни банки, учеството на овој вид кредити во вкупните кредити изнесува 24,2% и 29,4%, соодветно. Високото учество на овој вид кредити во вкупните кредити на групата мали банки ја наметна потребата од преземање мерки и примена на соодветни процедури за следење на нивото на ризичност на овој вид кредитен производ.

**Графикон бр. 43**
**Апсолутна полугодишна промена на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ според валутната структура**




**Во првото полугодие од 2008 година се забележува подобрување на квалитетот на денарската изложеност со валутна клаузула и во извесен степен, на изложеноста во денари.** Во првото полугодие на 2008 година, учеството на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната денарска изложеност и во вкупната денарска изложеност со девизна клаузула, забележа подобрување за 1,0 и за 0,5 процентни поени, соодветно. Подобрувањето на нивото на ризичност на изложеноста во денари и во денари со девизна клаузула, мерено според овој показател, првенствено произлегува од значителниот полугодишен пораст на оваа изложеност. Сепак, во текот на првата половина од оваа година се забележува апсолутно зголемување на изложеноста во денари и во денари со девизна клаузула во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ за 150 милиони денари (1,8%) и 162 милиони денари (4,8%), соодветно. Од друга страна, најниско ниво на ризичност, исто како и во изминатите периоди, се забележува кај девизната изложеност на кредитен ризик, што се должи на вклучувањето на релативно поквалитетни побарувања во оваа категорија на изложеност, првенствено, побарувањата од странски првокласни банки. Од друга страна, намалувањето на апсолутниот износ на девизната изложеност во првите шест месеци од 2008 година, придонесе за нагорно придвижување на показателите за ризичност на овој вид изложеност.

**Табела бр. 15**
**Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик според валутната структура**

| Показател | Денарска изложеност на кредитен ризик | | Денарска изложеност на кредитен ризик со девизна клаузула | | Девизна изложеност на кредитен ризик | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
| Учество на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик | 7.3% | 6.8% | 7.8% | 6.8% | 2.3% | 2.4% |
| Учество на нефункционални кредити во вкупна изложеност на кредитен ризик | 5.1% | 5.1% | 5.4% | 4.9% | 1.7% | 1.8% |
| % на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупна изложеност без да се земе ефектот од извршените отписи во претходниот едногодишен период | 9.4% | 8.7% | 8.0% | 7.1% | 2.3% | 3.0% |

**Квалитетот на кредитното портфолио на групата големи банки има доминантно влијание врз просечното ниво на показателите за кредитен ризик на ниво на банкарскиот систем на Република Македонија.** На крајот од првото полугодие на 2008 година, кај оваа група банки се концентрирани 72,3% од изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ и 75,4% од потенцијалните загуби за кредитен

ризик. Притоа, повеќето показатели за кредитниот ризик кај оваа група банки бележат придвижувања во позитивна насока. Групата големи банки, во споредба со другите групи, сè уште има најголемо учество на нерезервираниот износ на кредитната изложеност во поризични категории, во сопствените средства. Од друга страна, во првото полугодие на 2008 година, се забележуваат извесни знаци на влошување на показателите за кредитниот ризик кај групата средни банки. Сепак, повеќето од овие показатели за кредитниот ризик, кај оваа група банки сè уште имаат најниски вредности во рамки на банкарскиот систем, што создава доволен простор за справување со евентуалните неочекувани загуби коишто би ги предизвикало „младото“ кредитно протфолио, создадено во изминатиот период на засилена кредитна активност. И покрај одредени позитивни придвижувања кај некои од показателите за кредитниот ризик, на крајот од првото полугодие на 2008 година групата мали банки, во споредба со другите две групи, сè уште има најголемо учество на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик (9,2%). Воедно, кредитното портфолио на групата мали банки се карактеризира и со највисоко просечно ниво на ризичност (8,9%). Сепак, за оваа група банки, истовремено е карактеристично и најниско учество на нерезервираниот дел од изложеноста на кредитен ризик класифицирана во „В“, „Г“ и „Д“ во сопствените средства (3,0%), што и при најекстремно сценарио, обезбедува солвентноста на овие банки да не биде загрозена.

**Табела бр. 16**
**Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик по групи банки**

| Показатели за кредитниот ризик | Големи банки | | | Средни банки | | | Мали банки | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
| **Просечно ниво на ризичност** | 6,4% | 5,8% | 5,8% | 3,5% | 3,3% | 3,5% | 9,6% | 8,8% | 8,9% |
| **% на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупна изложеност на кредитен ризик** | 6,8% | 6,2% | 5,7% | 4,2% | 3,6% | 4,2% | 10,6% | 9,3% | 9,2% |
| **% на „Д“ во вкупна изложеност на кредитен ризик** | 3,2% | 2,6% | 2,5% | 1,0% | 1,2% | 1,1% | 7,8% | 7,0% | 7,4% |
| **Покриеност на „В“, „Г“ и „Д“ со издвоените резервации за потенцијални загуби** | 94,7% | 94,6% | 103,1% | 84,8% | 91,8% | 83,2% | 90,1% | 94,7% | 98,1% |
| **% на „В“, „Г“ и „Д“ во сопствени средства** | 74,5% | 71,1% | 62,5% | 24,6% | 24,6% | 30,1% | 27,0% | 22,9% | 23,3% |
| **% на „Д“ во сопствени средства** | 35,3% | 29,8% | 27,4% | 6,0% | 8,4% | 7,8% | 19,6% | 17,1% | 18,9% |
| **% на нето „В“, „Г“ и „Д“ во сопствени средства** | 24,6% | 26,3% | 22,1% | 11,8% | 11,1% | 15,5% | 4,5% | 3,5% | 3,0% |

### 3.1.2. Ниво на ризичност и показатели за квалитетот на изложеноста на кредитниот ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“

**Трендот на подобрување на квалитетот на кредитната изложеност кон секторот „претпријатија и останати клиенти“ продолжи и во првото полугодие на 2008 година.** Речиси сите показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик кон овој сектор, како и показателите за квалитетот на изложеноста кон одделните поважни дејности[21], бележат позитивни движења.

[21] Показателите за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик се пресметани за пет дејности кои учествуваат со 89,6% во вкупната изложеност на кредитен ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“. Воедно, придонесот на овие дејности во формирањето на БДП за 2007 година, според податоците на Државниот завод за статистика изнесува 60,7%, при што дејноста „индустрија“ учествува со 22,6%, дејноста „трговијата на големо и мало“ со 14,7%, „земјоделство лов и шумарство“ со 8,7%, „градежништво“ со 6,1%, и дејноста „сообраќај, складирање и врски“ со 8,6%.

**Табела бр. 17**
**Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“**

| Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик | Датум | Индустрија | Земјоделство, лов и шумарство | Градежништво | Трговија на големо и мало | Сообраќај, складирање и врски | Вкупна изложеност кон претпријатија и останати комитенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечно ниво на ризичност | 30.06.2008 | 10.3% | 17.6% | 7.4% | 7.0% | 5.5% | 8.5% |
| | 31.12.2007 | 11.1% | 18.1% | 7.9% | 7.9% | 5.9% | 9.2% |
| | 30.06.2007 | 12.9% | 16.5% | 7.5% | 10.3% | 7.2% | 10.9% |
| Учество на „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик | 30.06.2008 | 10.2% | 17.5% | 8.5% | 6.5% | 5.8% | 8.2% |
| | 31.12.2007 | 13.0% | 18.7% | 11.3% | 6.5% | 4.5% | 9.8% |
| | 30.06.2007 | 14.6% | 20.5% | 10.9% | 10.1% | 5.9% | 12.0% |
| Учество на нефункционалните кредити во вкупната изложеност на кредитен ризик | 30.06.2008 | 8.0% | 11.2% | 7.0% | 4.9% | 4.8% | 6.3% |
| | 31.12.2007 | 9.0% | 11.3% | 8.5% | 5.5% | 4.0% | 7.1% |
| | 30.06.2007 | 12.2% | 11.9% | 9.4% | 8.8% | 5.4% | 9.9% |
| Покриеност на В, Г и Д со издвоените резервации за потенцијални загуби | 30.06.2008 | 101.5% | 100.5% | 87.6% | 108.7% | 94.9% | 103.9% |
| | 31.12.2007 | 85.0% | 96.8% | 69.8% | 121.5% | 130.6% | 94.8% |
| | 30.06.2007 | 88.3% | 80.7% | 66.7% | 102.1% | 122.1% | 91.1% |

**Во првата половина на 2008 година, апсолутниот износ на изложеноста на кредитен ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“ којшто е класифициран во поризичните категории забележа намалување од 338 милиони денари, односно за 3,5%.** Сепак, треба да се има предвид дека најголемиот дел од отпишаните побарувања во првото полугодие на 2008 година се токму од секторот „претпријатија и останати клиенти“. Доколку банките во текот на првото полугодие на 2008 година не вршеле отписи на побарувањата од секторот претпријатија и останатите клиенти, тогаш на 30.06.2008 година учеството на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност, би изнесувало 9,2%, што во однос на 31.12.2007 година би претставувало намалување на овој показател за 0,6 процентни поени.

**Неповолната структура на кредитокорисниците од аспект на валутниот ризик на кој тие се изложени и понатаму претставува една од карактеристиките на кредитната изложеност кон секторот „претпријатија и останати клиенти“.** Така, на крајот од првото полугодие на 2008 година, изложеноста со валутна компонента (девизната изложеност и денарската изложеноста со валутна клаузула) учествува со 56,7% во валутната структура на изложеноста кон секторот „претпријатија и останати клиенти“ , што во споредба со 31.12.2007 година претставува зголемување за 0,9 процентни поени. Дополнително на тоа, изложеноста со валутна компонента учествуваше со 62,4% во вкупниот полугодишен пораст на изложеноста на кредитен ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“. Меѓутоа, кредитите одобрени на клиенти за кои може да се оцени дека имаат одредена покриеност на валутниот ризик (претпријатија кои се нето-извозници, или кај кои цената на производите зависи од движењето на цените на странските берзи), претставуваат 16,0% од вкупните кредити со валутна компонента одобрени на овој сектор. Оттука, и покрај намалувањето на нивото на ризичност на кредитната изложеноста на банките кон овој сектор, значителното ниво на т.н. „индиректен кредитен ризик“ претставува важна компонента во профилот на ризичност на банките.

Врз основа на транзициската матрица за нефинансиските правни лица[22], за периодот 30.06.2007-30.06.2008 година, е направена оценка на движењето на квалитетот

[22] Транзициската матрица за клиентите - нефинансиски правни лица (претпријатија) се однесува само на нефинансиските правни лица - резиденти, кои банките се должни да ги пријавуваат поединечно во Кредитниот регистар, согласно со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар. Оттука, при изработката на транзициската матрица не е земена предвид изложеноста на банките кон другите домашни банки, кон правните лица - нерезиденти (вклучувајќи ги и странските банки) и кон правните лица со вкупна изложеност помала од 500.000 денари.

на изложеноста на кредитен ризик, изземајќи го ефектот од новоодобрените кредити во текот на едногодишниот период (30.06.2007-30.06.2008). Притоа, се заклучува дека во текот на овој период, квалитетот на изложеноста кон нефинансиските правни лица бележи влошување, мерено преку учеството на изложеноста класифицирана во категориите „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик од 11,5% на 30.06.2007, на 14,9% на 30.06.2008 година.

### 3.1.3. Ниво на ризичност и показатели за квалитетот на изложеноста на кредитниот ризик кон секторот „население“

**Движењето на показателите за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик кон секторот „население“ во првата половина на 2008 година прикажува одредени знаци на влошување.** Така, на 30.06.2008 година, учеството на изложеноста класифицирана во категориите на ризик со „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик кон секторот „население“ изнесува 5,4% и во споредба со крајот на 2007 година се зголеми за 0,3 процентни поени. Воедно, во првото полугодие на 2008 година, се намали и степенот на покриеност на изложеноста класифицирана во категориите со повисок ризик со издвоените резервации за 4,8 процентни поени.

**Анализата по поодделни кредитни производи коишто се нудат на населението, покажува дивергентни движења кај показателите за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик.** Така, кај изложеноста врз основа на негативни салда на тековните сметки и кај кредитите за станбен и деловен простор постои извесно позитивно придвижување на вредностите на показателите за кредитниот ризик. Наспроти ова, кај останатите категории на кредитни производи главно се забележува зголемување на вредностите на показателите за кредитен ризик, коешто е најизразено кај потрошувачките кредити.

**Табела бр. 18**
**Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик кон секторот „население“**

| Показатели за квалитетот на изложеноста на кредитен ризик | Датум | Кредити за станбен и деловен простор | Потрошувачки кредити | Негативни салда по тековни сметки | Кредитни картички | Автомобилски кредити | Други кредити | Вкупна изложеност кон население |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество на „В", „Г" и „Д" во вкупната кредитна изложеност | 30.06.2008 | 4,3% | 8,5% | 5,0% | 3,8% | 4,3% | 4,3% | 5,4% |
| | 31.12.2007 | 4,5% | 7,1% | 6,0% | 3,5% | 3,6% | 5,0% | 5,1% |
| | 30.06.2007 | 4,8% | 5,3% | 6,2% | 3,1% | 4,1% | 10,4% | 4,9% |
| Просечно ниво на ризичност | 30.06.2008 | 4,6% | 5,5% | 4,2% | 3,2% | 4,2% | 5,9% | 4,4% |
| | 31.12.2007 | 4,8% | 5,3% | 4,4% | 3,2% | 4,1% | 5,3% | 4,4% |
| | 30.06.2007 | 5,5% | 4,7% | 5,1% | 2,7% | 4,8% | 10,0% | 4,5% |
| Учество на нефункционални кредити во вкупна изложеност на кредитен ризик | 30.06.2008 | 3,8% | 5,8% | 2,7% | 2,1% | 3,8% | 3,0% | 3,7% |
| | 31.12.2007 | 3,6% | 5,0% | 3,0% | 1,9% | 2,8% | 2,2% | 3,3% |
| | 30.06.2007 | 4,0% | 3,9% | 3,8% | 1,2% | 3,1% | 7,2% | 3,2% |
| Покриеност на „В", „Г" и „Д" со издвоените резервации за потенцијални загуби | 30.06.2008 | 105,2% | 65,0% | 83,4% | 83,4% | 96,9% | 134,7% | 80,9% |
| | 31.12.2007 | 106,3% | 73,7% | 74,1% | 90,4% | 113,5% | 106,1% | 85,7% |
| | 30.06.2007 | 112,6% | 89,4% | 81,8% | 86,7% | 116,8% | 96,5% | 93,5% |

**Влошувањето на квалитетот на кредитното портфолио на населението, во целина, како и по одделни кредитни производи, е особено забележливо при анализата на движењето на износот на изложеноста класифицирана во „В“, „Г“ и „Д“.** Имено, на полугодишна основа, износот на изложеноста со повисок ризик кон секторот „население“ забележа пораст од 695 милиони денари, односно за 30,2%. Повеќе од 60% од овој полугодишен пораст, односно 423 милиони денари, произлегуваат од растот на изложеноста класифицирана во „В“, „Г“ и „Д“ врз основа на потрошувачки кредити. Забележителен полугодишен пораст, во износ од 227 милиони денари, односно од 52,8%, беше забележан и кај изложеноста врз основа на кредитни картички. Силниот раст на изложеноста со послаб квалитет кон секторот „население“, наметнува потреба од повнимателно следење на идните движења кај овој вид изложеност, особено ако се земе предвид фактот дека станува збор за релативно „младо“ портфолио и дека доходот

и кредитната способност на населението, главно, се одликуваат со голем степен на чувствителност на евентуалните негативни промени во економското опкружување.

**Дополнителен фактор на ризик за идното движење на квалитетот на изложеноста на кредитен ризик кон секторот „население“ е значајното присуство на т.н. индиректен кредитен ризик.** Овој индиректен кредитен ризик најчесто не е последица на директно нарушување на кредитната способност на клиентот поради промена на неговиот доход или вредноста на неговиот имот, туку би произлегол од неможноста да се „апсорбира“ зголемувањето на обврските врз основа на кредити, коишто би настанале како ефект од движењето на одредени макроекономски варијабли. Извор на овој индиректен кредитен ризик се кредитирањето со валутна компонента на кредитокорисници кои имаат неусогласеност на паричните текови или на девизната позиција, или од користењето договорни клаузули за прилагодливи каматни стапки[23], со кои банките „де факто“ ги пренесуваат валутниот и каматниот ризик врз своите клиенти. На крајот од првото полугодие на 2008 година, 43,3% од кредитите на населението имаат вградена валутна компонента (девизни кредити или денарски кредити со девизна клаузула), што услови присуство на индиректен кредитен ризик од изложеноста на населението на валутен ризик при евентуална промена на режимот на девизен курс. Покрај тоа, на 30.06.2008 година, 92,2% од вкупните кредити на населението се кредити со т.н. прилагодливи каматни стапки, што подразбира пренесување на каматниот ризик од банките на населението, а со тоа индиректен кредитен ризик којшто би можел да настане во случај на зголемување на каматните стапки на домашните или меѓународните финансиски пазари.

**Табела бр. 19**
**Промена на изложеноста кон секторот население класифицирана во категориите на ризик „В, „Г“ и Д“**

| Изложеност кон секторот население по основ на | Изложеност класифицирана во „В“, „Г“ и „Д“ (во милиони денари) | | | Апсолутна полугодишна промена (во милиони денари) | | Релативна полугодишна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2007 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 30.06.2008-31.12.2007 | 31.12.2007-30.06.2007 | 30.06.2008-31.12.2007 | 31.12.2007-30.06.2007 |
| Кредити за станбен и деловен простор | 372 | 428 | 510 | 82 | 57 | 19,0% | 15,2% |
| Потрошувачки кредити | 837 | 1.260 | 1.804 | 544 | 423 | 43,2% | 50,5% |
| Негативни салда по тековни сметки | 313 | 333 | 327 | -6 | 20 | -1,7% | 6,4% |
| Кредитни картички | 431 | 659 | 854 | 195 | 228 | 29,6% | 52,8% |
| Автомобилски кредити | 88 | 98 | 170 | 73 | 10 | 74,0% | 10,9% |
| Други кредити | 257 | 215 | 195 | -20 | -42 | -9,2% | -16,4% |
| **Вкупна изложеност кон население** | **2.299** | **2.993** | **3.861** | **867** | **695** | **29,0%** | **30,2%** |

**Составен елемент на анализата на нивото на кредитниот ризик на банките е степенот на покриеност на изложеноста со одредено обезбедување.** Необезбедениот дел од кредитната изложеност има значително поголемо значење кај изложеноста на кредитен ризик кон секторот „население“, во споредба со изложеноста на кредитен ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“. Имено, на крајот од првото полугодие на 2008 година, околу 90% од изложеноста на кредитен ризик кон секторот „претпријатија и останати клиенти“ е покриена со одредено обезбедување, при што најчеста форма е хипотеката на недвижен имот којашто покрива околу 60% од вкупната изложеност кон овој сектор. Наспроти тоа, 35,8% од вкупната изложеност на

[23] Како прилагодливи каматни стапки се сметаат каматните стапки на оние кредитни производи каде што промената на каматната стапка се врши со одлука на органите на управување на банката.

кредитен ризик кон секторот „население“ е необезбедена, при што највисок степен на необезбеденост се забележува кај изложеноста врз основа на кредитни картички и тековни сметки.

**Табела бр. 20**
**Структура на изложеноста кон секторот население според обезбедувањето**

| Обезбедување | Станбени кредити | Потрошувачки кредити | Автомобилски кредити | Кредитни картички и тековни сметки | Други кредити* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Необезбедена изложеност** | 0,0% | 17,5% | 0,0% | 73,2% | 17,3% |
| **Изложеност обезбедена со недвижен имот** | 98,0% | 17,4% | 1,7% | 0,0% | 36,3% |
| **Изложеност обезбедена со подвижен имот** | 1,4% | 6,5% | 96,9% | 0,4% | 40,8% |
| **Изложеност обезбедена со меници, жиранти, гаранции и друг вид обезбедување** | 0,6% | 58,6% | 1,4% | 26,5% | 5,6% |

*Другите кредити ги опфаќаат сите кредити кои не се опфатени во останатите четири категории.

Од аспект на валутната структура, кај денарската изложеност кон секторот „население“, необезбедениот дел од изложеноста учествува со 53,4%, додека кај изложеноста со валутна компонента ова учество е значително помало и изнесува 5,3%. Овој сооднос на обезбеденост на изложеноста кон секторот „население“ според валутната структура се должи на фактот што речиси целата изложеност врз основа на кредитни картички и негативни салда на тековни сметки е денарска.

**Анализата на квалитетот на т.н. „старо кредитно портфолио“, односно изземајќи го ефектот од новоодобрените кредити во текот на периодот 30.06.2007-30.06.2008 година, упатува на влошување на квалитетот на кредитното портфолио на населението.** Врз основа на транзициските матрици за физичките лица[24], за периодот 30.06.2007-30.06.2008 година, е направена оценка на движењето на квалитетот на изложеноста на кредитен ризик, изземајќи го ефектот од новоодобрените кредити во текот на едногодишниот период (30.06.2007-30.06.2008). Притоа, се заклучува дека, во текот на овој период, изложеноста кон физичките лица бележи влошување, мерено преку учеството на изложеноста класифицирана во категориите „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик кон населението. Имено, овој показател се зголеми од 5,2%, на 30.06.2007 година, на 9,3% на 30.06.2008 година.

## 3.2. Ликвидносен ризик

**Во текот на првото полугодие на 2008 година, ликвидноста на банките во Република Македонија остана на задоволително ниво. Сепак, се забележува намалување на одредени показатели за ликвидноста, коешто во најголем дел се должи на значителниот раст на обемот на активности на банките, што доведе до одредени поместувања во структурата на билансите на банките.**

### 3.2.1. Показатели за ликвидносниот ризик

**Во текот на првото полугодие од 2008 година продолжи трендот на пораст на ликвидната[25] и особено, на високоликвидната[26] актива на банките.** Така, во овој период,

[24] Транзициската матрица за физички лица е изработена земајќи ги предвид само физичките лица - резиденти со изложеност поголема од 150.000 денари, кои банките се должни да ги пријават во Кредитниот регистар, согласно со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар.
[25] Ликвидната актива, во поширока смисла, ги опфаќа високоликвидната актива, краткорочно пласираните средства кај странски банки и пласманите во други краткорочни долговни хартии од вредност.
[26] Високоликвидната актива ги опфаќа паричните средства и салда кај НБРМ, благајничките записи на НБРМ, кореспондентните сметки кај странски банки и краткорочните пласмани во хартии од вредност издадени од државата.

просечниот месечен износ[27] на ликвидната актива изнесуваше 69.303 милиони денари и забележа зголемување за 2,8% во однос на првото полугодие од 2007 година. Овој пораст е условен од растот на благајничките записи од 75,2%, со кој во целост се неутрализира ефектот од намалувањето на другите компоненти на ликвидната актива, пред сè краткорочно пласираните средства во странски банки од 14,8%. Во истиот период, високоликвидната актива забележа поизразен пораст од 19,6% и во текот на првото полугодие од 2008 година достигна 41.840 милиони денари, што претставува 60,4% од вкупната ликвидна актива. Поизразениот пораст на високоликвидната актива е резултат на поместувањата во структурата на ликвидната актива. Имено, се забележува постојано зголемување на компонентите на високоликвидната актива, за сметка на намалувањето на учеството на останатата ликвидна актива[28], како резултат на нејзиното пренасочување во кредити во домашната економија. Порастот на учеството на високоликвидната актива во најголем дел се должи на зголемените пласмани на банките во благајнички записи на НБРМ, коишто имаа доминантно просечно учество од 52,2% во вкупната високоликвидна актива на банките.

**Графикон бр.44**
**Структура на ликвидната актива на ниво на банкарскиот систем**




**Сепак, пониското полугодишен пораст на ликвидната актива, во споредба со стапката на раст на останатите билансни категории (кредити и депозити на нефинансиските лица), предизвика намалување на одредени показатели за ликвидноста.** Во однос на првата половина од 2007 година, просечното учество на ликвидната актива во вкупната актива се намали за 6,3 процентни поени и се сведе на 29,9%. Ова ниво на ликвидни средства обезбеди покриеност на вкупните обврски на банките од 34,2%, што е за 8,1 процентни поени, помалку во однос на првата половина од 2007 година. Од друга страна, како резултат на релативно високото очекувано ниво на стабилни депозити, ликвидните средства на банките го надминуваат износот на вкупните обврски коишто банките очекуваат да достасаат во рок од 30 дена за повеќе од два и пол пати.

**Наспроти тоа, показателите коишто се однесуваат на високоликвидната актива забележаа поблаго намалување, а во одредени случаи и пораст. Ваквите движења во најголем дел се резултат на поизразениот пораст на високоликвидната актива и нејзиното зголемено структурно учество во рамки на ликвидната актива на банките.** Во првата половина од 2008 година, учеството на високоликвидната во вкупната актива беше 18,1%, што е речиси непроменето ниво во однос на првата половина од 2007 година. Притоа, нивото на високоликвидни средства обезбеди покриеност на вкупните обврски на банките од 20,6%, што е за 1,3 процентни поени помалку во однос на првата половина од 2007 година. Наспроти тоа, се забележува пораст на степенот на покриеност на депозитите на нефинансиските лица и депозитите по видување, коишто во првата половина од 2008 година изнесуваа 27,5% и 60,7%, соодветно. Истовремено,

---

[27] Анализата на ликвидносниот ризик се заснова на просечните износи на категориите од билансот на состојба на банкарскиот систем.

[28] Останатата ликвидна актива се состои од: краткорочно орочени средства кај странски банки и краткорочни кредити пласирани кај странски банки и краткорочни долговни хартии од вредност со исклучок на хартиите од вредност издадени од државата.

обезбедена е целосна покриеност на износот на вкупните обврски коишто банките очекуваат да достасаат во рок од 30 дена.

Најголемо намалување на показателите за ликвидност во текот на првото полугодие за 2008 година беше забележано кај групата средни банки, како резултат на најизразената динамика на кредитната активност, како и порастот на девизните депозити кај оваа група банки, наспроти групата мали банки, каде што повеќето показатели бележат зголемување.

**Табела бр. 21**
**Показатели за ликвидноста - прв дел**

| Показатели | Просек за прво полугодие 2007 година | Просек за 2007 година | Просек за прво полугодие 2008 година | Промена (во процентни поени) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Прво полугодие 2008/Прво полугодие 2007 |
| **Ликвидна актива/Вкупна актива** | **36,3%** | **35,2%** | **29,9%** | **-6,3** |
| - Големи банки | 35,0% | 33,5% | 29,2% | -5,7 |
| - Средни банки | 38,0% | 41,2% | 28,6% | -9,4 |
| - Мали банки | 41,2% | 46,4% | 45,4% | 4,2 |
| **Високоликвидна актива/Вкупна актива** | **18,8%** | **19,1%** | **18,1%** | **-0,8** |
| - Големи банки | 15,2% | 16,1% | 16,6% | 1,4 |
| - Средни банки | 24,4% | 26,0% | 18,3% | -6,2 |
| - Мали банки | 29,7% | 32,7% | 35,0% | 5,3 |
| **Ликвидна актива/Вкупни обврски** | **42,3%** | **41,0%** | **34,2%** | **-8,1** |
| - Големи банки | 38,9% | 37,3% | 32,2% | -6,6 |
| - Средни банки | 45,8% | 45,0% | 33,3% | -12,5 |
| - Мали банки | 70,4% | 72,1% | 80,3% | 9,9 |
| **Високоликвидна актива/Вкупни обврски** | **22,0%** | **22,3%** | **20,6%** | **-1,3** |
| - Големи банки | 16,9% | 17,9% | 18,3% | 1,4 |
| - Средни банки | 29,5% | 28,4% | 21,3% | -8,2 |
| - Мали банки | 50,7% | 50,8% | 61,9% | 11,2 |
| **Ликвидна актива/Вкупни депозити на нефинансиски лица** | **50,7%** | **49,1%** | **41,0%** | **-9,7** |
| - Големи банки | 45,2% | 43,2% | 37,0% | -8,2 |
| - Средни банки | 58,7% | 57,7% | 43,5% | -15,1 |
| - Мали банки | 89,9% | 96,7% | 127,2% | 37,3 |
| **Високоликвидна актива/Вкупни депозити на нефинансиски лица** | **26,3%** | **26,7%** | **27,5%** | **1,2** |
| - Големи банки | 19,7% | 20,7% | 23,3% | 3,6 |
| - Средни банки | 37,7% | 36,4% | 31,2% | -6,6 |
| - Мали банки | 64,7% | 68,2% | 104,7% | 39,9 |
| **Високоликвидна актива/Депозити по видување**** | **58,3%** | **60,2%** | **60,7%** | **2,4** |
| - Големи банки | 42,8% | 46,1% | 50,6% | 7,8 |
| - Средни банки | 93,5% | 91,1% | 76,9% | -16,6 |
| - Мали банки | 115,4% | 120,4% | 156,6% | 41,1 |
| **Ликвидна актива во девизи/Вкупни краткорочни обврски во девизи** | **56,9%** | **53,3%** | **41,3%** | **-15,6** |
| - Големи банки | 51,7% | 47,3% | 36,6% | -15,1 |
| - Средни банки | 65,7% | 65,3% | 50,0% | -15,7 |
| - Мали банки | 125,4% | 119,5% | 114,4% | -11,0 |
| **Високоликвидна актива во девизи/Вкупни краткорочни обврски во девизи** | **8,0%** | **7,8%** | **6,3%** | **-1,7** |
| - Големи банки | 4,2% | 4,4% | 3,9% | -0,3 |
| - Средни банки | 18,4% | 17,4% | 12,6% | -5,8 |
| - Мали банки | 25,6% | 23,7% | 25,2% | -0,4 |
| **Ликвидна актива/ Вкупни обврски со рок на очекувано повлекување до 30 дена*** | **213,0%** | **272,2%** | **249,6%** | **36,6** |
| **Високоликвидна актива/ Вкупни обврски со рок на очекувано повлекување до 30 дена*** | **118,0%** | **149,4%** | **158,4%** | **40,4** |

*Овој показател се пресметува врз основа на состојби на крајот од анализираните периоди

**Депозитите по видување ги вклучуваат и трансакциските депозити.

**Во првото полугодие од 2008 година, соодносот меѓу ликвидната актива во девизи и вкупните краткорочни обврски во девизи забележа намалување за 15,6**

**процентни поени, пред сè како резултат на пренасочувањето на краткорочните пласмани на банките кај странски банки во кредити во домашната економија, како и порастот на девизните депозити.** Ваквите движења особено се карактеристични за групите големи и средни банки, каде што ликвидната актива во девизи се намали за 4.558 милиони денари и 804 милиони денари, соодветно, во однос на првото полугодие од 2007 година. Од друга страна, краткорочните обврски во девизи кај групите големи и средни банки забележаа пораст од 8.802 милиони денари и 3.221 милиони денари. Истите причини доведоа и до намалување на соодносот меѓу високоликвидната актива во девизи и вкупните краткорочни обврски во девизи за 1,7 процентни поени.

**Во структурата на изворите за финансирање на активностите на банките, депозитите на нефинансиските субјекти ја задржаа доминантната позиција и во текот на првото полугодие на 2008 година.** Нивното учество во вкупните извори на средства во овој период изнесуваше 73% и се зголеми за 1,4 процентни поени во однос на првото полугодие од минатата година. Во истиот период, нивното учество во вкупните туѓи извори на средства забележа незначително намалување за 0,2 процентни поени. Ваквите движења во износот на примарните извори на финансирање се должи на порастот на краткорочните депозити на нефинансиски субјекти коишто сè уште заземаат најголемо учество во примарните извори на финансирање (53,1%). По групи банки, групата големи банки го финансира релативно најголемиот дел од активностите со примарни извори на средства.

**Табела бр. 22**
**Показатели за ликвидноста - втор дел**

| Показатели | Просек за прво полугодие 2007 година | Просек за 2007 година | Просек за прво полугодие 2008 година | Промена (во процентни поени) Прво полугодие 2008/Прво полугодие 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **Учество на примарните извори на средства во вкупните извори на средства** | **71,6%** | **71,7%** | **73,0%** | **1,4** |
| - Големи банки | 77,4% | 77,4% | 79,0% | 1,6 |
| - Средни банки | 64,8% | 71,4% | 65,7% | 1,0 |
| - Мали банки | 45,8% | 47,9% | 35,6% | -10,2 |
| **Учество на примарните извори на средства во вкупните туѓи извори на средства** | **83,6%** | **83,6%** | **83,4%** | **-0,2** |
| - Големи банки | 86,0% | 86,3% | 87,1% | 1,1 |
| - Средни банки | 78,1% | 78,0% | 76,5% | -1,6 |
| - Мали банки | 78,3% | 74,5% | 63,1% | -15,2 |
| **Учество на секундарните извори на средства во вкупните извори на средства** | **11,6%** | **12,1%** | **11,8%** | **0,2** |
| - Големи банки | 10,2% | 10,4% | 9,0% | -1,2 |
| - Средни банки | 15,2% | 17,5% | 17,7% | 2,4 |
| - Мали банки | 11,0% | 14,8% | 16,9% | 5,9 |
| **Учество на секундарните извори на средства во вкупните туѓи извори на средства** | **13,6%** | **14,1%** | **13,5%** | **-0,1** |
| - Големи банки | 11,4% | 11,6% | 9,9% | -1,5 |
| - Средни банки | 18,4% | 19,2% | 20,6% | 2,2 |
| - Мали банки | 18,8% | 22,9% | 29,9% | 11,2 |
| **Бруто кредити/Вкупни депозити** | **73,5%** | **75,5%** | **82,7%** | **9,3** |
| - Големи банки | 72,2% | 74,5% | 79,6% | 7,4 |
| - Средни банки | 79,1% | 80,2% | 92,8% | 13,7 |
| - Мали банки | 64,0% | 64,5% | 82,1% | 18,1 |
| **Девизни кредити/Вкупни обврски во девизи** | **29,8%** | **30,8%** | **33,2%** | **3,4** |
| - Големи банки | 32,5% | 33,8% | 35,9% | 3,4 |
| - Средни банки | 26,1% | 26,4% | 29,7% | 3,7 |
| - Мали банки | 5,4% | 4,0% | 1,6% | -3,8 |
| **Девизни кредити/Вкупни девизни позајмици** | **214,0%** | **213,4%** | **250,2%** | **36,2** |
| - Големи банки | 287,6% | 288,9% | 333,8% | 46,2 |
| - Средни банки | 146,0% | 144,8% | 174,9% | 28,8 |
| - Мали банки | 14,5% | 10,5% | 4,0% | -10,5 |

**Рочната структура на примарните извори на средства покажува дека 93,9% се извори на средства со рок до 1 година (депозити по видување и краткорочно орочени депозити).** Примарните извори на средства забележаа пораст од 27%, во просек, во однос на истото полугодие во 2007 година, при што најголем придонес во порастот

имаат краткорочно орочените депозити со 63,3%. Сепак, во првото полугодие на 2008 година, продолжи позитивниот тренд на зголемување на рочноста на примарните извори на средства, па така долгорочно орочените депозити забележаа најголем пораст од 72,1%, во однос на првото полугодие на 2007 година.

**Табела бр. 23**
**Рочна структура на примарните извори на средства по групи банки**

| Опис | | Просек за прво полугодие 2007 година | Просек за 2007 година | Просек за прво полугодие 2008 година | Промена (во процентни поени) Прво полугодие 2007/Прво полугодие 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Група големи банки | депозити по видување | 46,0% | 45,0% | 41,6% | -4,4 |
| | краткорочно орочени депозити | 52,0% | 52,7% | 54,6% | 2,6 |
| | долгорочно орочени депозити | 2,0% | 2,3% | 3,8% | 1,8 |
| Група средни банки | депозити по видување | 40,4% | 40,0% | 36,2% | -4,2 |
| | краткорочно орочени депозити | 50,2% | 49,7% | 51,8% | 1,6 |
| | долгорочно орочени депозити | 9,4% | 10,3% | 12,0% | 2,6 |
| Група мали банки | депозити по видување | 56,1% | 56,6% | 62,7% | 6,6 |
| | краткорочно орочени депозити | 27,7% | 26,2% | 25,1% | -2,6 |
| | долгорочно орочени депозити | 16,2% | 17,2% | 12,2% | -4,0 |
| Цел банкарски систем | депозити по видување | 45,1% | 44,3% | 40,8% | -4,4 |
| | краткорочно орочени депозити | 50,4% | 50,8% | 53,1% | 2,8 |
| | долгорочно орочени депозити | 4,5% | 4,9% | 6,1% | 1,6 |

**Во првото полугодие од 2008 година, секундарните извори на средства изнесуваа 27.422 милиони денари, просечно, на месечна основа и во однос на истото полугодие од минатата година забележаа пораст од 26,7%. Сепак, и покрај ваквиот пораст, секундарните извори на средства имаа непроменето учество во структурата на туѓите и на вкупните извори на средства на банките.** Во однос на одделните групи банки, релативно поголема „зависност“ од секундарните извори на средства покажаа групите средни и мали банки.

**Графикон бр.45**
**Динамика на секундарните извори на средства**




**Во структурата на секундарните извори на средства, долгорочните позајмици останаа доминантна категорија на ниво на банкарскиот систем и по одделните групи банки, иако депозитите од банки забележаа најголем пораст.** Во однос на првото полугодие од 2007 година, депозитите од банки се зголемија за 3.480 милиони денари и имаа најголем придонес (60,1%) во порастот на вкупните секундарни извори на средства на банките. Овој пораст во најголем дел се должи на порастот на краткорочно орочените девизни депозити од матичните субјекти на банките. Анализата по одделните групи банки, покажува дека релативно повисоко учество на овие извори на средства во вкупните и туѓите извори на финансирање е присутно кај групите мали и средни банки. Во однос на првата половина од 2007 година, секундарните извори на средства кај овие две групи банки бележат зголемување за 35% и 49,3%, соодветно.

**Табела бр. 24**
**Структура на секундарните извори на средства по групи банки**

| Опис | | Просек за прво полугодие 2007 година | Просек за 2007 година | Просек за прво полугодие 2008 година | Промена (во процентни поени) Прво полугодие 2007/Прво полугодие 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Група големи банки** | депозити од банки | 19,9% | 22,5% | 22,1% | 2,2 |
| | краткорочни позајмици | 11,0% | 13,5% | 19,6% | 8,7 |
| | долгорочни позајмици | 69,1% | 64,0% | 58,3% | -10,8 |
| **Група средни банки** | депозити од банки | 26,1% | 29,7% | 38,2% | 12,1 |
| | краткорочни позајмици | 1,5% | 1,5% | 2,2% | 0,7 |
| | долгорочни позајмици | 72,4% | 68,8% | 59,6% | -12,8 |
| **Група мали банки** | депозити од банки | 17,8% | 24,6% | 38,2% | 20,4 |
| | краткорочни позајмици | 0,4% | 1,1% | 1,9% | 1,5 |
| | долгорочни позајмици | 81,6% | 74,3% | 59,9% | -21,7 |
| **Цел банкарски систем** | депозити од банки | 21,9% | 25,3% | 30,0% | 8,1 |
| | краткорочни позајмици | 6,9% | 8,2% | 11,0% | 4,1 |
| | долгорочни позајмици | 71,2% | 66,5% | 59,0% | -12,2 |

**Во текот на првата половина од 2008 година, е зголемено користењето на средства од матичните субјекти на банките.** Во однос на 30.06.2007 година, овие средства забележаа пораст од 306 милиони денари, или за 4,4%. Притоа, шест банки користеа средства од матичниот субјект, и тоа најмногу во форма на депозити. Анализата по групи банки, покажува дека, сè уште, најголемо учество од 59,1% во вкупните користени средства од матични субјекти, на ниво на банкарскиот систем, има групата големи банки, иако кај оваа група банки се забележа намалување на средствата од матичните субјекти за 25,5%, во однос на 30.06.2007 година. Од друга страна, најголема „зависност" од овие извори е присутна кај групата средни банки, имајќи го предвид највисокото учество од 4,2% во вкупните извори на средства на оваа група банки. Воедно, кај оваа група банки се забележува и најголем годишен пораст на средствата од матични субјекти од 1.677 милиони денари. Овој пораст во целост го услови и порастот на користените средства од матични субјекти на ниво на банкарскиот систем. Кај групите големи и мали банки, на 30.06.2008 година учеството на овие извори во вкупните извори на средства изнесуваше 2,7% и 1,3%, соодветно.

**Во текот на првата половина од 2008 година, засилената кредитна активност на банките придонесе за пораст на степенот на искористеност на депозитната база, изразен преку соодносот меѓу бруто-кредитите и депозитите на нефинансиските лица.** Овој показател изнесуваше 82,7% во текот на првата половина од 2008 година и забележа зголемување за 9,3 процентни поени во однос на истото полугодие од 2007 година. Ваквата динамика упатува на забрзано искористување на депозитната база за финансирање на кредитната активност на банките, што е особено видливо кај групата средни банки каде што износот на депозити, речиси во целост е пласиран во форма на кредити на нефинансиските лица.

**Во првото полугодие од 2008 година, показателот за соодносот меѓу девизните кредити и вкупните обврски во девизи изнесуваше 33,2% и забележа зголемување за 3,4 процентни поени во однос на истиот период од претходната година**. Притоа, кај групите големи и средни банки се забележува целосна „искористеност" на девизните позајмици за кредитирање во девизи, односно девизните кредити кај овие две групи банки повеќекратно ги надминуваат девизните позајмици. Наспроти тоа, кај групата мали банки постои значително пониско ниво на „искористеност" на девизните позајмици за кредитирање во девизи, коешто во првото полугодие од 2008 година дополнително се намалува.

### 3.2.2. Рочна структура на активата и пасивата

**На 30.06.2008 година постоеше неусогласеност меѓу средствата и обврските според договорните рокови на нивно достасување, којашто се надминува во рочниот блок над дванаесет месеци. Оваа неусогласеност во најголем дел се должи на рочната неусогласеност на кредитите и депозитите како доминантни позиции во билансите на банките.** Така, на 30.06.2008 година, учеството на долгорочните кредити во вкупната актива на банките изнесуваше 37,7%, во споредба со ниското учество од само 4,8% на долгорочно орочените депозити во вкупната пасива на банките.

**Графикон бр.46**
**Динамика на кумулативната договорна резидуална рочна (не) усогласеност меѓу средствата и обврските на ниво на банкарски систем**




И покрај кумулативната договорна рочна неусогласеност, според досегашното искуство на банките, во сите рочни блокови како и во претходните периоди, постои очекувана[29] рочна усогласеност на средствата и обврските, за што најмногу придонесува досегашната стабилна позиција на депозитите по видување. Сепак, треба да се нагласи дека очекувањата и искуствените анализи на банките и позитивните ефекти од релативно високиот степен на стабилност на депозитната база, сè уште не се потврдени во услови на евентуално влошување на макроекономските движења во земјата.

**На 30.06.2008 година, според видувањата на самите банки, просечното ниво на стабилни депозити по видување за сите банки изнесува 85,5%, што е за 4,2 процентни поени повисоко во однос на истиот датум во претходната година.** Во анализираниот период банките очекуваа зголемено ниво на стабилност кај денарските и девизните депозити по видување, коешто достигна 85,8% и 85,1%, соодветно (30.06.2007 година - 85,9% и 76,8%, соодветно). Истовремено, според очекувањата на банките на 30.06.2008 година, во рок до седум дена би се одлеале 13,4% од вкупните депозити по видување, односно 6,7% од вкупните депозити (на 30.06.2007 година 18,5% и 9,9%, соодветно).

**Графикон бр.47**
**Очекуван процент на стабилни депозити**




[29] Очекуваната преостаната (резидуална) рочност на одделните активни и пасивни позиции го претставува преостанатиот период од крајот на извештајниот период до нивната очекувана рочност, односно рокот во кој банката оценува дека ќе настанат приливи врз основа на нејзините побарувања и одливи врз основа на нејзините обврски.

**Стрес-тест анализа за отпорноста на банкарскиот систем на ликвидносен ризик**

**Стрес-тест анализата за 30.06.2008 година покажа дека банките во Република Македонија главно успешно раководат со ликвидносниот ризик и се карактеризираат со релативно висок степен на отпорност на евентуални неповолни шокови.** Нагорниот тренд на пораст на ликвидната и високоликвидната актива со која располагаат банките, како и согледувањата на банките за висок процент на стабилни депозити, се главните предности за отпорноста на банкарскиот систем на ликвидносниот ризик**.**

**Графикон бр.48**
**Стрес-тест анализа за отпорноста на банкарскиот систем на ликвидносни шокови, со состојба 30.06.2008 година**




Стрес-тест анализата се изврши врз основа на две симулации на одлив на депозити. Симулацијата на повлекување на 20% од вкупните депозити на населението надвор од банкарскиот систем, покажа дека сите банки располагаат со доволно ликвидна и високоликвидна актива за покривање на ваквото хипотетичко повлекување на депозитите на населението. Симулацијата на хипотетичко повлекување на депозитите на дваесетте најголеми депоненти на секоја банка одделно, како екстремно сценарио, покажа поизразено влијание на ликвидносната позиција на банките, во споредба со претходното сценарио.

### 3.3. Валутен ризик

**Високото учество на активата и пасивата со девизна компонента[30] во вкупната актива и пасива на банкарскиот систем на Република Македонија се задржа и во првата половина од 2008 година и во однос на крајот на 2007 година, е речиси непроменето. Притоа, пасивата со девизна компонента забележа побрз полугодишен раст во споредба со порастот на активата со девизна компонента.** Во текот на првата половина од 2008 година, пасивата со девизна компонента се зголеми за 10.058 милиони денари, или за 9,5%. Наспроти тоа, активата со девизна компонента забележа полугодишен пораст од 8.588 милиони денари или за 7,4%. Најголем придонес од 64,7% за порастот на пасивата со девизна компонента имаа девизните депозити на населението, коишто на полугодишна основа се зголемија за 6.505 милиони денари, или за 12,9%(анекс бр. 14). Тие и понатаму имаат најголемо учество од 49,1% во вкупната девизна пасива. Денарските депозити со девизна клаузула, како и девизните депозити на претпријатијата, јавен сектор и други комитенти, на полугодишна основа забележаа значителен пораст со што за вкупниот пораст на пасивата со девизна компонента придонесоа со 27,5% и 17,1%, соодветно. Од друга страна, најголем придонес за

[30] Активата и пасивата со девизна компонента ги опфаќа ставките од активата и пасивата во девизи и во денари со девизна клаузула.

порастот на активата со девизна компонента имаа денарските побарувања со девизна клаузула, како и девизните побарувања. Овие две позиции се зголемија за 20,5% и 12,8%, соодветно, на полугодишна основа, со што претставуваат ставки со најбрз пораст во рамки на вкупната актива со девизна компонента. Ова придонесе за зголемување на нивното структурно учество, со што на крајот на јуни 2008 година, достигнаа ниво од 40,4% и 28%, соодветно, во активата со девизна компонента. Наспроти овие две

**Графикон бр.49**
**Структура на девизната актива на ниво на банкарскиот систем**




**Графикон бр.50**
**Структура на девизната пасива на ниво на банкарскиот систем**




позиции, средствата кај странски и домашни банки, забележаа пад од 3.388 милиони денари, што предизвика намалување на нивното структурно учество од 36,8% (31.12.2007 година) на 31,5% (30.06.2008 година).

**Графикон бр. 51**
**Учество на активата со девизна компонента во вкупната актива, по групи банки**




**Графикон бр. 52**
**Учество на пасивата со девизна компонента во вкупната пасива, по групи банки**




**На ниво на одделните групи банки, учеството на активата и пасивата со девизна компонента во вкупната актива и пасива на соодветната група е речиси непроменето, со исклучок кај групата мали банки,** каде што се забележува поизразено полугодишно намалување на девизната компонента во активата и пасивата за 4 и за 5 процентни поени, соодветно.

**Табела бр. 25**
**Валутна структура на активата и пасивата со девизна компонента**

| Валути | 31.12.2007 | | 30.06.2008 | |
|---|---|---|---|---|
| | Девизна компонента на актива | Девизна компонента на пасива | Девизна компонента на актива | Девизна компонента на пасива |
| Евро | 86,8% | 87,0% | 87,4% | 87,7% |
| Американски долар | 8,2% | 9,0% | 8,0% | 8,6% |
| Швајцарски франк | 2,7% | 2,2% | 2,4% | 1,9% |
| Останато | 2,3% | 1,8% | 2,2% | 1,8% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Валутната структура на активата и пасивата со девизна компонента на крајот на првото полугодие од 2008 година е непроменета во однос на крајот на 2007 година. Еврото и понатаму има доминантно учество во валутната структура на вкупните**

**девизни средства и обврски.** Неговото учество продолжи да се зголемува и во првото полугодие од 2008 година, за сметка на намалувањето на учеството на американскиот долар и останатите валути. И покрај намаленото структурно учество, износот на средствата и обврските во американски долари се зголемува на полугодишна основа.

### 3.3.1.Отворена девизна позиција[31]

**На крајот на јуни 2008 година, отворената девизна позиција на банкарскиот систем на Република Македонија изнесуваше 8.700 милиони денари, или 28,8% од сопствените средства. Досега, ова е најниско ниво на учество на отворената девизна позиција во сопствените средства на банките.** Ваквата позиција во најголем дел е резултат на намалувањето на долгата, позиција кај одделните банки. Анализирано според динамиката, учеството на отворената девизна позиција во сопствените средства има постојан надолен тренд од крајот на јуни 2005 година. Така, на крајот на првата половина од 2008 година, се сведува на досега најниско ниво. **Анализата по групи банки** покажува дека најголем дел (88,7%) од отворената девизна позиција се однесува на отворената девизна позиција на групата големи банки. Исто така, учеството на отворената девизна позиција во сопствените средства е највисоко кај оваа група банки и на крајот на јуни 2008 година, изнесува 47,6%. На крајот на првата половина од 2008 година, анализата на показателот за учеството на збирната (агрегатната) просечна отворена девизна позиција во сопствените средства по одделна банка, покажува дека постои релативно соодветна распределба, при што најголем е бројот на банките, кај кои овој показател се движи во интервалот од 5% до 15%.

**Графикон бр.53**
**Динамика на отворената девизна позиција на ниво на банкарски систем**




**Графикон бр.54**
**Отворена девизна позиција по групи банки на 30.06.2008 година**




**Табела бр. 26**
**Агрегатна ОДП (просечна)/сопствени средства**

| Агрегатна ОДП (просечна)/Сопствени средства | Број на банки |
|---|---|
| под 5% | 3 |
| од 5% до 15% | 7 |
| од 15% до 30% | 3 |
| од 30% до 50% | 3 |
| над 50% | 1 |

[31] Отворената девизна позиција претставува разлика помеѓу активните и пасивните билансни позиции во девизи и во денари со девизна клаузула.

**На крајот на првата половина од 2008 година, валутната структура на отворената девизна позиција е речиси непроменета во однос на декември 2007 година. Еврото и понатаму остана доминантна валута во структурата на отворената девизна позиција.** На полугодишна основа, учеството на отворената девизна позиција во евра и американски долари бележи незначително намалување во вкупната отворена девизна позиција на ниво на банкарскиот систем за сметка на зголемувањето на учеството на отворената девизна позиција во швајцарски франци и останатите валути. Отворената девизна позиција во евра бележи најголемо намалување на апсолутна основа (1.640 милиони денари, или 17,7%), додека отворената девизна позиција во американски долари забележа најголем релативен пад од 85,2% (или 85,5 милиони денари). Ваквите движења во најголема мера се условени од намалувањата на изложеноста во евра и американски долари кај групата големи банки. Притоа, зголемувањето на учеството на изложеноста во швајцарски франци на ниво на банкарскиот систем  е главно условено од зголемувањето на изложеноста во оваа валута на една банка од групата големи банки.

**Табела бр.27 -Валутна структура на отворената девизна позиција**

| **Валута** | **31.12.2007** | **30.06.2008** |
|---|---|---|
| | **Цел банкарски систем** | **Цел банкарски систем** |
| **Евро** | 85.8% | 83.0% |
| **Американски долар** | 0.9% | 0.2% |
| **Швајцарски франци** | 7.0% | 8.9% |
| **Останато** | 6.3% | 8.0% |
| **Вкупно :** | **100%** | **100%** |

## 3.4. Ризик од несолвентност[32]

**Како и во изминатите години, така и во првата половина од 2008 година, банките во Република Македонија одржуваа релативно висока солвентна позиција и покрај постојаниот тренд на намалување на адекватноста на капиталот, како последица на зголемениот обем на нивните активности. Притоа, постоечкото ниво на капиталната позиција на банките во целост ги покрива идентификуваните ризици на банките.**

### 3.4.1. Сопствени средства

**Во текот на првата половина од 2008 година, сопствените средства на банките продолжија да растат.** На 30.06.2008 година, тие изнесуваа 30.209 милиони денари, што е пораст за 9% во однос на крајот на 2007 година. Ова зголемување главно се должи на реинвестирањето на добивката остварена во 2007 година (преку зголемување на резервниот фонд и задржаната добивка) и зголеменото користење субординирани инструменти. Притоа, реинвестираната добивка услови 63,6%, а зголеменото користење на субординираните инструменти 28,3% од вкупниот пораст на сопствените средства во првото полугодие од 2008 година.

**Релативно едноставната структура и понатаму е една од основните карактеристики на сопствените средства на банките.** Основниот капитал, со учество од 90,2% е доминантна ставка во структурата на вкупните сопствени средства на банкарскиот систем. Во рамки на основниот капитал најголем дел (75,1%) отпаѓа на вредноста на обичните и некумулативните акции и остварената премија на овие акции. Резервниот фонд и финансискиот резултат од досегашното работење на банките имаат релативно помало структурно учество и на 30.06.2008 година тие формираа 18,1% и 8,2% од основниот капитал. Наспроти тоа, овие две ставки имаа пресудно значење, односно придонесоа за 57% и 34,5%, соодветно во вкупниот полугодишен пораст на

[32] Во декември 2007 година, со донесувањето на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на РМ“ бр. 159/2007 и 32/2008) беше извршена квалитативна промена на начинот на пресметка на сопствените средства, активата пондерирана за ризиците и стапката на адекватност на капиталот.

основниот капитал. Дополнителниот капитал 1 и понатаму има релативно мало учество во сопствените средства на банките. Најголемо значење во формирањето на дополнителниот капитал 1 имаат субординираните инструменти, коишто забележаа полугодишен пораст од 703 милиони денари, или за 29,3%. И покрај зголеменото користење на субординираните инструменти, тие сè уште имаат релативно мало структурно учество во сопствените средства на банките (10,3%).

**Табела бр. 28**
**Структура и промена на сопствените средства на банките**

| | Износ во милиони денари | | Структура | | Промена 30.06.2008/31.12.2007 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2007 | 30.06.2008 | 31.12.2007 | 30.06.2008 | во милиони денари | во % | во структура во п.п. | учество во промената |
| **Сопствени средства** | **27.721** | **30.209** | **100%** | **100%** | **2.487** | **9,0%** | **0,0%** | **100,0%** |
| **Основен капитал** | **25.534** | **27.263** | **92,1%** | **90,2%** | **1.729** | **6,8%** | **-1,9%** | **69,5%** |
| -Уплатени и запишани обични и некумулативни приоритетни акции и премија по акции | 20.237 | 20.462 | 73,0% | 67,7% | **225** | **1,1%** | **-5,3%** | **9,1%** |
| -Резервен фонд | 3.950 | 4.934 | 14,2% | 16,3% | **985** | **24,9%** | **2,1%** | **39,6%** |
| -Добивка/Загуба * | 1.645 | 2.241 | 5,9% | 7,4% | **596** | **36,3%** | **1,5%** | **24,0%** |
| **Дополнителен капитал 1** | **2.642** | **3.399** | **9,5%** | **11,3%** | **757** | **28,6%** | **1,7%** | **30,4%** |
| -Субординирани инструменти | 2.399 | 3.102 | 8,7% | 10,3% | **703** | **29,3%** | **1,6%** | **28,3%** |
| Одбитни ставки од основен капитал и дополнителен капитал 1 | 455 | 453 | 1,6% | 1,5% | **-2** | **-0,5%** | **-0,1%** | **-0,1%** |

*Добивката/Загубата се однесува на тековната добивка/загуба и задржаната добивка намалени за акумулираната загуба од претходни години

**Ваквата едноставна структура на сопствените средства е присутна и на ниво на одделните групи банки.** На 30.06.2008 година, во структурата на сопствените средства кај сите групи банки, основниот капитал има доминантно учество од над 80%, наспроти малото учество на останатите ставки. Одреден исклучок претставува групата големи банки кај која субординираните инструменти формираат 17,1% од сопствените средства. Наспроти тоа, групата мали банки воопшто не го користи овој извор на средства и во целост се „потпира" на основниот капитал во формирањето на сопствените средства.

**Табела бр. 29**
**Структура и промена на сопствените средства по групи банки**

| | Големи банки | | | Средни банки | | | Мали банки | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2008 | | | 30.06.2008 | | | 30.06.2008 | | |
| | Износ во милиони денари | Промена во милиони денари | Структура во % | Износ во милиони денари | Промена во милиони денари | Структура во % | Износ во милиони денари | Промена во милиони денари | Структура во % |
| **Сопствени средства** | **16.196** | **1.540** | **100,0%** | **9.179** | **700** | **100,0%** | **4.833** | **248** | **100,0%** |
| **Основен капитал** | **13.404** | **780** | **82,8%** | **8.765** | **615** | **95,5%** | **5.094** | **333** | **105,4%** |
| -Уплатени и запишани обични и некумулативни приоритетни акции и премија по акции | 8.342 | 4 | **51,5%** | 7.090 | -11 | **77,2%** | 5.030 | 232 | **104,1%** |
| -Резервен фонд | 3.415 | 811 | **21,1%** | 1.192 | 119 | **13,0%** | 327 | 55 | **6,8%** |
| -Добивка/Загуба * | 1.725 | -13 | **10,6%** | 664 | 598 | **7,2%** | -148 | 11 | **-3,1%** |
| **Дополнителен капитал 1** | **2.969** | **760** | **18,3%** | **430** | **82** | **4,7%** | **0** | **-86** | **0,0%** |
| -Субординирани инструменти | 2.766 | 758 | **17,1%** | 336 | 30 | **3,7%** | 0 | -86 | **0,0%** |
| Одбитни ставки од основен капитал и дополнителен капитал 1 | 177 | 0 | **1,1%** | 15 | -2 | **0,2%** | 261 | 0 | **5,4%** |

**Групата големи банки ја задржа доминантната улога во формирањето на капиталната база на ниво на банкарскиот систем.** На 30.06.2008 година оваа група банки учествува со 53,6% во вкупните сопствени средства на банките. Наспроти тоа, на групите средни и мали банки им припаѓаа 30,4% и 16,0%, соодветно, од сопствените средства на сите банки.

**Во изминатите неколку години, во банкарскиот систем е присутен тренд на пораст на делот од сопствените средства потребен за покривање на кредитниот ризик.**[33] Ваквата тенденција е логична последица на засилената кредитна активност на банките, во текот на истиот период. На 30.06.2008 година, во структурата на сопствените средства, износот потребен за покривање на кредитниот ризик има учество од 48,1%, наспроти минималното учество од 3,4% на износот потребен за покривање на валутниот ризик. На ниво на одделните групи банки, највисоко учество (61,8%) на средствата потребни за покривање на кредитниот ризик е забележливо кај групата големи банки, како директна последица на посилната кредитна активност на оваа група банки.

**Графикон бр. 55**
**Распределба на сопствените средства по одделни ризици на ниво на банкарскиот систем**




**Графикон бр. 56**
**Распределба на сопствените средства по одделни ризици по групи банки**




**Сепак, банките располагаат со сопствени средства коишто се доволни за покривање на постојните ризици, како и за преземање дополнителни активности.** Имено, на 30.06.2008 година, 48,6% од сопствените средства на банките се над нивото што е потребно да се покријат идентификуваните ризици. Притоа, малите банки располагаат со највисоко ниво (87,9%) на сопствени средства коишто се над нивото потребно за покривање на ризиците. Ваквата состојба е одраз на релативно високото ниво на капитализираност, наспроти релативно малата улога на оваа група банки во финансиското посредување.

### 3.4.2. Актива пондерирана според ризиците

**Доминантна ставка, со учество од 93,5% во формирањето на вкупната актива пондерирана според ризиците, и понатаму е активата пондерирана според кредитниот ризик.** На 30.06.2008 година, таа изнесуваше 181.550 милиони денари и во најголем дел (85,5%) беше формирана од билансната актива пондерирана за кредитниот ризик. Во однос на 31.12.2007 година, активата пондерирана според кредитниот ризик забележа пораст од 29.175 милиони денари, или за 19,1%. Овој пораст беше резултат на постојаниот тренд на пораст на вкупните активности на банките, како и на промената во структурата на вкупните активности, а согласно со тоа и во структурата на активата пондерирана според кредитниот ризик.

**Во структурата на активата пондерирана според кредитниот ризик, доминантна позиција имаат ставките што се резултат на кредитното портфолио на банките.** На 30.06.2008 година, учеството на ставките со пондер за ризик од 100% и 125% изнесува 61,9%, што е пораст за 4,9 процентни поени во однос на крајот на 2007 година[34]. За сметка на тоа, се забележува намалување на учеството на ставките со пондер за ризик

[33] Притоа, потребното ниво за покривање на кредитниот ризик се пресметува како 8% од активата пондерирана според кредитниот ризик, додека потребното ниво за покривање на валутниот ризик се пресметува како 8% од активата пондерирана според валутниот ризик. Износот на средства над минималното потребно ниво за покривање на идентификуваните ризици се пресметува како разлика меѓу сопствените средства и износот потребен за покривање на кредитниот ризик и валутниот ризик.
[34] Споредбата со 31.12.2007 година е извршена со ставките со пондер за ризик од 100%, бидејќи се претпоставува дека пред 31.03.2008 година (кога е воведен пондерот за ризик од 125%), ставките со пондер за ризик од 125% биле составен дел на ставките со пондер за ризик од 100%.

0% (пред сѐ благајничките и државните записи) и ставките со пондер за ризик 20% (пред сѐ сметки кај други банки). Во структурата на билансната актива пондерирана за кредитниот ризик, најголемо учество имаат побарувањата на банките врз основа на кредити и камати, додека во вонбилансната актива пондерирана за кредитен ризик доминираат непокриените акредитиви и гаранции и неискористените лимити врз основа на кредитни картички и тековни сметки. Структурата на активата пондерирана за кредитен ризик на ниво на одделните групи банки главно соодветствува со онаа на ниво на банкарскиот систем. Одреден исклучок претставува групата мали банки каде што е присутно поголемо учество на ставките со пондери за ризик од 0% и 20%. Паралелно со зголемувањето на активата пондерирана според кредитниот ризик се зголемува и капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, којшто на 30.06.2008 година изнесува 14.524 милиони денари.

**Графикон бр. 57**
**Структура на вкупните активности изложени на кредитен ризик**




**Графикон бр. 58**
**Динамика на адекватност на капиталот на ниво на банкарскиот систем**




**Графикон бр. 59**
**Адекватност на капиталот по групи банки**




**Учеството на активата пондерирана според валутниот ризик во структурата на вкупната актива пондерирана според ризиците останува на ниско ниво.** На 30.06.2008 година, таа изнесуваше 12.679 милиони денари, што претставува само 6,5% од вкупната актива пондерирана според ризиците. Притоа, нето-позицијата во злато повторно нема никаков удел во нејзиното формирање, односно таа во целост е резултат на збирната (агрегатната) девизна позиција, и тоа главно збирната (агрегатната) долга девизна позиција. На истиот датум, капиталот потребен за покривање на валутниот ризик изнесува 1.014 милиони денари и бележи зголемување за 18,5% во однос на 31.12.2007 година.

### 3.4.3. Адекватност на капиталот

**Трендот на постојано опаѓање на стапката на адекватноста на капиталот продолжи и во текот на првата половина од 2008 година.** На 30.06.2008 година, стапката на адекватност на капиталот забележа најниско ниво во текот на изминатите неколку години и изнесуваше 15,6%. Причината за таквото намалување е подинамичниот раст на билансните и вонбилансните активности, пред сѐ кредитирањето, во однос на

порастот на сопствените средства на банките. Во првата половина на 2008 година се забележува намалување и на сите останати показатели за капиталната позиција на банките (анекс бр. 17). Ваквите движења се забележуваат и на ниво на одделните групи банки. Најголем придонес во определувањето на стапката на адекватноста на капиталот има групата големи банки којашто се карактеризира и со најголема изложеност на кредитен ризик. Воедно кај оваа група банки се забележува и најниско ниво на сите показатели за адекватност на капиталот, во споредба со останатите групи банки.

**Стапката на адекватност на капиталот во најголем дел е резултат на движењата на основниот капитал и активата пондерирана за кредитниот ризик.** Ваквата состојба од една страна е последица на доминацијата на основниот капитал во структурата на сопствените средства на банките, а од друга страна, на доминацијата на активата пондерирана за кредитен ризик во структурата на вкупната актива пондерирана за ризици. Оваа констатација се потврдува и со анализата на останатите показатели за капиталната позиција на банките (анекс бр. 17). Имено, се забележуваат многу блиски нивоа на стапката на адекватност на капиталот (Tier 1 ratio) и показателот за соодносот меѓу основниот капитал и активата пондерирана за кредитниот ризик.

**Во поглед на учеството на активата на банките според коефициентот на адекватност на капиталот во вкупната актива на банкарскиот систем, во првата половина од 2008 година се забележуваат позначителни промени кај банките со коефициент над 20%.** Имено, учеството на нивната актива во вкупната актива се намалува за 8,3 процентни поени на сметка на зголемувањето на учеството на активата на банките со коефициент под 20%. Ваквата промена во учеството на активата е резултат на намалувањето на коефициентот на адекватност на капиталот кај две средни банки.

**Графикон бр. 60**
**Дистрибуција на активата на банките според коефициентот на адекватност на капиталот**




**Банкарскиот систем на Република Македонија има релативно слична стапка на адекватност на капитал со земјите од поширокиот регион**[35]. Имено, речиси во сите анализирани земји од поширокиот регион, стапката на адекватност на капиталот на банкарските системи се движи во интервалот од 11,2% до 18,7%. Исклучок е единствено банкарскиот систем на Србија којшто се карактеризира со повисоко ниво на адекватност на капиталот.

**Графикон бр. 61**
**Стапка на адекватност на капиталот на банките во Македонија и земјите од регионот**




[35] Извор: Интернет-страниците на централните банки на анализираните земји. Стапката на адекватност на капиталот за Словенија е со состојба на 31.12.2007 година, за Турција со состојба на 31.05.2008, додека за останатите земји со состојба на 30.06.2008 година.

**Стрес-тест анализа за отпорноста на банкарскиот систем на хипотетички шокови со состојба на 30.06.2008 година**

**Резултатите од стрес-тест анализата, главно упатуваат на задоволителна отпорност на банкарскиот систем во Република Македонија на различни хипотетички шокови. Ниту едно сценарио од основната стрес-тест анализа[1] не предизвикува намалување на стапката на адекватност на капиталот на ниво на банкарскиот систем под законски утврденото минимално ниво од 8%. Притоа, се потврдува заклучокот дека банкарскиот систем најмногу е изложен на кредитниот ризик.** Имено, најзабележително намалување на стапката на адекватност на капиталот на банкарскиот систем се јавува при примена на третото сценарио (зголемување на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ за 50%), кога таа се намалува за 2,3 процентни поени, и се сведува на 13,3%.

**Графикон бр. 62**
**Интервал на стапката на адекватност на капиталот по направената стрес-тест анализа**




Дополнително е применето сценарио коешто вклучува прекласифицирање на кредитната изложеност кон десетте најголеми кредитокорисници кај неколку банки со изразена кредитна активност во категорија на ризик „Д“ (осмо сценарио). Примената на ова сценарио, ја доведува во прашање солвентната позиција на поодделните банки, особено на оние со поизразена кредитна активност. Притоа, кај сите анализирани банки, сопствените средства се сведуваат на негативна вредност, односно адекватноста на капиталот се намалува под 0%. Ваквите резултати упатуваат на високо ниво на чувствителност на овие банки не само на кредитниот ризик, туку и на ризикот од концентрација. Треба да се има предвид дека ваквото сценарио има екстремна природа, бидејќи претпоставува драстично влошување на квалитетот на кредитното портфолио.

**На ниво на одделните групи банки, ниту едно од применетите сценарија не предизвикува намалување на стапката на адекватност на капиталот под 8%. Истовремено, не се доведува во прашање солвентната позиција на ниту една банка[2].** Сепак, се забележуваат значителни разлики во стапката на адекватност на капиталот кај одделните банки. Имено, по спроведувањето на различните симулации, стапката на адекватност на капиталот кај различни банки се движи во интервал од 7,1% до 150,8%.

**Графикон бр. 63**
**Стапка на адекватност на капиталот при седумте сценарија на основната стрес тест анализа**




Најниско ниво на адекватноста на капиталот и пред и по спроведувањето на стрес-тест анализата

се забележува кај групата големи банки, пред сѐ како резултат на подинамичната кредитна активност. Ваквата констатација се потврдува со резултатите од примената на сценаријата за изолиран кредитен шок, коишто упатуваат на заклучокот дека кај оваа група банки постои релативно поизразена чувствителност на кредитниот ризик. Притоа, кај оваа група банки најизразено намалување на стапката на адекватност на капиталот се јавува по примената на третото сценарио за изолиран кредитен шок (зголемување на кредитната изложеност во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 50%). Кај групите средни и мали банки најизразени негативни ефекти се присутни по примената на третото и шестото сценарио, коишто исто така вклучуваат шокови на страната на кредитниот ризик. Следствено, од особено значење за сите банки, а особено за оние со изразена динамика на кредитната активност, е да прават симулации на кредитни шокови и оценка на чувствителноста на кредитен ризик, на редовна основа, во свои рамки,.

[1] Стрес-тест анализата се темели врз примената на осум хипотетички сценарија, од кои:
- три сценарија за изолиран кредитен шок, (зголемување на кредитната изложеност класифицирана во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за: 10%, 30% и 50%),
- четврто сценарио како комбинација на кредитен и каматен шок (зголемување на кредитната изложеност во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 30% и пораст на домашните каматни стапки за 5 процентни поени),
- петто сценарио како комбинација на кредитен и девизен шок (зголемување на кредитната изложеност во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 50% и депрецијација на девизниот курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар за 20%),
- шесто сценарио како комбинација на шокови на страната на кредитниот ризик, девизниот ризик и ризикот на каматна стапка (зголемување на кредитната изложеност во категориите на ризик „В", „Г" и „Д" за 50%, депрецијација на девизниот курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар за 20% и зголемување на домашните каматни стапки за 5 процентни поени);
- седмо сценарио за апрецијација на девизниот курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар во висина од 20% и
- осмо сценарио, коешто се однесува на изолиран кредитен шок, преку прекласифицирање на кредитната изложеност кон десетте најголеми кредитокорисници кај неколку банки (со учество од околу 2/3 од вкупната актива на банкарскиот систем), во категорија на ризик „Д". Ефектите од ова сценарио се анализираат единствено на ниво на поодделните банки.

[2] Несолвентна се смета банка со стапка на адекватност на капиталот под 2% (1/4 од законскиот минимум од 8%).

### 3.5. Профитабилност

**Во првите шест месеци од 2008 година, банкарскиот систем на Република Македонија оствари добивка во износ од 2.512 милиони денари,** што во споредба со истиот период од 2007 година, претставува зголемување за 292 милиони денари, односно за 13,2%. Сепак, зголемувањето на каматните расходи и оперативните трошоци, наспроти забавениот пораст на приходите од редовното работење, во првото полугодие од 2008 година, услови позабавен раст на добивката во споредба со остварениот релативен пораст во првото полугодие од 2007 година (остварената добивка во првите шест месеци од 2007 година беше за 147,9% поголема во споредба со добивката остварена во истиот период од 2006 година). Воедно, овие фактори придонесоа распределбата на добивката да не биде рамномерна по одделни групи банки. Најголемо влијание врз остварувањата на банкарскиот систем имаа банките од групата големи банки, чиешто учество во остварениот финансиски резултат, остварените приходи од редовни активности и вкупниот нето каматен приход на ниво на банкарскиот систем, изнесуваа 89,2%, 64% и 63,5%, соодветно. Во текот на првата половина од 2008 година, оваа група банки оствари добивка во износ од 2.242 милиони денари, што во споредба со истиот период од 2007 година, претставува зголемување за 801 милион денари, односно за 55,6%. Од друга страна, во првото полугодие од 2008 година, групата средни банки забележа намалување на остварената добивка за 58,5%, во споредба со истиот период од 2007 година, додека групата мали банки прикажа загуба од работењето (анекс бр. 2 - Биланс на успех на ниво на банкарскиот систем). Притоа, само четири банки, чиешто заедничко учество во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем на 30.06.2008 година е 6%, прикажаа загуба во првите шест месеци од 2008 година.

### 3.5.1. Структура на приходите и расходите и показатели за профитабилноста и ефикасноста во работењето

**Во првата половина од 2008 година, банкарскиот систем на Република Македонија оствари вкупни приходи во износ од 7.554 милиони денари,** што во споредба со првите шест месеци од 2007 година претставува зголемување за 776 милиони денари (или за 11,4%). **Во структурата на приходите на банките, доминантната позиција ја задржаа нето каматните приходи, следени од нето-приходите од провизии,** со учество од 58,4% и 25,1%, соодветно. Во првото полугодие од 2008 година, остварените нето каматни приходи се за 18,7% поголеми во споредба со истиот период од 2007 година, создавајќи 89,5% од порастот на вкупните приходи на банките. Од друга страна, нето-приходите од провизии забележаа пораст од 10,3% и учествуваа со 22,9% во вкупниот пораст на приходите. Како резултат на овие движења, во првата половина од 2008 година, продолжи трендот на зголемување на релативното значење на нето каматниот приход во структурата на приходите на банките, за сметка на намалувањето на учеството на нето-приходите од провизии и останатите приходи (другите редовни приходи и вонредните приходи). Главен двигател на овој процес беше силниот раст на кредитната активност на банките во изминатиот период, во услови кога банките незначително, или воопшто не вршеа други финансиски активности коишто создаваат некаматни приходи.

**Графикон бр.64**
**Структура на вкупните приходи на банките**




**Во формирањето на нето каматниот приход, каматните расходи на банките забележаа подинамичен раст во споредба со каматните приходи.** Ваквите движења се резултат на заострувањето на конкуренцијата меѓу банките со цел да го задржат или да го зголемат своето пазарно учество, во услови на засилени инфлациски притисоци. Имено, банките, во услови на зголемена меѓусебна конкуренција, а водени од потребата за задржување на постоечките клиенти, во првата половина од 2008 година главно ги зголемуваа пасивните каматните стапки, особено кај денарските депозити, без поголеми измени на активните каматни стапки. Тоа, од своја страна, паралелно со депозитниот раст, влијаеше расходите врз основа на камати во првото полугодие од 2008 година, во споредба со првите шест месеци од 2007 година, да забележат стапка на пораст од 50,3%, што е значително подинамичен раст од стапката на пораст на приходите врз основа на камати за истиот период, од 30,6%. Овие придвижувања, во насока на зголемување на пасивните каматни стапки, произлегуваат од намерата на банките да го избегнат евентуалниот одлив на депозити предизвикан како реакција на поголемите депоненти на зголемувањето на годишната стапка на инфлација, а истовремено, со тоа и да го минимизираат евентуалниот негативен притисок врз сопствената ликвидносна позиција.

**Во секторската структура на нето каматниот приход, продолжи трендот на зголемување на учеството на нето каматниот приход остварен од претпријатијата и населението, што е последица на зголеменото учество на кредитите на нефинансиските лица во вкупната актива на банките.** Во првата половина од 2008 година, нето каматниот приход остварен од претпријатијата и населението е поголем за 879 милиони денари (или 32,6%), во споредба со истиот период од 2007 година, создавајќи повеќе од 100% од вкупниот пораст на нето каматниот приход. **Воедно, во првите шест месеци од 2008 година се забележува зголемување на учеството на нето каматниот приход остварен од банките, во споредба со истиот период од 2007 година,** што е пред сè резултат на поголемиот износ на купени благајнички записи на НБРМ, како и зголемувањето на нивната пондерираната каматна стапка. Наспроти ваквите движења, учеството на нето каматниот приход од останатите комитенти во вкупниот остварен нето каматен приход за првите шест месеци од 2008 година бележи намалување (во споредба со истиот период од 2007 година), што се должи на намаленото инвестирање на банките во државните записи и државните обврзници.

**Графикон бр.65**
**Секторска структура на нето-каматниот приход**




**Меѓу расходните ставки на банките, најголемо значење имаат оперативните трошоци, за чие покривање се потребни 53,9% од вкупните приходи на банките.** Во првото полугодие од 2008 година, оперативните трошоци на банките се за 627 милиони денари поголеми, во споредба со истиот период од минатата година. Притоа, трошоците за вработени и трошоците за услуги останаа доминантни ставки во структурата на оперативните трошоци со учество од 41,2% и 21,8%, соодветно и придонесоа со 37,6% и 30,4%, соодветно, во вкупниот пораст на оперативните трошоци. Во споредба со првата половина од 2007 година, се забележува намалување на делот од остварените приходи коишто се потребни за покривање на резервациите за потенцијални загуби и зголемување на делот од приходите што останува како добивка пред оданочувањето.

**Графикон бр.66**
**Користење на вкупните приходи на банките**



**Во првото полугодие од 2008 година, дел од показателите за оперативната ефикасност на банките бележат влошување.** Имено, на годишна основа, показателот за односот меѓу оперативните трошоци и вкупните редовни приходи (т.н. „cost-to-income“) бележи влошување за 2,2 процентни поени, додека оперативните трошоци по вработен се зголемуваат за 54,5 илјади денари. Ваквото влошување на оперативната ефикасност на банките произлегува од подинамичниот годишен пораст на оперативните трошоци, во споредба со порастот на приходните категории. Така, во првото полугодие од 2008 година, оперативните трошоци на банките се за 18,2% поголеми во споредба со истиот период од минатата година, додека вкупните приходи од редовни активности забележаа поумерен годишен пораст од 13,6%. Имајќи ја предвид тесната поврзаност и меѓузависност на оперативната ефикасност и профитабилното работење на банките, нивните идни остварувања во голема мера зависат од способноста на раководството да ги контролира и да ги одржува оперативните трошоци на одредено, оптимално ниво.

**Табела бр.30**
**Показатели за оперативната ефикасност на банкарскиот систем**

| Показател | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2008 |
|---|---|---|---|
| **Оперативни трошоци/вкупни редовни приходи (cost-to-income показател)** | 61,9% | 55,1% | 57,3% |
| **Нето-каматен приход/некаматни расходи** | 91,9% | 99,7% | 100,6% |
| **Оперативни трошоци по вработен (во илјади денари)** | 624,0 | 656,7 | 711,2 |
| **Нето-каматен приход/нето-резервации (пати)** | 2,9 | 3,4 | 4,6 |

**Графикон бр.67**
**Динамика на оперативните трошоци и вкупните приходи од редовните активности на банките**




**Растот на активата и добивката којашто ја оствари банките во Република Македонија придонесоа за подобрување на показателите за продуктивноста во банкарскиот систем.** Имено, активата, редовните приходи и добивката по вработен продолжија да се зголемуваат и забележаа пораст за 11%, 4% и 3,7%, соодветно, во првото полугодие од 2008 година. Во првите шест месеци од 2008 година, единствено, просечниот полугодишен трошок за вработен во банкарскиот систем бележи влошување, односно е за 18 илјади денари поголем во споредба со истиот период од минатата година. Сепак, согледувањето за подобрената продуктивност во банкарскиот систем не се нарушува, земајќи го предвид фактот дека остварената добивка по вработен е речиси двојно повисока од просечниот полугодишен трошок за вработен во банкарскиот систем.

**Табела бр. 31**
**Показатели за продуктивноста во банкарскиот систем**

| Показател | 30.06.2006 | 30.06.2007 | 30.06.2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива по вработен (во илјади денари)** | 31.119,9 | 37.938,8 | 42.104,1 |
| **Просечен полугодишен трошок за вработен во банкарскиот систем (во илјади денари)** | 275,9 | 274,9 | 293,1 |
| **Редовни приходи по вработен (во илјади денари)** | 1.050,9 | 1.246,7 | 1.296,4 |
| **Добивка по вработен (во илјади денари)** | 186,0 | 423,1 | 438,7 |

**Во првата половина од 2008 година, дел од показателите за профитабилноста на ниво на банкарскиот систем бележат влошување, во споредба со истиот период од минатата година.** Така, на 30.06.2008 година, показателот за повратот на просечната актива (ROAA) изнесуваше 2,2% и забележа влошување за 0,2 процентни поени, во споредба со првото полугодие од 2007 година, додека показателот за повратот на просечниот капитал (ROAE), во истиот период, забележа подобрување за 0,8 процентни поени и на 30.06.2008 година изнесуваше 19,1%.

**Влошувањето на дел од показателите за профитабилноста на ниво на банкарскиот систем произлегува од неповолните движења на овие показатели кај групата средни и групата мали банки.** Од друга страна, кај групата големи банки, сите показатели за профитабилноста и ефикасноста бележат подобрување, во споредба со првите шест месеци од 2007 година. Наспроти оваа група банки, кај групите средни и мали банки се забележува значително влошување на показателите за профитабилноста во работењето, што од своја страна, делумно, се одразува на вредноста на овие показатели на ниво на целиот банкарски систем.

**Табела бр. 32**
**Показатели за профитабилноста и ефикасноста на работењето на банките**

| Показател | Банкарски систем | | Големи банки | | Средни банки | | Мали банки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30.06.2007 | 30.06.2008 | 30.06.2007 | 30.06.2008 | 30.06.2007 | 30.06.2008 | 30.06.2007 | 30.06.2008 |
| Стапка на поврат на просечна актива (ROAA) | 2,4% | 2,2% | 2,3% | 2,9% | 2,8% | 0,9% | 1,4% | -0,2% |
| Стапка на поврат на просечни сопствени средства (ROAE) | 18,3% | 19,1% | 27,4% | 36,5% | 16,9% | 6,5% | 3,6% | -0,4% |
| Оперативни трошоци/вкупни редовни приходи (cost-to-income показател) | 55,1% | 57,3% | 50,1% | 48,0% | 59,5% | 73,4% | 75,4% | 79,7% |
| Некаматни расходи/вкупни редовни приходи | 57,0% | 59,1% | 52,0% | 49,7% | 61,2% | 74,8% | 77,3% | 82,2% |
| Трошоци за плати/вкупни редовни приходи | 22,1% | 22,6% | 20,1% | 19,0% | 23,2% | 28,3% | 32,1% | 33,6% |
| Резервации за потенцијални загуби/нето каматен приход | 29,8% | 21,6% | 31,5% | 17,6% | 20,9% | 25,0% | 54,5% | 50,0% |
| Нето каматен приход/просечна актива | 4,0% | 3,8% | 3,8% | 3,6% | 4,6% | 4,3% | 3,4% | 3,8% |
| Нето каматен приход/вкупни редовни приходи | 56,8% | 59,4% | 59,4% | 59,0% | 55,0% | 60,6% | 45,4% | 57,7% |
| Нето каматен приход/некаматни расходи | 99,7% | 100,6% | 114,2% | 118,9% | 89,8% | 81,0% | 58,8% | 70,2% |
| Финансиски резултат/вкупни редовни приходи | 33,9% | 33,8% | 36,6% | 47,2% | 32,7% | 12,3% | 19,1% | -2,5% |
| Број на вработени | 5.247 | 5.726 | 2.827 | 2.921 | 1.576 | 2.365 | 844 | 440 |
| Актива по вработен (во илјади денари) | 37.938,8 | 42.104,1 | 46.373,6 | 55.079,2 | 33.580,6 | 28.669,2 | 17.824,0 | 28.180,1 |
| Оперативни трошоци по вработен (во илјади денари) | 656,7 | 711,2 | 669,4 | 755,0 | 744,5 | 671,5 | 450,0 | 634,0 |
| Финансиски резултат по вработен (во илјади денари) | 423,1 | 438,7 | 509,8 | 767,6 | 428,2 | 118,5 | 123,2 | -22,8 |

**Кај групата средни банки, главната причина за намалувањето на профитниот потенцијал (добивката остварена во првото полугодие од 2008 година е за 395 милиони денари помала во споредба со истиот период од минатата година) беше изразениот раст на оперативните и каматните расходи.** Така, во првото полугодие од 2008 година, оперативните трошоци кај оваа група банки се поголеми за 415 милиони денари (или 35,3%), во споредба со истиот период од минатата година, придонесувајќи со 66,2% во вкупниот пораст на оперативните трошоци на ниво на банкарскиот систем. Релативно високиот пораст на оперативните трошоци придонесе за влошување на оперативната ефикасност на групата средни банки, што најдобро се покажува преку зголемувањето на вредноста на показателот за односот меѓу оперативните трошоци и вкупните редовни приходи (т.н. cost-to-income), за цели 14 процентни поени. Ваквото влошување на оперативната ефикасност кај групата средни банки може да се смета и за очекувано, имајќи го предвид агресивниот настап на оваа група банки на пазарот, што се потврдува и со силниот раст на нивните активности. Тоа пак, создава основа за подинамичен раст на оперативните трошоци во споредба со растот на приходите, пред сѐ поради значителното проширување на деловната мрежа, зголемувањето на бројот на вработените, промените во нивните организациски структури, поагресивните маркетиншки кампањи и други активности во насока на зајакнување на пазарната позиција.

**Графикон бр.68**
**Динамика на оперативните трошоци и вкупните приходи од редовни активности, на групата средни банки**




**Графикон бр.69**
**Динамика на каматните приходи и каматните расходи, на групата средни банки**




Каматните расходи на групата средни банки забележаа пораст од 342 милиони денари (или 52,5%), придонесувајќи со повеќе од 86% во намалувањето на добивката остварена во првото полугодие од 2008 година, во споредба со истиот период од минатата година. Релативно високиот пораст на каматните расходи кај групата средни банки се должи на зголемувањето на пасивните каматни стапки, заради задржување на постоечките клиенти, но и привлекување нови клиенти. **Намалената профитабилност на групата средни банки, делумно, беше резултат и на намалената нето капитална добивка и зголемените нето-резервации во првото полугодие од 2008 година, во споредба со истиот период од минатата година.** Нето капиталната добивка на групата средни банки забележа намалување за 182 милиони денари (или 46,7%), придонесувајќи со повеќе од 46% во намалувањето на добивката остварена во првото полугодие од 2008 година, во споредба со истиот период од минатата година. Повеќе од 100% од намалувањето на нето капиталната добивка кај оваа група банки беа концентрирани кај само една банка. Во првото полугодие од 2008 година, кај групата средни банки, нето-резервациите забележаа релативно висока стапка на пораст од 45,5% (или 108 милиони денари), во споредба со истиот период од минатата година, придонесувајќи со нешто помалку од 30% во вкупното намалување на остварената добивка кај оваа група банки. Релативно високиот пораст на нето-резервациите кај групата средни банки (којшто е речиси целосно концентриран кај само една банка) предизвика, не само намалување на профитниот потенцијал кај оваа група банки, туку укажува на влошување и на профилот на ризичност кај групата средни банки.

**Графикон бр.70**
**Динамика на оперативните трошоци, каматните расходи и вкупните приходи од редовни активности, на групата мали банки**




**Во првата половина од 2008 година, финансискиот резултат на групата мали банки забележа намалување за 114 милиони денари, со што на 30.06.2008 година оваа група банки прикажа загуба во работењето, во износ од 10 милиони денари.**

**Прикажаната загуба најмногу се должи на намалувањето на остварените приходи од работењето, како резултат на малиот обем на активности на оваа група банки и воопшто малото релативно значење што го има во вкупниот банкарски систем.** Така, во првото полугодие од 2008 година, каматните приходи, некаматните приходи и вонредните приходи, кај групата мали банки, забележаа намалување за 24, 129 и 82 милиони денари, соодветно, во споредба со истиот период од минатата година.

**На 30.06.2008 година, износот на каматоносните средства на банките во Република Македонија е за 11.877 милиони денари поголем од износот на каматоносните обврски, што овозможува остварување соодветен износ на нето каматна маргина за покривање на некаматните расходи на банките.** Ова е показател за доволниот капацитет на банкарскиот систем за апсорпција на шоковите врз профитабилноста, во случај на неочекувани движења на каматните стапки, особено на оние на страната на пасивата. Тоа, пак од своја страна, создава простор за натамошно зголемување на конкуренцијата меѓу банките, што ќе доведе до понатамошно стеснување на каматните распони. Во првата половина од 2008 година, нето каматната маргина на ниво на банкарскиот систем изнесуваше 4,4%. Во првата половина од 2008 година, највисока нето каматна маргина по одделни групи банки, во висина од 5%, бележи групата средни банки, чијашто каматоносна актива, воедно, создава релативно најголем приход. Наспроти тоа, каматоносната пасива на групата големи и групата мали банки создава релативно најмали каматни расходи, односно каматоносните обврски на овие групи банки се со најниска цена.

**Графикон бр.71**
**Нето-каматна маргина во првата половина од 2008 година**




**Според вредноста на показателот за повратот на капиталот, банкарскиот систем на Република Македонија се наоѓа некаде на средината на листата на анализирани земји[36].** Меѓу земјите од опкружувањето, банкарскиот систем на Република Македонија бележи повисока стапка на поврат на капиталот од банкарските системи на Босна и Херцеговина (2,8%), Романија (11,5%), Црна Гора (11,6%), Хрватска (12%), Србија (14,1%) и Словенија (16,3%).

---

[36] Показателите за одделните земји се пресметани за 2007 година, освен за Република Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Турција (пресметките се со состојба на 30.06.2008 година). Извор: Global Financial Stability Report: Containing Systemic Risks and Restoring Financial Soundness, IMF, April 2008; интернет-страници на националните централни банки; контакти со вработените од националните централни банки.

**Графикон бр.72**
**Споредба на ROAE, по одделни земји**



**Графикон бр.73**
**Споредба на ROAA, по одделни земји**



**Според вредноста на показателот за повратот на просечната актива, банкарскиот систем на Република Македонија се наоѓа на горната половина од листата на анализирани земји[37].** Меѓу земјите од опкружувањето, банкарскиот систем на Република Македонија бележи повисока стапка на поврат на активата од банкарските системи на Босна и Херцеговина (0,2%), Словенија (1,4%), Црна Гора (1,4%), Романија (1,4%), Албанија (1,6%) и Хрватска (1,9%).

### 3.5.2. Движење на каматните стапки и каматниот распон

**Во текот на првото полугодие од 2008 година продолжи трендот на стеснување на распонот меѓу пондерираните активни и пасивни каматни стапки (interest rate spread).** Тоа особено беше предизвикано од зголемувањето на каматните стапки на депозитите, но и од намалувањето на каматните стапки на кредитите.

**Графикон бр.74**
**Движење на каматниот распон (interest rate spread) во банкарскиот систем на Република Македонија**




**Графикон бр.75**
**Движење на каматните стапки на кредитите и депозитите**




**Намалувањето на каматните стапки на кредитите беше поизразено кај девизните кредити и денарските кредити со валутна клаузула,** за разлика од каматните стапки на денарските кредити, коишто беа попостојани во своето движење. **Каматните стапки на депозитите имаа нагорен тренд и покажаа поголем степен на чувствителност на макроекономските движења во домашната екомомија и на меѓународните финансиски пазари.** Зголемувањето на годишната стапка на инфлација, во услови на

[37] Показателите за одделните земји се пресметани за 2007 година, освен за Република Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Турција (пресметките се со состојба на 30.06.2008 година). Извор: Global Financial Stability Report: Containing Systemic Risks and Restoring Financial Soundness, IMF, April 2008; интернет-страниците на националните централни банки; контакти со вработените во националните централни банки.

зголемена меѓусебна конкуренција на банките придонесе кон зголемување на каматните стапки на денарските депозити, со цел да се избегне позначајно одлевање на овој тип депозити, коишто претставуваат релативно евтин извор на средства за банките. Наспроти тоа, и покрај зголемувањето на стапката на благајничките записи и на годишната стапка на инфлација, во првото полугодие од 2008 година, банките не извршија позначајни корекции на каматните стапки на денарските кредити (на крајот на јуни 2008 година, каматната стапка на денарските кредити е непроменета во споредба со крајот на декември 2007 година). Имајќи предвид дека реакцијата на банките на порастот на годишната стапка на инфлација и пондерираната стапка на благајничките записи, следи со одредено задоцнување, порастот на каматните стапки на денарските кредити и нивниот одраз врз каматните распони би можеле да се очекуваат во втората половина од 2008 година.

**Графикон бр.76**
**Каматна стапка на едномесечен и тримесечен ЕУРИБОР**




**Зголемувањето на каматните стапки на меѓународните финансиски пазари, во првата половина од 2008 година, предизвика нагорен тренд на каматните стапки на девизните депозити во банкарскиот систем на Република Македонија. Од друга страна, и покрај нагорните движења на каматните стапки на меѓународните финансиски пазари, каматните стапки на девизните кредити продолжија да се намалуваат.** Кризата на финансиските пазари во САД и нејзиното прелевање во европските финансиски пазари предизвика зголемување на неизвесноста меѓу пазарните учесници, раст на каматните стапки и корекции на ценовните нивоа на финансиските инструменти. Овие случувања, имаа индиректни негативни последици за банките во Република Македонија, изразени со зголемување на трошоците за користење на странските извори на финансирање или зголемување на премиите за ризик. Евентуалното продолжување на нагорниот тренд на каматните стапки на меѓународните финансиски пазари може да биде причина за корекции во каматните политики на банките во Република Македонија, во насока на пораст на девизните каматни стапки (на кредитите и депозитите). **Сепак, на почетокот на октомври 2008 година, кривата на принос на ЕУРИБОР доби рамен тек, што укажува на очекувањата на пазарните учесници за намалување на краткорочните каматни стапки во еврозоната.**

**Графикон бр.77**
**Крива на принос на ЕУРИБОР**



**Графикон бр.78**
**Јаз меѓу каматната стапка на благајничките записи на НБРМ и едномесечен ЕУРИБОР**




**Промената на инструментите на монетарната политика на НБРМ, во почетокот на 2008 година, што меѓу другото предизвика зголемување на пондерираната стапка на благајничките записи, доведе до зголемување на јазот меѓу пондерираната стапка на благајничките записи и стапката на просечниот едномесечен ЕУРИБОР[38].** Така, на 31.12.2007, јазот меѓу овие две стапки изнесуваше 0,1 процентен поен, додека на крајот на јуни и август од 2008 година се искачи на 2,5 процентни поени. Ваквите движења ја зголемуваат мотивираноста на банките во Република Македонија за зголемено инвестирање во благајничките записи на НБРМ, а од друга страна го намалуваат интересот за инвестирање во странски финансиски инструменти. Тоа, од своја страна, ќе има соодветно влијание на идниот изглед и структура на активностите на банките.

[38] За потребите на оваа анализа, просечниот едномесечен ЕУРИБОР е добиен како просек од дневните вредности на едномесечниот ЕУРИБОР во текот на определен месец.

## II. БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА ВО 2008 ГОДИНА

### 1. Регулативна рамка на банкарската супервизија

И покрај тоа што, најголем дел од активностите поврзани со регулативната функција на НБРМ беа завршени во периодот на втората половина на 2007 година, заклучно со почетокот на 2008 година, кога беа донесени 23 подзаконски акти врз основа на Законот за банките, сепак во текот на првото полугодие од 2008 година се наметна потреба од дополнување и натамошно унапредување на регулативната рамка на банкарската супервизија. Во таа насока, во текот на првата половина на 2008 година беа донесени следниве подзаконски акти:

- Одлука за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за условите и начинот на работење на штедилниците;
- Упатство за спроведување на Одлуката за лимити на изложеност.

### 1.1. Одлука за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар

Во првата половина на 2008 година, од страна на НБРМ беа целосно реализирани активностите поврзани со спроведување на проектот „Унапредување на Кредитниот регистар на НБРМ“. Завршната фаза од примената на овој сложен проект беше донесувањето на **Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар**. Оваа Одлука ја дефинира правната рамка на новиот унапреден Кредитен регистар.

Унапредениот Кредитен регистар предвидува проширување на видот и опфатот на податоците коишто ги содржи, намалување на прагот на поединечна изложеност којашто се пријавува, скратување на роковите за доставување и обработка на податоците, преминување кон месечно известување и унапредување на извештајните форми од Регистарот.

Најзначајната измена во поглед на видот и опфатот на податоците што се доставуваат до Кредитниот регистар се однесува на известувањето по кредитна партија, наспроти досегашното известување по клиент. Покрај тоа, во новиот Кредитен регистар се вклучени неколку дополнителни податоци, како што се: датум на одобрување на кредитот, износ на кредитот при одобрување, висина и вид на каматната стапка, податоци за достасаните побарувања, денови на доцнење во отплатата на обврските, начин на отплата на кредитот (еднократна или ануитетска отплата), статус на кредитот (реструктуриран, пролонгиран), усогласеност на девизната позиција на клиентот и видот и вредноста на обезбедувањето.

Исто така, во унапредениот Кредитен регистар е извршено намалување на прагот над кој ќе се известува за поединечна изложеност на кредитен ризик, и тоа за правни лица на ниво од 300 илјади денари (за банки и филијали на странски банки), односно 50 илјади денари (за штедилници) и за физички лица на 5 илјади денари (за банки, штедилници и филијали на странски банка).

Со ова унапредување се очекува да се постигне поголема ефикасност на примената на Кредитниот регистар во процесот на правилно определување на големината на кредитниот ризик на кој се изложени банките, како и во вршењето на супервизорската функција од страна на Народната банка.

### 1.2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот

Банкарскиот систем на Република Македонија во изминатите неколку години, се карактеризира со силна кредитна активност особено насочена кон секторот „население“. Порастот на изложеноста кон секторот „население“, во најголема мера, произлегува од изложеноста врз основа на кредитни картички и одобрени негативни салда по тековни сметки. Како резултат на овие движења, изложеноста врз основа на кредитни картички и тековни сметки достигна најголемо учество во структурата на изложеноста на кредитен ризик кон населението според видот на кредитниот производ, наспроти намалување на учеството на наменските и ненаменските потрошувачки кредити.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, односно високата кредитна експанзија кон населението и првите знаци на влошување на квалитетот на овој сегмент од кредитното портфолио, е донесена **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот**. Со неа се воведе нов, повисок пондер на ризичност за побарувањата на банките од физичките лица настанати врз основа на одобрени и искористени пречекорувања по тековни сметки (дозволени и недозволени) и одобрени и искористени кредити по кредитни картички. Целта на оваа Одлука е кредитниот ризик за банкарскиот сектор којшто произлегува од овие кредитни производи да се сведе на прифатливо ниво.

### 1.3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за условите и начинот на работење на штедилниците

Со донесувањето на **Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за условите и начинот на работа на штедилниците** се врши подетаљно определување на примената на главата IX, дел 6 од Законот за банките на работењето на штедилниците во земјата. Оваа глава се однесува на воспоставувањето и функционирањето на Службата за внатрешна ревизија и меѓу другото, предвидува задолжителна обврска едно од лицата вработени во Службата да е овластен ревизор.

Имајќи ја предвид природата и големината на активностите коишто ги вршат штедилниците, како и моментната ограничена понуда на овластени ревизори на пазарот на работна сила, со измените и дополнувањата на Одлуката се дава можност овластениот ревизор да не биде вработен во штедилнициата, односно штедилниците да можат да ангажираат друштво за ревизија или лице - овластен ревизор, коишто би ја вршеле оваа функција, под точно определени услови.

### 1.4. Упатство за спроведување на Одлуката за лимити на изложеност

Во првата половина на 2008 година беше донесено **Упатството за спроведување на Одлуката за лимити на изложеност**, со што се заокружи регулативната рамка за утврдување и следење на лимитите на изложеност.

Преку дефинирање на извештајните форми со кои банката ќе ја известува Народната банка, во ова Упатство, се очекува да се постигне единствена примена на Одлуката за лимитите на изложеност.

Овие извештаи се однесуваат на лимитите утврдени во Законот за банките за: изложеноста на банката кон лицата со посебни права и одговорности, изложеноста на банката кон подружници и акционери со квалификувано учество во банката, капиталните делови на банката во нефинансиските институции, големите изложености на банката, како и на вкупната изложеност на банката и на вложувањата во нефинансиските институции.

## 2. Активности на банкарската супервизија

### 2.1. Лиценцирање - издавање дозволи и согласности на банките и штедилниците

Во текот на првата половина од 2008 година, НБРМ продолжи со интензивен процес на лиценцирање на банките, членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор и акционерите со квалификувано учество, согласно со Законот за банките. Во таа насока, во овој период беа спроведени следниве активности:

| **Вид на дозвола/согласност (банки)** | **издадени** | **одбиени** | **повлечени/запрени** |
|---|---|---|---|
| Согласност за политика сигурност на информативниот систем | 4 | / | / |
| Усогласување на постојните акционери со квалификувано учество со одредбите на Законот за банките | 5 | 3 | 3 запрени |
| Именување членови на Управен одбор | 16 | / | 1 запрена |
| Измена на статут | 10 | / | 1 |
| Именување членови на Надзорен одбор | 80 | 1 | 11 запрени |
| Издавање согласност за усогласување на финансиски активности по новиот Закон за банките | 7 | / | 2 запрени |
| Издавање согласност за нови финансиски активности | 1 | / | / |
| Увид во записник | 5 | / | / |
| Стекнување акции во банка чиј номинален износ надминува 5%,10%,20%,33%,50% и 75% од вкупниот број издадени акции со право на глас | 1 | / | / |
| Измена на дозвола | 1 | / | / |
| **Вкупно** | **130** | **4** | **18** |

| **Вид на дозвола/согласност (штедилници)** | **издадени** | **запрени** | **повлечени/запрени** |
|---|---|---|---|
| Измена на статут/договор на друштво | 3 | / | / |
| Престанок на работа на штедилница | 1 | / | / |
| **Вкупно** | **4** | / | / |

### 2.2. Супервизија на работењето на банките и штедилниците

На почетокот на јануари 2008 година, во рамките на активностите за спроведување на Планот за развој на супервизијата на НБРМ, беа усвоени нови супервизорски процедури и методологии, фокусирани на оценка на ризиците коишто се јавуваат во работењето на банките. Со нивното усвојување се изврши премин од супервизија ориентирана кон усогласеност со прописите (compliance oriented supervision) кон супервизија ориентирана кон оценка на ризиците и на начинот на нивното управување (risk based supervision).

Врз основа на примената на новите супервизорски процедури и политики, во првите шест месеци од 2008 година беа извршени вкупно осум непосредни контроли на

работењето на банките и штедилниците во Република Македонија. Од извршените контроли, пет се однесуваа на целокупното работење на три банки и две штедилници, додека три контроли се однесуваа на дел од работењето. Редовните месечни контроли на штедилниците, од аспект на истакнувањето на ажурираните списоци на штедни влогови, продолжија и во првите шест месеци од 2008 година.

Во текот на првите шест месеци од 2008 година продолжи трендот на забрзан пораст на активностите на банките во Република Македонија. Во такви услови, примарен фокус на НБРМ при вршењето на теренската супервизија беше проценката на системот на внатрешна контрола и соодветноста на воспоставените системи за управување со ризиците од аспект на поддршка на ваквиот динамичен растеж. НБРМ продолжи со особено внимание да го следи начинот на кој банките управуваат со кредитниот ризик, особено во доменот на кредитирањето на физичките лица, кредитирањето во денари со девизна клаузула и долгорочното кредитирање. Кредитниот раст во овие сегменти подразбира зголемена изложеност и на други ризици, како што се оперативниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки, ликвидносниот ризик и ризикот од промената на девизните курсеви, коишто исто така беа во фокусот на теренските контроли на работењето на банките.

Промените во регулаторната рамка коишто настанаа во текот на 2007 година, со стапувањето во сила на Законот за банките, имаат значајно влијание врз работењето на банките. Новите стандарди за организацијата и управувањето со банките произлезени од промените во регулаторната рамка исто така беа во фокусот на теренските контроли.

Од извршените теренски контроли може да се констатира дека солвентноста и ликвидноста на контролираните банки не е загрозена. Кај дел од контролираните банки и штедилници, со теренските контроли беа утврдени слабости во начинот на функционирањето на системот на внатрешна контрола, управувањето со ризиците и корпоративното управување. Исто така, со контролите беа утврдени и одредени слабости во системите на банките за спречување перење пари и финансирање тероризам, посебно во делот што се однесува на идентификување на сомнителните трансакции.

### 2.3. Преземени корективни мерки кон банките и штедилниците

Согласно со Законот за банките, гувернерот на НБРМ презема корективни мерки во случаите кога банките и штедилниците не ги почитуваат прописите со кои се уредува нивното работење. Целта на овие мерки е да се обезбеди заштита на депонентите, односно да се обезбеди стабилноста и сигурноста на банкарскиот систем во целина.

Во текот на првата половина на 2008 година беа изречени писмени предупредувања за две банки и три штедилници и писмени препораки за две банки и две штедилници. Беше поднесено и едно барање за поведување прекршочна постапка кон една банка и кон одговорните лица во таа банка.

Детаљниот преглед на овие мерки е даден во анексот бр. 19 којшто е составен дел на овој Извештај.

### 2.4. Останати активности

Покрај редовните активности на банкарската супервизија на НБРМ, во првите шест месеци од 2008 година беа спроведени и неколку дополнителни активности поврзани со спроведувањето на мисијата ФСАП на ММФ и Светската банка, зајакнувањето на соработката со останатите супервизорски органи од регионот и

натамошно унапредување на супервизорскиот капацитет преку организирање обуки за супервизорите на НБРМ.

Во март 2008 година од страна на заедничката мисија на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка беше спроведена т.н. Програма за оценка на финансискиот сектор во Република Македонија (Financial Sector Assesment Program), чијашто основна цел беше анализа и оценка на стабилноста, ефикасноста и степенот на развиеност на финансискиот систем на земјата, како и идентификување на основните проблеми и слабости во неговото функционирање. Притоа, беше спроведена анализа и оценка на усогласеноста на супервизорската функција на НБРМ со Базелските принципи за ефикасна банкарска супервизија. Општата оценка е дека со Законот за банките од 2007 година и новата регулативната рамка донесена врз основа на овој Закон, е направен значаен напредок во јакнењето на регулативата и супервизорските политики, процедури и практики.

Во рамките на анализата на банкарскиот систем на Република Македонија, од страна на тимот на ММФ и Светската банка, беше извршена и стрес-тест анализа на стабилноста и чувствителноста на банкарскиот систем на кредитниот ризик, валутниот ризик, ликвидносниот ризик, индиректниот кредитен ризик и ризикот на каматните стапки. Покрај стрес-тест анализата на целиот банкарски систем, од трите најголеми банки беше побарано самите да извршат стрес-тест анализа за нивната чувствителност на различни ризици. Резултатите од стрес-тест анализата укажуваат на тоа дека банкарскиот систем е релативно стабилен и отпорен на поединечните ризици. Притоа, анализата ја потврди констатацијата за доминацијата на кредитниот ризик во профилот на ризичност на банките.

Согласно со Меморандумот за соработка и координација помеѓу банкарските супервизорски органи на југоисточна Европа[39], во текот на првата половина од 2008 година, беше формирана работна група составена од претставници на централните банки и супервизорските органи на земјите-потписнички на овој Меморандум. Оваа работна група изврши анализа на регионалните супервизорски практики и регулативи во следниве седум области: дефинирање на нефункционалните кредити и вршење исправка на вредноста/издвојување посебна резерва, стрес-тестирање, управување и мерење на ликвидносниот ризик, спроведување заеднички супервизорски контроли, приближување на супервизорските практики, транспарентност и заштита на потрошувачите и техничка и организациска инфраструктура на супервизорската функција. Реализирањето на овој проект има за цел да се создадат услови за приближување на супервизорските практики присутни во земјите од регионот и да се минимизираат постојните разлики.

Во текот на првата половина од 2008 година, согласно со Планот за развој на супервизијата на НБРМ, продолжи процесот на обука на супервизорите. Во таа насока од особено значење е обуката спроведена како дел од донацијата од Кралството Холандија[40] во доменот на унапредување на комуникациските вештини на супервизорите на НБРМ, со која се опфати способноста за пишана комуникација, управување со човечки ресурси, изработка на презентации и обука на инструктори.

---

[39] Како дел од регионалните напори за зајакнување на банкарската супервизија, во јули 2007 година, НБРМ заедно со супервизорските органи на Албанија, Грција, Бугарија. Кипар, Романија, Србија, Босна и Херцеговина, Република Српска и Црна Гора, потпишаа Меморандум за разбирање со принципи за регионална соработка и координација.

[40] Донацијата е дел од техничката помош на институциите во Република Македонија за исполнување на условите од ПДПЛ 2 и 3 аранжманот склучен со Светската банка. Намената на донацијата е обезбедување средства за поддршка на реформските зафати на Владата на РМ, подобрување на климата за инвестиции и зајакнување на управувањето во јавниот сектор.

# АНЕКСИ

**Анекс бр.1**

## Биланс на состојба - АКТИВА

во милиони денари

| АКТИВА | 31.12.2007 | | | | 30.06.2008 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Група големи банки | Група средни банки | Група мали банки | Вкупно | Група големи банки | Група средни банки | Група мали банки | Вкупно |
| ***ГОТОВИНА И САЛДА КАЈ НБРМ*** | ***10.171*** | ***4.320*** | ***844*** | ***15.335*** | ***10.962*** | ***4.437*** | ***880*** | ***16.279*** |
| Денарски парични средства | 8.189 | 3.599 | 743 | 12.532 | 9.359 | 3.650 | 792 | 13.801 |
| Девизни парични средства | 1.982 | 719 | 100 | 2.801 | 1.602 | 786 | 88 | 2.475 |
| Благородни метали и други парични средства | 0 | 2 | 1 | 3 | 2 | 1 | 0 | 3 |
| ***БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НБРМ*** | ***14.151*** | ***5.031*** | ***1.817*** | ***20.999*** | ***13.922*** | ***4.696*** | ***2.990*** | ***21.607*** |
| ***ДОЛГОВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ*** | ***9.542*** | ***2.896*** | ***645*** | ***13.082*** | ***5.982*** | ***1.290*** | ***476*** | ***7.748*** |
| Чекови и меници | 42 | 27 | 4 | 73 | 90 | 25 | 2 | 117 |
| Хартии од вредност на државата номинирани во денари | 5.390 | 1 | 19 | 5.410 | 4.856 | 1 | 6 | 4.863 |
| Други долговни хартии од вредност | 4.110 | 2.867 | 622 | 7.599 | 1.036 | 1.264 | 468 | 2.768 |
| ***ПЛАСМАНИ КАЈ ДРУГИ БАНКИ*** | ***29.524*** | ***12.349*** | ***4.969*** | ***46.842*** | ***29.309*** | ***10.268*** | ***4.477*** | ***44.054*** |
| Сметки кај домашни банки | 5.239 | 2.093 | 250 | 7.582 | 6.576 | 2.426 | 332 | 9.334 |
| Сметки кај странски банки | 23.309 | 9.518 | 2.256 | 35.083 | 20.896 | 6.816 | 1.627 | 29.338 |
| Краткорочни кредити и други побарувања од домашни банки и други финансиски организации | 69 | 186 | 209 | 465 | 632 | 206 | 301 | 1.138 |
| Краткорочни кредити и други побарувања од странски банки и други финансиски организации | 215 | 530 | 187 | 932 | 402 | 820 | 195 | 1.417 |
| Достасани кредити и побарувања од банки | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 |
| Долгорочни кредити и други побарувања од домашни банки и други финансиски организации | 616 | 1 | 928 | 1.545 | 724 | 0 | 887 | 1.611 |
| Долгорочни кредити и други побарувања од странски банки и други финансиски организации | 0 | 0 | 1.015 | 1.016 | 0 | 0 | 1.029 | 1.029 |
| Нефункционални кредити од банки | 76 | 21 | 124 | 221 | 75 | 1 | 108 | 183 |
| ***КРЕДИТИ НА КОМИТЕНТИ*** | ***79.186*** | ***32.575*** | ***2.146*** | ***113.907*** | ***92.744*** | ***42.106*** | ***2.397*** | ***137.247*** |
| Кредити на претпријатија | 49.111 | 18.751 | 1.020 | 68.881 | 57.348 | 23.556 | 1.318 | 82.222 |
| Кредити на други комитенти | 436 | 19 | 5 | 460 | 423 | 55 | 5 | 483 |
| Кредити на население | 30.710 | 14.192 | 1.263 | 46.165 | 36.473 | 18.539 | 1.263 | 56.275 |
| Нефункционални кредити на комитенти | 7.517 | 1.121 | 760 | 9.398 | 7.653 | 1.830 | 791 | 10.275 |
| Посебна резерва за кредити | -8.588 | -1.507 | -902 | -10.997 | -9.152 | -1.874 | -981 | -12.007 |
| ***ПРЕСМЕТАНА КАМАТА И ОСТАНАТА АКТИВА*** | ***3.098*** | ***1.581*** | ***234*** | ***4.913*** | ***3.354*** | ***1.920*** | ***-121*** | ***5.153*** |
| Побарувања по камати | 646 | 341 | 41 | 1.029 | 667 | 426 | 51 | 1.144 |
| Суспендирана камата и други побарувања | 3.422 | 206 | 198 | 3.826 | 3.221 | 230 | 232 | 3.684 |
| Посебна резерва за камата | -3.446 | -221 | -200 | -3.867 | -3.254 | -241 | -234 | -3.729 |
| Други побарувања | 762 | 520 | 7 | 1.289 | 1.035 | 675 | 7 | 1.717 |
| Реализирани хипотеки и залози | 1.665 | 620 | 427 | 2.712 | 1.567 | 672 | 418 | 2.657 |
| Нето комисиони односи | -41 | -4 | -265 | -310 | -86 | 8 | -630 | -708 |
| Нето интерни односи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останата актива | 89 | 118 | 26 | 234 | 204 | 150 | 34 | 388 |
| ***ПЛАСМАНИ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ*** | ***747*** | ***311*** | ***358*** | ***1.415*** | ***779*** | ***301*** | ***367*** | ***1.447*** |
| Хартии од вредност расположиви за продажба во странска валута | 183 | 2 | 64 | 249 | 178 | 6 | 63 | 247 |
| Хартии од вредност кои се чуваат до достасување во странска валута | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вложувања во домашни сопственички хартии од вредност | 563 | 309 | 294 | 1.167 | 601 | 296 | 304 | 1.201 |
| Посебна резерва за откупени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***ОСНОВНИ СРЕДСТВА*** | ***3.704*** | ***2.510*** | ***952*** | ***7.166*** | ***3.835*** | ***2.785*** | ***933*** | ***7.553*** |
| Градежни објекти | 3.232 | 1.694 | 890 | 5.817 | 3.248 | 1.779 | 875 | 5.902 |
| Опрема | 2.746 | 1.225 | 353 | 4.323 | 2.885 | 1.367 | 361 | 4.613 |
| Нематеријални вложувања | 225 | 221 | 37 | 483 | 239 | 233 | 41 | 513 |
| Други средства за работа | 150 | 22 | 5 | 177 | 183 | 34 | 5 | 222 |
| Средства за работа во подготовка | 163 | 229 | 5 | 397 | 184 | 358 | 5 | 547 |
| Исправка на вредноста на основни средства | -2.812 | -880 | -338 | -4.031 | -2.905 | -986 | -353 | -4.244 |
| ***НЕИЗДВОЕНИ РЕЗЕРВАЦИИ ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЗАГУБИ*** | ***0*** | ***-1*** | ***0*** | ***-1*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ВКУПНА АКТИВА*** | ***150.122*** | ***61.571*** | ***11.966*** | ***223.659*** | ***160.886*** | ***67.803*** | ***12.399*** | ***241.088*** |

## Биланс на состојба - ПАСИВА

во милиони денари

| *ПАСИВА* | 31.12.2007 | | | | 30.06.2008 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **големи банки** | **средни банки** | **Група мали банки** | **Вкупно** | **големи банки** | **средни банки** | **Група мали банки** | **Вкупно** |
| ***ДЕПОЗИТИ ОД БАНКИ*** | **5.851** | **3.685** | **946** | **10.482** | **3.216** | **5.055** | **429** | **8.700** |
| Денарски депозити по видување | 151 | 9 | 11 | 171 | 139 | 2 | 30 | 172 |
| Девизни депозити по видување од домашни банки | 241 | 214 | 0 | 456 | 331 | 88 | 3 | 422 |
| Девизни депози.по видување од странски банки | 216 | 309 | 590 | 1.115 | 263 | 286 | 3 | 552 |
| Краткорочно орочени денарски депозити | 1.285 | 1.155 | 202 | 2.642 | 1.016 | 1.463 | 249 | 2.729 |
| Краткорочно орочени девизни депозити | 260 | 855 | 0 | 1.115 | 523 | 1.187 | 0 | 1.710 |
| Краткорочно орочени девизни депозити од странски банки | 3.698 | 1.142 | 0 | 4.840 | 944 | 2.028 | 0 | 2.972 |
| Долгорочно орочени денарски депозити | 0 | 1 | 143 | 144 | 0 | 1 | 143 | 144 |
| Долгорочно орочени девизни депозити | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***ДЕПОЗИТИ ПО ВИДУВАЊЕ*** | **51.187** | **16.220** | **2.447** | **69.853** | **52.916** | **15.846** | **3.118** | **71.881** |
| Денарски депозити по видување на претпријатија | 14.556 | 4.552 | 703 | 19.812 | 15.094 | 4.714 | 1.232 | 21.039 |
| Денарски депозити по видување на јавен сектор | 561 | 116 | 79 | 756 | 655 | 34 | 82 | 772 |
| Денарски депозити по видување на др.комитен | 1.774 | 540 | 208 | 2.522 | 1.847 | 634 | 286 | 2.767 |
| Денарски депозити по видување на население | 10.144 | 3.544 | 483 | 14.172 | 10.198 | 3.249 | 594 | 14.041 |
| Ограничени денарски депозити | 398 | 356 | 2 | 755 | 344 | 243 | 9 | 597 |
| Девизни депозити по видување на правни лица | 6.786 | 1.999 | 411 | 9.196 | 7.462 | 1.695 | 414 | 9.570 |
| Девизни депозити по видување на население | 16.553 | 4.880 | 555 | 21.988 | 16.715 | 5.156 | 472 | 22.343 |
| Ограничени девизни депозити | 416 | 232 | 4 | 653 | 600 | 122 | 29 | 751 |
| ***КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ ДО 1 ГОДИНА*** | **61.158** | **19.624** | **1.056** | **81.839** | **68.572** | **23.603** | **1.152** | **93.327** |
| Денарски кратк.депозити на претпријатија | 12.078 | 6.379 | 120 | 18.577 | 13.342 | 9.144 | 216 | 22.702 |
| Денарски краткорочни депозити на јавен сектор | 386 | 5 | 16 | 408 | 1.112 | 2 | 25 | 1.139 |
| Денарски кратк.депозити на други комитенти | 1.358 | 106 | 26 | 1.490 | 870 | 87 | 25 | 982 |
| Денарски краткорочни депозити на население | 19.490 | 5.516 | 683 | 25.689 | 20.723 | 5.118 | 656 | 26.497 |
| Девизни краткорочни депозити на правни лица | 6.944 | 2.484 | 4 | 9.432 | 7.444 | 3.093 | 21 | 10.558 |
| Девизни кратк.депозити на други комитенти | 80 | 273 | 18 | 371 | 92 | 726 | 18 | 835 |
| Девизни краткорочни депозити на население | 20.821 | 4.861 | 189 | 25.871 | 24.989 | 5.433 | 191 | 30.614 |
| ***КРАТКОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ ДО 1 ГОДИНА*** | **2.624** | **182** | **2** | **2.808** | **2.916** | **393** | **62** | **3.371** |
| Краткорочни денарски позајмици од домашни банки | 0 | 182 | 2 | 184 | 300 | 360 | 1 | 661 |
| Краткорочни девизни позајмици од домашни банки | | | | | 0 | 33 | 0 | 33 |
| Краткорочни позајмици од странски банки | 2.615 | 0 | 0 | 2.615 | 2.614 | 0 | 0 | 2.614 |
| Краткорочни денарски позајмици од други комитенти | 9 | 0 | 0 | 9 | 2 | 0 | 61 | 63 |
| ***ОСТАНАТА ПАСИВА*** | **2.038** | **1.047** | **110** | **3.194** | **3.378** | **1.186** | **120** | **4.684** |
| Обврски врз основа на камата | 457 | 278 | 35 | 771 | 541 | 348 | 42 | 931 |
| Други обврски во денари | 690 | 399 | 50 | 1.139 | 1.682 | 280 | 52 | 2.015 |
| Други обврски во девизи | 427 | 146 | 10 | 583 | 569 | 289 | 13 | 870 |
| Пасивни временски разграничувања | 464 | 223 | 14 | 702 | 587 | 269 | 14 | 869 |
| ***ДОЛГОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ НАД 1 ГОДИНА*** | **3.454** | **4.594** | **642** | **8.690** | **5.603** | **5.436** | **552** | **11.590** |
| Денарски долгорочни депозити на претпријатија | 399 | 432 | 0 | 830 | 645 | 449 | 3 | 1.097 |
| Денарски долгорочни депозити на јавен сектор | 0 | 113 | 0 | 113 | 0 | 97 | 0 | 97 |
| Денарски долгор.депозити на други комитенти | 363 | 325 | 261 | 949 | 546 | 723 | 170 | 1.439 |
| Денарски долгорочни депозити на население | 1.320 | 1.385 | 302 | 3.007 | 1.721 | 1.466 | 293 | 3.480 |
| Девизни долгорочни депозити на правни лица | 0 | 43 | 0 | 44 | 26 | 36 | 0 | 62 |
| Девизни долго.депозити на други комитенти | 248 | 38 | 1 | 288 | 553 | 50 | 1 | 604 |
| Девизни долгорочни депозити на население | 1.124 | 2.257 | 78 | 3.460 | 2.112 | 2.614 | 85 | 4.810 |
| ***ДОЛГОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ НАД 1 ГОДИНА*** | **8.440** | **6.824** | **1.406** | **16.671** | **8.606** | **6.781** | **1.237** | **16.624** |
| Долгорочни позајмици од НБРМ | 916 | 638 | 5 | 1.560 | 690 | 594 | 5 | 1.289 |
| Долгоро.денарски позајмици од домашни банки | 589 | 584 | 5 | 1.179 | 364 | 610 | 6 | 979 |
| Долгорочни девизни позајмици од домашни банки и други финансиски институции | 752 | 1.687 | 0 | 2.440 | 678 | 1.674 | 0 | 2.352 |
| Долгорочни позајмици од странски банки | 3.801 | 2.273 | 1.344 | 7.418 | 3.435 | 2.169 | 1.183 | 6.788 |
| Долгорочни позајмици од други комитенти | 374 | 546 | 51 | 971 | 672 | 638 | 43 | 1.354 |
| Долгорочни девизни позајмици од други комитенти | 0 | 490 | 0 | 490 | 0 | 459 | 0 | 459 |
| Долгорочни позајмици од нефинансиски правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Долгорочни обврски по издадени хартии од вредност и субординирани депозити и хибридни капитални инструменти | 2.007 | 606 | 0 | 2.613 | 2.767 | 636 | 0 | 3.404 |
| ***РЕЗЕРВАЦИИ ЗА ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ*** | **769** | **87** | **15** | **872** | **792** | **98** | **29** | **919** |
| ***КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ*** | **11.931** | **8.343** | **5.191** | **25.465** | **12.646** | **9.008** | **5.603** | **27.257** |
| Основачки капитал | 8.452 | 7.142 | 4.798 | 20.393 | 8.452 | 7.183 | 5.030 | 20.666 |
| Резервен фонд | 2.604 | 1.126 | 273 | 4.004 | 3.415 | 1.192 | 327 | 4.934 |
| Ревалоризациони резерви | 121 | 0 | 0 | 121 | 160 | 0 | -2 | 157 |
| Нераспределена добивка од поранешни години | 752 | 566 | 32 | 1.350 | 617 | 1.136 | 92 | 1.845 |
| Други фондови | 1 | 0 | 410 | 411 | 1 | 0 | 423 | 424 |
| Загуба | 0 | -491 | -185 | -677 | 0 | -387 | -160 | -547 |
| Тековна загуба | 0 | 0 | -137 | -137 | 0 | -116 | -107 | -223 |
| ***ПЕРИОДИЧНА НЕТО-ДОБИВКА*** | ***2.672*** | ***963*** | ***152*** | ***3.787*** | ***2.242*** | ***396*** | ***97*** | ***2.735*** |
| ***ВКУПНА ПАСИВА*** | **150.122** | **61.571** | **11.966** | **223.659** | **160.886** | **67.803** | **12.399** | **241.088** |

**Анекс бр.2**

## *БИЛАНС НА УСПЕХ*

во милиони денари

| *Биланс на успех* | *30.06.2007* | | | | *30.06.2008* | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Група големи банки* | *Група средни банки* | *Група мали банки* | *Вкупно* | *Група големи банки* | *Група средни банки* | *Група мали банки* | *Вкупно* |
| **КАМАТЕН ПРИХОД** | ***3.853*** | ***1.788*** | ***338*** | ***5.979*** | ***5.122*** | ***2.374*** | ***314*** | ***7.811*** |
| *банки* | 345 | 250 | 87 | 682 | 706 | 273 | 139 | 1.118 |
| *претпријатија* | 1.535 | 763 | 70 | 2.368 | 2.136 | 995 | 53 | 3.184 |
| *население* | 1.211 | 635 | 101 | 1.947 | 1.766 | 1.033 | 72 | 2.871 |
| *останати* | 812 | 174 | 92 | 1.078 | 607 | 115 | 56 | 778 |
| *сторнирани приходи* | -50 | -34 | -12 | -96 | -93 | -41 | -5 | -140 |
| **КАМАТЕН РАСХОД** | ***-1.518*** | ***-652*** | ***-91*** | ***-2.261*** | ***-2.319*** | ***-994*** | ***-85*** | ***-3.398*** |
| *банки* | -346 | -108 | -5 | -459 | -437 | -172 | -9 | -618 |
| *претпријатија* | -379 | -171 | -5 | -555 | -502 | -274 | -6 | -782 |
| *население* | -735 | -275 | -51 | -1.061 | -1.271 | -389 | -35 | -1.695 |
| *останати* | -58 | -98 | -30 | -186 | -110 | -158 | -35 | -302 |
| **НЕТО КАМАТЕН ПРИХОД** | ***2.335*** | ***1.136*** | ***247*** | ***3.718*** | ***2.803*** | ***1.381*** | ***229*** | ***4.412*** |
| **НЕТО РЕЗЕРВАЦИИ** | ***-736*** | ***-237*** | ***-135*** | ***-1.108*** | ***-493*** | ***-345*** | ***-115*** | ***-952*** |
| *Извршени резервации* | -951 | -287 | -154 | -1.393 | -947 | -440 | -126 | -1.513 |
| *Поврат на резервации* | 216 | 51 | 42 | 309 | 454 | 96 | 11 | 561 |
| *Неиздвоени резервации* | 0 | -1 | 23 | -24 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **НЕТО КАМАТЕН ПРИХОД ПО РЕЗЕРВАЦИИ** | ***1.599*** | ***899*** | ***112*** | ***2.610*** | ***2.310*** | ***1.036*** | ***114*** | ***3.460*** |
| **НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРОВИЗИИ** | ***1.145*** | ***416*** | ***161*** | ***1.722*** | ***1.309*** | ***501*** | ***89*** | ***1.899*** |
| *Приходи по основ на провизии* | 1.298 | 508 | 202 | 2.007 | 1.461 | 617 | 136 | 2.215 |
| *Расходи по основ на провизии* | -153 | -92 | -41 | -285 | -152 | -116 | -47 | -315 |
| **ДИВИДЕНДИ** | ***8*** | ***19*** | ***4*** | ***31*** | ***35*** | ***64*** | ***18*** | ***117*** |
| **НЕТО ДОБИВКИ ОД ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | ***21*** | ***0*** | ***2*** | ***23*** | ***25*** | ***11*** | ***0*** | ***36*** |
| **НЕТО КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ** | ***-9*** | ***288*** | ***-6*** | ***273*** | ***66*** | ***18*** | ***0*** | ***85*** |
| **НЕТО КУРСНИ РАЗЛИКИ** | ***188*** | ***84*** | ***7*** | ***279*** | ***188*** | ***115*** | ***-3*** | ***301*** |
| **ДРУГИ ПРИХОДИ** | ***383*** | ***144*** | ***206*** | ***733*** | ***515*** | ***138*** | ***50*** | ***703*** |
| *Приходи по други основи* | 92 | 30 | 90 | 212 | 169 | 72 | 16 | 257 |
| *Вонредни приходи* | 291 | 114 | 116 | 521 | 347 | 65 | 34 | 446 |
| **ОПШТИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | ***-1.818*** | ***-1.056*** | ***-362*** | ***-3.236*** | ***-2.094*** | ***-1.477*** | ***-271*** | ***-3.842*** |
| *Плати* | -790 | -478 | -175 | -1.443 | -900 | -644 | -133 | -1.678 |
